

АРХИВИ НА НЕВИДЛИВИТЕ

Жените во печатот од Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни

Ивана Хаџиевска
Јана Коцевска



Наслов на изданието:
Архиви на невидливите: Жените во печатот од Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни

Издавач:
Центар за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК)
ул. Баница 24, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Уредници:
Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска

Автор(к)и:
Нада Бошковска
Ивана Хаџиевска
Јана Коцевска
Здравко Стојкоски
Мања Величковска
Фросина Крушкаровска
Марина Мијаковска
Билјана Котевска

Лектура: Татјана Б. Ефтимоска

Дизајн на корица и графичко обликување: КОМА

Печат: Датапонс

Тираж: 200

© ЦИНИК – Скопје, 2021

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ И КУЛТУРАТА

Изданието е финансиски поддржано од Фондацијата „Хајнрих Бел“ – Босна и Херцеговина, Албанија, Северна Македонија и Министерство за култура на Република Северна Македонија.

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania | North Macedonia

Република Северна Македонија
Министерство за култура

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

070:305-055.2(=163.3:397.7)”1918/1939”
050:305-055.2(=163.3:397.7)”1918/1939”
316.66-055.2(=163.3:497.7)”1918/1939”

АРХИВИ на невидливите : жените во печатот од Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни / [автор(к)и Нада Бошковска ... и др.]. - Скопје : Центар за истражување на национализмот и културата - ЦИНИК, 2021. - 180 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Биографии на автор(к)ите: стр. 177-179. - Други автори: Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска, Здравко Стојкоски, Мања Величковска, Фросина Крушкаровска, Марина Мијаковска, Билјана Котевска. - Библиографија: стр. 163-174

ISBN 978-608-66464-3-1

1. Бошковска, Нада [автор] 2. Хаџиевска, Ивана [автор] 3. Коцевска, Јана [автор] 4. Стојкоски, Здравко [автор] 5. Величковска, Мања [автор] 6. Крушкаровска, Фросина [автор] 7. Мијаковска, Марина [автор] 8. Котевска, Билјана [автор]
а) Македонки -- Во печатот и периодиката -- Македонија -- 1918-1939 б) Македонки -- Општествена положба -- Македонија -- 1918-1939

COBISS.MK-ID 55229957

АРХИВИ НА НЕВИДЛИВИТЕ

Жените во печатот од Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни

Уреднички:
Ивана Хаџиевска
Јана Коцевска

Скопје, 2021

СОДРЖИНА

7 ПРЕДГОВОР
Нада Бошковска

17 ВОВЕД
Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска

35 ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ
Здравко Стојкоски
Општествено-политичките околности
во Вардарска Македонија и позицијата на жената

57 ИСТОРИЈА НА ЖЕНИТЕ
Ивана Хаџиевска
Печатот и политичката дејственост
на жените во македонското минато:
теми и примери од учеството на жените
во сферата на јавното и политичкото во 20 век

87 КНИЖЕВНО-КОМПАРАТИСТИЧКИ АСПЕКТИ
Мања Величковска и Фросина Крушкаровска
Книжевната претстава на жената
во печатот меѓу двете светски војни

105 БИБЛИОГРАФИЈА
библиографски опис составен
од Марина Мијаковска

121 РЕГИСТАР НА ЖЕНСКИ ИМИЊА
составен од Јана Коцевска

137 ОСВРТ КОН ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ
Билјана Котевска
Родот, историјата и историографијата:
кон родово сензитивни политики за позиционирање
на родовата еднаквост и родовата видливост како
клучни приоритети за развојот на историографијата
во Македонија

163 КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

175 КОРИСТЕНИ ФОТОГРАФИИ

177 БИОГРАФИИ НА АВТОР(К)ИТЕ

Нада Бошковска

РЕДГОВОР



Пред вас е работата на мала група истражувач(к)и во својата рана кариера, кои за своја мисија во оваа книга си поставија да насочат светлина кон помалку видливите во историјата и со тоа да ги направат видливи. Постојат повеќе групи што остануваат невидливи или во сенка на историската светлина: тие групи биле маргинализирани во своите општества, не создале многу свои пишани дела и најчесто биле одминувани од оние коишто ги формирале официјалните дискурс и историографија. Може да стане збор, на пример, за маргинализирани општествени групи или за дискриминирани малцинства. Во нашиот случај, оние кои се невидливи ни доаѓаат од сите општествени слоеви, и во никој случај не се малцинство: книгата е посветена на македонските жени кои живееле во периодот помеѓу двете светски војни.

Македонското општество било, и до одреден степен сè уште е, многу патријархално. Она што австрискиот историчар Карл Казер го пишувал за семејството на Балканот, важи и за Македонија сè до социјалистичкиот период: огромен дел од населението живеело во селата[1], во комплексните домаќинства кои биле сочинети од неколку родовски поврзани нуклеарни семејства кои, пак, заедно

1 До 1953 година, 75 % од работоспособното население во Југославија работело во земјоделството. (Kaser 2008, 256).

формирале семејна и производствена задруга од којашто живееле. Улогите и просторот за делување биле строго дефинирани од родот и возраста. Условите за живеење во овој сиромашен регион биле на ниско ниво, и можеби токму поради тоа било важно да не се мешаат сферата на мажите со сферата на жените. Традиционалниот поредок бил одржуван од строгите правила што одредувале кој што прави и кој кому му е подреден. За жените кои се мажеле, заминувањето во ново семејство прво значело покорност, а потоа барање на сопственото место во новото семејство. Тие морале да изградат нов идентитет во комплексната семејна структура, идентитет на снаа или на золва, кои по стапувањето во брак го губеле дури и сопственото име: жената станувала „невеста“ и со тоа, доколку била повикувана по име, тоа потекнувало од името на сопругот – Кировица, Кољовица, Лазовица.

Исполнувањето на очекувањата што произлегувале од улогите секако дека можеле да бидат од помош: доколку било јасно какви се статусот и обврските на најмладата и на најстарата снаа, на пример, било полесно тие да се согласуваат и да се вклопат. Иако машките членови на проширеното семејство исто така биле подредени меѓусебно, сепак жените биле на најниското скалило во семејната хиерархија. Освен тоа, нивниот простор за маневрирање бил заточен во тесните стеги на срамот и заканата од загуба на достојноста. Сето ова не треба да нè води до погрешниот заклучок дека жените воопшто немале никакво влијание. Жените имале голема моќ, особено во улогата на мајки. Македонските народни песни се импресивно сведоштво за важната улога која ја играла „старата мајка“. Таа била емоционалниот центар на семејството и „ги држела конците“, кога, на пример, синот или ќерката требало да стапат во брак. Татковците, од друга страна, дури и да не се споменуваат во овие песни.

Жените играле изненадувачки активна улога во Македонската револуционерна организација (МРО) на крајот на 19 и на

почетокот на 20 век. Истражувањата покажуваат дека имало многу задачи што ги преземале жените, како јатаци, курирки, чуварки и пренесувачи на оружје, поттикнувачи на петиции за ослободување на затвореници или поднесувачи на жалби до конзулатите, како групите селски жени кои оделе до Битола и ефективно се жалеле до конзулите за злоупотребите од страна на локалната отоманска власт. Имало и жени кои самите земале оружје и им се придружувале на комитските чети (Boškovska 2017; Ковилоски 2008). Во народните песни се пее и за нив.

Иако во книгата се референцирани студии и пронајдоци од истражувања, општо гледано, историјата на жените сè уште е премалку застапена во македонската историографија. Од една страна, причината за тоа е фактот што досега други прашања биле доминантни во историското истражување, особено потребата за национална афирмација. Периодот помеѓу двете светски војни е обележан со бројните напори на Бугарија, на Грција и на Кралство Југославија да ги потиснат сите знаци на македонската национална свест. Дури за време на Социјалистичка Република Македонија, и само тогаш, институциите успеале да се развијат до толкав степен да им служат на сите важни делови од процесите за национална изградба: образовни институции, културни институции – музеи и театри, и конечно, создавање историска наука која станува наратор на историјата од национална перспектива. И затоа историографскиот фокус бил поставен врз други прашања, а не врз разгледување на положбата на жените или на родовите прашања воопшто. Наспроти тоа, постои засилен фокус врз националната борба и машките херои. Проблемот со соседните земји којшто Македонија го имала од својата независност дополнително ја засилил прикажаната улога на историографијата; повторно, повеќе ресурси биле давани за афирмација на македонската нација, па останатите прашања не го добиле вниманието кое го заслужуваат. Новиот меморијален пејзаж во Скопје, во којшто жените се речиси целосно отсутни, го илустрира тоа на многу добар начин.

Затоа е добредојдена иницијативата на тимот истражувач(к)и, предводени од Ивана Хаџиевска и од Јана Коцевска, кои се посветија на задачата да ги направат видливи жените од меѓувоениот период, истражувајќи за нив и, кога е тоа возможно, давајќи им име и биографија. За таа цел, тимот реши да работи со печат и периодични извори. Три списанија беа детално истражувани и за нив беа составени библиографски описи: списанието „Luč. Mesečni časopis za kulturna, ekonomska i socijalna pitanja“, печатено во Скопје во периодот 1937–1938 година, југословенскиот студентски журнал „Smena“, и списанието „Илюстрация Илинденъ“, печатено во Софија. Списанијата се важен извор, особено оние што имале одредена циркулација која дозволувала тие да влијаат и да го формираат јавното мислење. Во конкретниот случај, мора да се земе предвид дека, од една страна, населението во голем дел било неписмено, а од друга страна, авторите и уредниците на списанијата во никој случај не пишувале од позиција на слобода. Режимот во Кралство Југославија во најголем дел од времето бил репресивен и потиснувал сè што било македонско. Затоа, ретко кој се осмелувал да ги изрази отворено своите погледи доколку тие не биле во согласност со официјалните политички линии. Кога интелигенцијата од „Јужна Србија“ изразувала македонски погледи, власта интервенирала. Домашниот печат бил скоро непостоечки. Во 1938 година, низ Кралство Југославија се печателе и се објавувале 1.223 периодични наслови, од кои само 12 биле во Вардарска Бановина, меѓу кои немало ни еден дневен весник (Бошковска 2019, 327).

Државата ги поддржувала само оние печатени органи од коишто очекувала да ја засилуваат „правилната“ (српска) национална свест, додека другите наслови морало да се „гаснат“ како медиуми од политички причини. Оние кои успевале да останат активни останувале лимитирани најчесто во Скопје. Помеѓу овие печатени медиуми, коишто постоеле само кратко време, било и списанието „Luč“, истражувано во оваа книга. Тоа било продукт на македонската интелигенција и се печатело од

јуни 1937 до мај 1938 година. Некои од редовните автори биле поддржувачи на Обединетата опозиција, други на владејачката Југословенка радикална унија, но повеќето биле партиски неопределени. Нивната политичка ориентација во никој случај не била униформна, сепак српските ултранационалисти успешно повикале на гаснење на списанието (Исто, 115-6).

„Илюстрация Илинденъ“, кое за разлика од „Luč“ се издавало до 1944 година, исто така било субјект на политички влијанија. Неговите автори недвосмислено биле посветени на бугарскиот поглед врз „македонското прашање“. Ова влијание на бугарските национални интереси станува многу опипливо по приклучувањето на Бугарија на Тројниот пакт, на 1 март 1941 година. Претходно, покривањето на темите поврзани со Хитлер и со Третиот Рајх било карактеризирано со фактографски тон. Но, во бројот на списанието од април 1941 година, веднаш се забележува промена – објавен е панегирик на Цар Борис и на Хитлер. На првиот, поради сојузништвото со Германија, а на вториот, поради неговото доживување во тој контекст како божји емисар за Бугарите. Всушност, било славено постигнувањето „единство“ на Бугарите благодарение на Хитлер и тој е опеан како ослободувач и спасител на татковината на Илинденците. До колкав степен уредништвото и авторите на „Илустрација Илинден“ изразувале сопствени ставови низ овие опскурни еулогии, мора дополнително понатаму да се истражува.

Проектот врз којшто е базирана оваа книга е еден од серијата слични проекти во регионот што се фокусираат врз историјата на жените. Неговата цел е да ги комуницира пронајдоците, не само со научната заедница туку и со поширокатa заинтересирана публика. За жал, пандемијата предизвика промена на оригиналниот концепт. Како што работата во архивите и библиотеките стана отежната и скоро невозможна, тимот реши да се фокусира врз материјали достапни во дигитална форма. Оттаму, се праќа и порака дека за истражувачите станува целосно посакувано периодичните извори и печатот што

се издавал на територија на Вардарска Македонија во периодот 1918–1941 година да се истражува поинтензивно. Овие извори се делумно дигитализирани, но потребно е да се продолжи со процесите на дигитализација со цел тие да бидат подостапни за истражувачки цели. Ова особено важи за неколкуте печатени наслови што постоеле во подолг временски период на оваа територија. Веројатно помеѓу најважните наслови е месечното книжевно списание објавувано во Скопје од 1926 година, прво насловено како „Mesečni pregled“, а потоа како „Južni pregled“. Во почетоците, списанието исто така објавувало македонски народни песни и приказни пишувани на македонските дијалекти. Било уредувано од Петар Митропан, предавач на руски јазик на Филозофскиот факултет во Скопје. Списанието наскоро стекнало толку добра репутација што во него објавувале поети и писатели од цела Југославија. Успеало да опстои подолго од кое било друго списание во Македонија – сè до декември 1939 година (Исто, 324).

Мора да се нагласи дека во оваа книга фокусот на истражувањето е целосно врз етнички македонските жени. Регионот на Македонија имал и сè уште има баснословен етнички диверзитет, и секако дека е целосно посакувано да се направат видливи и жените од останатите етнички групи. Сепак, ресурсите и релативно краткото траење на проектот не дозволуваат такво проширување на истражувачкото подрачје, како ни вклучување на дополнителни специјализирани истражувач(к)и кои би можеле да опфатат повеќе групи.

Не е воопшто зачудувачки што истражувач(к)ите од тимот најдоа толку малку текстови чии авторки се жени[2]. Големите поместувања во областа на урбанизацијата, писменоста и правната еднаквост не се случиле сè до периодот на социјализмот и не вродиле со плод сè до 1960-те години. Во периодот помеѓу двете светски војни, југословенска Македонија оста-

2 Една од нив, Милица Радојковиќ, чие име го наоѓаме на страниците на „Смена“ (1931), бидејќи во Скопје во тој период не постоел Правен факултет.

нала запуштена провинција во која државата не само што не инвестирала, туку и го експлоатирала регионот, на пример со плаќање многу пониски цени за тутунот – важна и лукративна агрикултура за државата. Може да каже дека станувало збор за колонијална ситуација. Сиромаштијата била особено впечатлива, здравствената грижа скоро непостоечка, а смртноста на новороденчињата и маларијата „беснееле“ во регионот. Стапката на неписменост на населението била скоро 84 % во 1921 година и само малку се намалила во 1939 година, кога изнесувала 70 % (Исто, 264, 293; Glas Pologa 1939, 4); помеѓу жените неписмености била повисока.

Во тенкиот слој на интелектуалци имало малку жени, кои ретко станувале видливи. Потребна е интензивна архивска работа за тие да бидат лоцирани. Многу почесто, жените се јавувале како објекти на кои им се припишувале улоги и карактеристики. Поканети сте да ги погледнете текстовите на Здравко Стојкоски, на Ивана Хациевска, на Јана Коцевска, на Мања Величковска и на Фросина Крушкаровска, за да добиете слика за тоа, или за тие да ве заинтригираат и да ве упатат кон самостојно истражување на печатот, кое ќе ви биде олеснето со библиографијата составена од Марина Мијаковска.



Ивана Хаџиевска
и Јана Коцевска

ОВЕД

Драги читатели и читателки,

автор(к)ите на книгата која е пред вас ве водат во еден свет којшто повеќе не постои, но врз чии културни основи се изградени многу национални, културни, јазични и родови обрасци од нашиот денешен свет. Особено мислиме на оној свет идентитетски ограден со националното небо. Ние се занимаваме овде со критичко читање делови од националната историја и со интерпретација на наративите за минатото во однос на учеството на жените во нив. Станува збор за периодот од македонското минато конкретно определен во хронотопот на територија на Вардарскиот дел од Македонија помеѓу двете светски војни. Во периодот помеѓу 1918 и 1939 година се случиле бројни политички, економски и социјални промени што поттикнале модернизациски процеси помеѓу населението кое живеело на овој простор. Процесите биле особено значајни во две насоки. Прво, во поттикнувањето на класните раслојувања на овој простор, со бројни наследства од Османлиската Империја. Второ, во односот на различни политички и идеолошки групи од населението кон идентитетските национални прашања, коишто во опфатениот период забрзано започнале да се контекстуализираат во пошироките европски политички процеси и идеологии.

Ние во тој свет најмногу се интересираме за секојдневниот живот и за реалноста на жените од градовите и селата на територија на Вардарска Македонија. Конкретно, се осврнуваме на промените коишто 20 век им ги донел на жените во политичка смисла, во однос на нивната видливост во јавната сфера. Видливоста на жените ја бараме во печатот како експлицитен вид на медиум. Истражувачкиот фокус го посветивме на три различни периодични извори од областа на националните и социјалните прашања: „Илустрација Илинден – издание на Илиденската организација“, „Луч – месечно списание за културни и социјални прашања“ и „Смена – гласник на југословенските студенти“.

Наодите од периодичните извори ги систематизираме во форма на тематска и специјализирана библиографија која дава попис на појавноста на жените како субјекти и објекти во содржините на печатот. Систематизација на наодите е направена и во Регистарот на имиња, каде што се детектирани на директен начин имињата на жените кои се среќаваат зад насловите на содржините во печатот, со што библиографијата е дополнително разработена во однос на нејзината тема. Овие два носечки дела на книгата се анализирани низ три авторски текстови од областа на историографијата и книжевноста. При формулирањето на теоретско-методолошката рамка на истражувањето, увидовме потреба, но и одлична можност за испитување на состојбата на родовите прашања во историографијата, во областа на библиотечната и архивската дејност. Оттаму произлезе и експертски документ посветен на преглед на јавните политики во образованието и културата, којшто е дел од оваа книга.

Печатот како важен извор за реконструкција и анализа на историјата на жените

Пред да ги објасниме причините зошто изборот „падна“ токму на овие три периодични извори и кој беше методот, или буквално – „патот“ што го избравме за од изворите да исцрпиме библиографски описи и тематски знаења, сметаме дека е важно накратко да се осврнеме на поопштото прашање – зошто е важно да се истражува печатот и периодиката во насока на продлабочувањето на знаењата за историјата на жените?

Печатот и ретката периодика како истражувачки извори обезбедуваат комплексна и богато нијансирана слика за модерните култури, бидејќи содржините во овие извори се занимаваат со општеството во најширока смисла. Според експерт(к)ите во ова поле, многу списанија од општ вид, и особено женски или феминистички печат (онаму каде што се јавил во текот на 19 и 20 век), се особено важен извор за реконструкција на историјата на жените. Ние тргнуваме од премисата за потребата од посебно експонирање на историјата на жените како главен аспект во димензионирањето на истражувањето, бидејќи сме согласни со сфаќањето дека патријархалните и андроцентрични традиции во досегашните општества предизвикале официјалната меморија и јавното архивирање да се филтрира најмногу низ машкиот поглед и патријархалните перспективи за поредокот. Според тоа, во периодичните извори бараме и наоѓаме тематски прилози за многу аспекти од положбата на жените во општествата, за нивното образование, учество во јавноста, во професионалниот живот, во поголеми и помали локални, но и пошироки, историски настани, како и за афирмирањето на жените како авторки.

Од друга страна, пак, низ анализа на периодичните извори, можеме да дојдеме до интересни заклучоци за моќта на јавниот дискурс и за тоа кој ја артикулирал таа моќ. Најголем дел од медиумите, различни списанија, весници, билтени, органи и

гласила, биле поседувани, создавани, уредувани и менацирани од мажи кои произлегувале од патријархални контексти. Тоа влијаело врз создавањето и наметнувањето културни, социјални, морални и вредносни обрасци во јавноста. Моќта на медимускиот дискурс, во зависност од политичкиот и идеолошкиот произлез на поединците и групите кои учествувале во печатената култура, ја вкалапувал жената најчесто како мајка на нацијата, маченичка, народна хероина. Од другата страна на тој спектар – се критикувале улогите и активностите на жените што не биле посакувани за поредокот. Во нашето истражување, родовите обрасци се испреплетуваат и се пресекуваат најмногу со националните идентитетски обрасци, што дополнително ни кажува за историскиот контекст на периодот кога настанале истражуваните извори. Со избраните периодични извори, имавме можност да ја проучуваме историјата на жените од ова поднебје во контекстот на воспоставените официјални национални наративи за историјата и во *мастер* наративите[1] за минатото. Со тоа, сметаме дека ја збогатуваме националната историја со уште еден аспект – историјата на жените[2]. Воедно, овој пристап може да придонесе и во општа смисла: за критички пристап кон наративите за националното минато и за де-

1 Мастер наратив е теоретски концепт којшто го користат истражувачите на нациите за полесно разбирање и објаснување на причините зошто одредени наратолошки конструкции за нацијата станале доминатни во одредени делови на Европа. Овој концепт е важен бидејќи токму низ мастер наративите за колективното минато луѓето ги градат и ги рационализираат сликите за минатото и полесно се идентификуваат со посебни верзии на минатото. Критичката анализа на мастер наративите не подразбира некакво конечно исчезнување или дисолуција на овие наративи. Концептот предлага длабока анализа на механизмите и условите за „вечното" конституирање и деконструирање на мастер наративите. Сепак, анализата не е можна со едноставно прегледување на историјата на идеите и текстуалните интерпретации. Потребно е да се поставуваат и прашања за културните и политичките релации на моќ во општествата кои се национално конституирани (Berger 2006, 9).

2 Иако во домашните научни полиња во општествените и хуманистичките науки и компаративната книжевност не постои посебна дисциплина која ја проучува периодиката (студии за периодика), темелите на истражувањата на периодични извори се поставени од публицистот и прв доктор од областа на новинарството – Боро Мокров. Тој особено ги има истражувано почетоците на периодичната култура на територија на Македонија, како и емигрантскиот печат помеѓу двете светски војни. Во неговите студии има осврти и кон печатот којшто е во фокус и во оваа книга (Мокров 1980; 1988; Мокров и Груевски 1993).

конструкција на улогата на жените, која во процесите на национална изградба, како и во други историски настани, најчесто е романтизирана или дадена во форма на анегдота.

Метод и пристап кон истражуваните периодични извори

Изворните истражувачки материјали користени во оваа книга се дел од збирката за ретка периодика која се наоѓа во НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје. Од информациите што ги стекнавме во процесот на подготовката за работа, дознавме дека Одделението за ретка периодика располага со околу 200 наслови од различен формат, со годишта во 19 и 20 век. Од овие наслови, на платформата на Дигиталната библиотека (dlib.mk) при институцијата се дигитализирани вкупно 22 наслови. Изборот на трите периодични извори кои се фокус на истражувањето беше условен од два фактори: првиот фактор се однесуваше на потребата изворите да се податни со содржини од кои може да се реконструира историјата на жените како учеснички во јавната сфера во своите локални и национални заедници; вториот фактор произлезе директно од пандемиските услови кои ја зафатија планетата во периодот 2020-2021 и потребата да се работи со извори што се целосно дигитализирани и слободно достапни, поради отежнатата работа и пристапност до библиотеките и архивите.

Во однос на првиот фактор, мора да појасниме дека во македонскиот случај, во текот на 20 век не постоеле стриктно женски, уште помалку феминистички списанија, како што е случајот со други земји од поблиското балканско опкружување[3]. Сè до 1944 година и појавата на „Македонка – Орган на АФЖ Маке-

3 Неколку примери се: „Женски глас" (1899 – 1944) (Бугарија); „Жена" (1911 – 1914) (Кралство Србија); „Домаћица" (1979 – 1941) (Кралство Србија; Кралство Југославија), „Женски покрет" (1920-1938) (Кралство Југославија); „Хрватица" (1939 –

донија“ (1944 – 1953), жените во печатената култура не се одвоени од општите весници и списанија, а таму се главно ставени во патријархален дискурс, соодветен на положбата на жените и на женското прашање на овие простори во тој период. Токму затоа, моравме од корпусот на дигитализирани периодични извори во домашните библиотеки да избереме списанија што на полифоничен начин ја отсликуваат реалноста на населението и, ова до некаде пионерско истражување, да го започнеме од нив.

Во однос на вториот фактор, имавме за цел ограничувањата на пандемијата коишто длабоко се одразија во истражувачките процеси да ги претвориме во потенцијал за поттикнување процеси на дигитализација на истражувачки извори. Имено, најголем дел од библиотечните збирки во периодот на пандемија беа затворени, а работата и посетите на истражувачите во архивите, институтите и библиотеките беше отежната или привремено прекината поради новонастанатите услови на работа на далечина или други начини на работа во овие институции, наметнати од условите.

„Илустрација Илинден“ бил орган на Илинденската организација и на македонската емиграција во Бугарија. Списанието се печатело во Софија, на бугарски јазик, во периодот од 1927 до 1943 година и припаѓало во категоријата на списанија со највисок тираж. Програмските цели на списанието биле зачувување на споменот на Илинденското востание и на сите борци кои учествувале во народните движења за ослободување на Македонија и стекнување со автономен статус, без разлика на нивните идеолошки определби. Во списанието сеопфатно се прикажувал животот во селата и во градовите низ Вардарска Македонија, придружено со бројни наративни, графички и фотографски описи, низ експлицитно романтизирање и патриот-

1941) (Хрватска, Кралство Југославија). Локално, една од попознатите женски периодични публикации била „Календар Вардар“, издаван од српското патриотско и конзервативно женско хуманитарно здружение „Коло српских сестара“ (1906-1913; 1920-1940).

ски сентимент. Во однос на појавноста и видливоста на жените во „Илустрација Илинден“, детектираните прилози тематски може да се поделат на следните области: жените како главни згрижувачи и негувателки во/на заедницата; жените како учеснички во народните движења; и жените и девојчињата во образованието и училишните мрежи. Кога жените се јавуваат како авторки на текст во разгледуваните периодични извори, тие се најчесто авторки на новинарски жанрови како биографии на мажи важни во локалната заедница, на патеписи, како и авторки на поезија и проза во романтичарски, сентименталeн и патриотски дух.

„Луч“ и „Смена“ се списанија на српски јазик што се објавувале и циркулирале во Вардарска Македонија, но најмногу во Скопје. „Луч“ се печател во Скопје и претставувал простор за автори кои сакале да пишуваат за локални културни и социјални теми, со блага наклонетост кон левите идеологии и поддршка до работничкото движење. „Смена“ било студентско списание кое циркулирало низ центрите за високо образование насекаде низ Кралството Југославија, а главна врска со Скопје бил Филозофскиот Факултет. Овие списанија тематски се занимавале со социјалните и политичките околности на населението во историски контекст на Кралството Југославија. Во нив доминира дискурсот на политиките на југословенските, особено српските политички елити во однос на македонското прашање[4] („Смена“), односно дискурсот на претставниците на новите социјални и економски, работнички слоеви и приближувањето на левичарските идеи на ова поднебје („Луч“).

Во разгледуваните списанија печатени на српски јазик жените почесто се јавуваат како авторки, и тоа на модерни форми на поезија и проза во кои се занимаваат со своите внатрешни чувства и ставови. Во споредба со „Илустрација Илинден“, од

4 Терминот „македонско прашање“ се однесува на борбите во 19 и во 20 век за политичката судбина на Македонија, за време на постепената дисолуција на Османлиската Империја и по нејзиното конечно повлекување од регионот.

списанијата на српски јазик се извлечени помалку библиографски единици, а причината за тоа е помалиот број годишта во коишто биле издавани. Но, важно е што низ овие три меѓусебно длабоко различни печатени медиуми се доловува комплексното испреплетување на политичките и националните контексти, каде што родовите карактеристики на текстот и контекстот се јавуваат како дополнителен показател за формите на дејственост на жените во јавната сфера.

Библиографиите како детективски приказни

Во однос на методот на составување на библиографскиот дел од книгата, станува збор за тематски специјализирана библиографија, селектирана од три целосно дигитализирани списанија: „Илустација Илинден“, „Луч“ и „Смена“, коишто се наоѓаат на дигиталната платформа на Националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Библиографијата е составувана според интернационалниот стандард ISBD(CP) – International Standard Bibliographic Description of Component Parts, и тоа како скратена верзија на тој стандард, во која е изоставено името на списанието и ISSN бројот, но е задржана пагинацијата, за поголема јасност и прегледност на библиографијата.

Принципот по којшто во текот на истражувачкиот процес се селектираа библиографските внесови беше детектирањето текстуални прилози каде што жената се јавува како субјект или главен објект во текстот, без разлика на полот на авторот на тој текст. Многу почесто жената во списанијата кои се печателе и/или циркулирале на територија на Вардарска Македонија се јавувала како објект на текстот пишуван од машки автор. Во прегледот на „Илустрација Илинден“, детектиравме вкупно 72

библиографски единици; во „Луч“ – девет и во „Смена“ – шест библиографски единици. Дискрепанцијата во бројот на библиографските единици се должи на различното времетраење и годините на издавање на печатот, при што „Илустрација Илинден“ се печатело во текот на три декади, додека останатите две истражувани списанија „Луч“ и „Смена“ егзистирале на медиумската сцена многу пократко.

Иако библиографиите главно се користат како сувопарни помагала или информациски средства во академските истражувања, ние сметаме дека тие може да се замислат и да се користат и како „детективски приказни“, коишто нудат траги за откривање на „случаи“, т.е. конструирање микроисторији за жените од македонското минато за кои знаеме само делови од приказната. На овој начин се создаваат нови образовни и научни патишта за создавање уште попрецизни методологии при библиографските описи на периодичните извори, но и се поттикнуваат читателите да градат истражувачки и критички пристап кон наративите за минатото, особено за улогата на жените во македонското минато. Тоа значи дека жени кои досега во најголем дел и од одредени причини биле маргинализирани или целосно непознати во наративите за националното минато сега се стават во заеднички контекст. На пример, се надеваме на проширување на сознанијата за дејноста на хуманитарката Захарија Василева Шумљанска во Битола, во однос на нејзината соработка со друга хуманитарка – Тима Икономова. Понатаму, фасцинантна е повеста за групата учителки од Охрид, каде што се истакнале Аспасија Мишева Каневчева, Евтимица Јанчулева и Славка Пушкарова, кои на крајот на 19 и почетокот на 20 век дејствувале во своите заедници јавно како интелектуалки, а тајно како учеснички во македонските револуционерни организации, а освен тоа се вмрежувале и во женско здружение кое самите го формирале. Чести се и записите во кои жените се јавуваат како храбри народни борци, изедначени со мажите. Во овие сведоштва на необичен начин, којшто допрва треба добро

да се истражи, се испреплетуваат семејните со колективните мотиви и услови за учеството на жената во јавната сфера и особено во сферата на борбата и воинственоста која силно е сврзана за мажите и машкоста. Таква е повеста за двете јатрви од битолското село Лера – Сребра и Донка Ушлинови, кои во склоп на семејните односи со членови кои биле поврзани во револуционерни дејствија, и самите се вклучиле во борбените активности, па и покрај семејниот статус на сопруги и мајки во селска средина, тие облекувале четничка облека или воена униформа.

Како прилог на библиографијата е Регистарот на имиња. Тој се состои од имињата и презимињата на жените кои се детектирани во истражувањето. Таму каде што беше можно, имињата се придружени со биографски податок и библиографска врска со текстуалните содржини во печатот каде што се пронајдени. Фокусот е ставен врз проширување на информациите за жените во конкретно извлечените наслови во составената Библиографија. Но, освен тоа, Регистарот оди и чекор понатаму, детектирајќи имиња во насловите кои, поради методолошката рамка на книгата, не влегле во Библиографијата. Целта е да се постави основа за понатамошно истражување на био-библиографските портрети на жени чија улога во заедниците веројатно била значајна, а останале изоставени од историографските и од книжевните наративи.

Важно е да нагласиме дека иако во истражувачкиот процес се користевме со алатки на академскиот научен апарат, нашиот пристап сепак е главно есеистички. Тоа значи дека оставаме простор за читателот и читателката, доколку е заинтригиран(а) од одредено прашање, сам(а) да се впушти во подетална истрага. Ова особено се однесува на комплексните прашања од националната и политичката историја, кои се важен дел од контекстот што нè интересира, но сепак не се главен фокус на истражувањето.

Веруваме дека по читањето на оваа книга, читател(к)ите ќе дознаат дека светот во којшто живееле и активно дејствувале жените кои се предмет на библиографијата бил свет на глобални и транснационални испреплетувања, на големи идеолошки движења и политички поместувања, во кои овие жени активно учествувале во своите заедници. Свет којшто можеби, наспроти нашите предубедувања, денес не можеме толку лесно да го разбереме, колку што лесно имаголошки си го замислуваме, најчесто со користење веќе вкоренети фолклорни и романтични елементи.

Наоди од истражувањето

Библиографијата е „оживеана“ и теоретски опремена и со придружните три авторски текстови, коишто на читателите им ги приближуваат и им ги прават разбирливи историографските, родовите, книжевните, антрополошките и јазичните аспекти на појавноста на жените во истражуваните периодични извори. Темите што се обработуваат во авторските текстови се замислени како кохезивни перспективи коишто се надоврзуваат една на друга, со цел да го олеснат разбирањето на библиографијата. Прв е поместен текстот на Здравко Стојкоски, во којшто тој се осврнува на историскиот контекст, на политичките и социјалните околности на периодот во којшто настанале истражуваните извори. Тој ги појаснува општествените фактори што ги условувале различните видови идентитети и политички мотивации на населението, како важен претекст за положбата на жените во приватната и јавната сфера.

Доминантните теми во коишто жените се јавуваат во детектираните содржини на библиографиите се анализирани во текстот на Ивана Хаџиевска, во којшто низ призмата на историјата на жените се анализираат жените како историски субјекти со различни видови дејственост во заедницата, во сфе-

рата на образованието, на националните движења и на хуманитарната дејност.

Со јазичните, книжевните и симболичките аспекти на појавноста на жените од македонското минато во печатот од периодот пред постоењето на кодифициран македонски јазик се зафаќаат Мања Величковска и Фросина Крушкаровска во коавторски текст за позиционираноста на женските ликови и за лирските субјекти и објекти во текстовите.

За составувањето на библиографијата се погрижи виш библиотекар Марина Мијаковска. Со систематизирањето и попис от на текстови од периодичните извори на ваков професионален начин, се олеснува пребарувањето низ периодиката, но се заострува и погледот кон секојдневието на жените од истражуваниот период. Последователниот Регистар на имиња, составен од Јана Коцевска, помага во директно лоцирање на жените, со име и презиме и кратка биографска белешка, во содржините детектирани во библиографијата.

На крајот на книгата е поместен и Осврт кон јавните политики подготвен од Билјана Котевска. Целта на овој експертски документ е да ги следи погоре наведените цели за поттикнување институционален одговор на едукативните и научните предизвици при истражувањето на историјата на жените од македонското минато и на потребата за дигитализација на извори.

Важната улога на консултант во процесот на формулирањето на истражувачките прашања и методолошката рамка на целокупното истражување ја имаше проф. д-р Нада Бошковска, на која сме ѝ неизмерно благодарни. Нејзиниот приод кон темата и тимот нѐ насочи кон нови сознанија, но и прерасна во една од најдрагоцените работи во истражувачката дејност – менторство. Токму затоа, таа е авторка на предговорот на книгата.

Архиви на невидливите жени или невидливи архиви за женската историја?

Книгата е насловена „Архиви на невидливите“ со цел да се осврнеме на два важни термини што суштински ја допираат целта на нашето истражување и неговите епистемолошки хоризонти. Терминот „невидливи“ го користиме за да алудираме на еден основен аспект на истражувањето, а тоа е трагањето по жените во содржините на списанија што се општи, а не специфично женски списанија. Имено, како што спомнавме и погоре, сè до 1944 година и до појавата на печатот „Македонка – орган на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија“, на територијата на Вардарска Македонија не постоело списание кое било женско, уште помалку феминистичко. Со терминолошката асоцијација за *невидливоста,* сакаме да ја подигнеме свеста за селективноста или ексклузивноста на историографскиот и книжевниот канон кон жените како авторки, субјекти или објекти во печатените извори.

Терминот „архиви“ го користиме за да ги врамиме наодите од истражувањето во сериозната претпоставка за архивирањето како основа за акумулирањето, зачувувањето, и на крајот, и канонизирањето на изворите од историјата на жените. Со овој термин се осврнуваме кон потребата од сериозен и систематски пристап за собирање, систематизирање, селектирање, зачувување и истражувачко интерпретирање на зачуваните извори од областа на историјата на жените. Освен тоа, со формулата „архиви на извори од историјата на жените“ сакаме да одиме и чекор понатаму, следејќи ги практиките од регионот и светот: дигитализација на изворите, со што се зголемува демократичноста и пристапот до нив, но и се поттикнува користењето веќе дигитализирани извори, со што надлежните институции се чувствуваат поттикнати да ја продолжат својата работа за дигитализација на изворите и истражувачките материјали. Во таа

насока, интегрален дел на овој истражувачки проект е и создавањето дигитална база на извори од областа на историјата на жените, која е предвидена континуирано да расте и да се развива заедно со придружни електронски научни и едукативни материјали што би биле корисни за различни општествени чинители. Ова го реализиравме низ создавањето на веб-страницата nevidliviarhivi.mk.

Така, книгата всушност има двојна цел, покрај онаа најважната и најопштата – да ги збогатува сознанијата од областа на историјата на жените на нашето поднебје. Првата цел е да направи чекор кон создавање база за собирање и зачувување на едно место, нови и веќе постоечки извори и знаења поврзани со темата. Другата цел е да поттикне крос-институционална соработка која би придонела за поврзување на актерите и чинителите што имаат интерес да се занимаваат со историјата на жените на академски, едукативен и активистички начин. Веруваме дека овие цели би придонеле кон исчекор во однос на научниот напредок на национално ниво, во смисла на образовна и дигитална еманципација.

Овој истражувачки проект немаше да биде можен без соработката и поддршката од нашите партнери: Фондацијата „Хајнрих Бел“ – Канцеларија во Сараево, Министерство за култура на Република Северна Македонија и Град Скопје. Особено сме благодарни за соработката со Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.[5] Искажуваме благодарност и до останатите членови на ЦИНИК – Скопје, кои не беа директно вклучени во овој проект, но многу придонесоа за квалитетот на крајниот резултат со своите коментари и забелешки.

5 Ставовите, мислењата и методологијата зад изработката на оваа книга изготвена од ЦИНИК-Скопје припаѓаат на автор(к)ите и издавачот, и не ги изразуваат ставовите, мислењата и методологиите на споменатите партнери. Издавањето на книгата е стриктно за непрофитни цели.

I

Здравко Стојкоски

СТОРИСКИ КОНТЕКСТ



Општествено-политичките околности во Вардарска Македонија и позицијата на жената

Периодот меѓу двете светски војни, меѓу 1919 и 1939 година, бил пресвртен период во многу аспекти на општественото живеење, како во глобални светски рамки, така и во поблискиот балкански контекст. Едни од тие аспекти биле и меѓународните односи, поточно прашањето за положбата и правата на жените во општеството. Голем дел од овие промени трајно ги обликувале подоцнежните околности, а нивниот ефект, во голема мера, се чувствува и денес.

Овој текст ќе се обиде, во рамките на расположливиот простор, да даде една општа слика на околностите што владееле во Вардарска Македонија, како составен дел од Кралството Југославија, а преку неа и од регионот и, пошироко, од светот. Во тој контекст ќе бидат претставени и околностите во кои жената тука можела да егзистира, да дејствува и да биде видлива во пошироко општество. Притоа, целта е не само да се прикажат историските прилики, туку и да се отворат одредени прашања, пошироки размислувања и компаративни анализи околу местото и улогата на жените од ова време, нивната борба и предизвици, како и наследството кое тие го оставиле за наредните генерации.

Светот по Големата војна

Краткиот период од 20 години меѓу двете големи светски војни на 20 век можеби најдобро може да се опише како „доба на крајности“ (Hobsbawm 1994). Крајот на Првата светска војна, уште позната и како „Големата војна“, означил нова ера во меѓународните односи. Версајскиот мировен договор од јуни 1919 година ја прекроил европската мапа на држави. Старите империи, како Австро-унгарската, Османлиската и Руската Империја дефинитивно заминале во историјата, а на нивно место се појавиле повеќе нови држави, бројно и територијално помали, но во етнонационален поглед (по)хомогени творби.

Променетите меѓународни односи создале нови поделби и конфликти меѓу застапниците на новиот поредок и неговите противници. Во економски поглед, крајностите се движеле од првичниот оптимизам за обнова, просперитет и забрзан индустриски и технолошки развој, до големата економска криза и депресијата по 1929 година, со сите нејзини последици по животот на обичните луѓе. Економската криза, сиромаштијата и социјалната нееднаквост довеле до криза на либералната демократија и пораст на радикалните идеологии, во прв ред на комунизмот и фашизмот. Успехот на Октомвриската револуција во Русија од 1917 година им дал надеж на милиони сиромашни и потчинети луѓе низ светот дека, преку една посветена и револуционерна борба, е можно создавање на едно радикално поинакво и поправедно општество. Истовремено, на другата страна се појавиле милитантниот фашизам и нацизам, коишто сакале по секоја цена да го преуредат светот според сопствените вредности засновани врз екстремниот национализам, екстремизам и расизам. Победата на последниве во Италија, а подоцна и во Германија, во Шпанија и во други земји, како и непомирливите

идеолошки разлики кои постоеле довеле до тоа новиот глобален воен судир да стане неизбежен[1].

Во такви околности на „несигурен мир“, се одвивала и борбата на жените за остварување на сопствените права и за подобро место во општеството. Така, во долгата историја на борбата на жените за рамноправност, за 1920-те години се зборува и како за „прв феминистички бран во светот“ (Sanders 2001). Тоа е време кога жените од разни места низ светот го кренале својот глас во борбата за поголеми политички права и за остварување на универзално право на глас. Октомвриската револуција и повеќето придобивки кои ги добиле жените во Советскиот Сојуз, колку и да биле привремени и ограничени – како, на пример, правото на абортус – дале дополнителен поттик во јакнењето на меѓународното женско движење (Godsi 2021, 14).

Генерално, жените, меѓу двете светски војни, во многу земји ја подобриле својата позиција во општеството. Тие добиле поголеми политички права, вклучително и правото на глас, можности за вработување надвор од домот, се проширил нивниот опфат и застапеноста во образованието, во печатот, во литературата и генерално се засилила нивната улога во општеството (Walters 2005, 86-88). И покрај извесните успеси, рамноправноста ни оддалеку не била постигната. Во многу земји, вклучително во некои од најлибералните западни земји, како и во комунистичкиот Советски Сојуз, и понатаму се задржале силни патријархални елементи што ѝ давале првенство на традиционалната женска улога како носител на семејството. Во следните години, жените ги очекувале нови борби, чии конкретни резултати ќе се забележат дури во годините по Втората светска војна[2].

1 Повеќе за општествено-политичките односи во светот по Првата светска војна, може да се види во: Henig (1995); Hobsbawm (1994): 21-222 или Pelz (2016): 115-156.

2 За положбата на жените и нивната борба за рамноправност, во овој период, повеќе во: Walters (2005): 86-97; Sanders (2001) и Francisca (2015).

Кралството Југославија во новиот „светски“ поредок

Една од новите држави кои се појавиле на историската сцена со Версајскиот систем на односи била Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, од 1929 година, позната и како Кралство Југославија[3]. Тоа требало да претставува израз на стремежот за обединување и единство на јужнословенските народи. Меѓутоа, од самиот почеток државата се соочила со мноштво поделби и противречности. Според уставот од 1921 година, Кралска Југославија била утврдена како унитарна парламентарна монархија заснована на „интегралното југословенство“. Официјалната државна идеологија признавала три конститутивни народи: Србите, Хрватите и Словенците, со дополнување дека, всушност, се работи за „еден народ, со три различни имиња“ (Wachtel 2008, 103; Petranović 1988). Ваквата политика во прв ред го привилегирала најбројниот етнос во земјата, Србите, и посебно српските политички и граѓански елити, блиски до кралската династија Караѓорѓевиќ. Последниве биле и главните и најдоследни поборници на идејата за унитарно југословенство. Наспроти нив, поголемиот дел од останатите непризнати народности, меѓу кои и Македонците, но и повеќето Хрвати и Словенци и нивните политички елити, имале големи резерви во однос на оваа национална идеологија, а многумина отворено се спротивставиле и ја отфрлиле. Сите тие инсистирале повеќе на сопствената етнонационална посебност отколку на јужнословенското единство и на лојалноста кон српскиот крал. На тој начин, прокламираното национално единство, на кое упорно, а често и со сила, инсистирале српските владејачки елити и нивните приврзаници било во спротивност со реалноста која зборувала за Југославија како прилично хетерогена земја со разновидни региони, етнички и верски групации, кои претходно долго време живееле во различни услови и, според тоа, биле

3 За природата и карактерот на Кралството Југославија види во: Petranović (1988); исто и: Perović and others (ed.) (2017): 349-550.

на различен степен на политичкиот, економскиот и културен развој. Ваквите, ќе се покаже, непомирливи разлики лежеле во основата на комплексните политички и социјални односи и на бројните конфликти што ја обременувале земјата од самото нејзино формирање.

Во краткиот период на своето постоење, Кралска Југославија се соочила со бројни премрежја и предизвици, кои повеќето не успеала да ги разреши и со тоа да изгради минимум кохезивни елементи што би обезбедиле стабилност, интеграција и заедничко живеење на различните интересни групи и идентитети во земјата. Причините за тоа треба да се бараат во мноштво комплексни фактори, како слабоста на демократските капацитети, големите поделби и судирите меѓу главните политички сили кои кулминирале во 1928 година со убиство во Парламентот, последователното воведување на кралската диктатура од јануари 1929 година, хроничната неефикасност на државните органи, репресивниот воено-полициски апарат, којшто сурово се справувал со сите кои се спротивставувале на официјалната политика и многу други. На тоа треба да се додадат и неповолните економски околности, карактеристични за целиот меѓувоен период. Државата страдала од недоволен и нерамномерен економски развој, како и голема социјална нееднаквост и сиромаштија, што довело до силно народно незадоволство и социјални судири.

Неповолните надворешнополитички околности и светската економска криза само дополнително ја влошиле ситуацијата. Како „Версајска творба“, Југославија во меѓународната политика била блиска до земјите победнички во Големата војна, во прв ред со Франција и Велика Британија. Наспроти тоа, имала проблематични односи со ревизионистичките држави што се противеле на новиот поредок. Некои од нив, како Италија, Бугарија и Унгарија, имале и отворени претензии спрема делови од југословенската територија. Меѓународната позиција на Југославија дополнително се комплицирала со доаѓањето на

нацистите на власт во Германија во 1933 година и особено по убиството на кралот Александар во Марсеј, следната година. Атентатот бил извршен од страна на припадникот на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) Владо Черноземски, а организиран од страна на хрватското усташко движење на Анте Павелиќ и со логистичка поддршка на фашистичка Италија. Во наредните години, владејачките елити очајно се обидувале да ја задржат земјата надвор од новиот воен конфликт во Европа, којшто станувал сè поизвесен. И тоа најпрво преку приближување до нацистичка Германија, а потоа и со договорот Цветковиќ-Мачек, од август 1939 година, кој требало да го реши хрватското прашање. И покрај тоа, земјата не успеала да ја избегне војната, а брзиот пораз што кралската војска го претрпела во Априлската војна од 1941 година довел до нејзиниот целосен распад и поделба. Тоа означило почеток на една нова борба за слобода, а воедно и нова ера во односите меѓу југословенските народи.

Кралството Југославија не било позитивен пример ни кога станува збор за правата на жените и на останатите ранливи групи граѓани. Жената тука, во предвоениот период, ја задржала својата традиционална улога во семејството, останувајќи главно надвор од пазарот на трудот. Исто така, за разлика од некои европски земји, југословенските жени не добиле право на глас, а со тоа ни можности за посериозно учество во политичкото одлучување и во поширокиот општествен живот во целина (Wachtel 2008, 104). Новите околности што настанале со поделбата и окупацијата на земјата истовремено означиле и нов почеток на женската борба за рамноправност и достоинствен живот на овие простори (види и: Пољак и Иванова, 2019).

Вардарска Македонија; меѓу интеграцијата и (де)национализацијата.

Версајскиот мировен договор од 1919 година, со мали измени, ја санкционирал поделбата на географската област Македонија воспоставена со претходните војни. Делот што влегол во составот на Кралството СХС или Југославија станал познат како Вардарска Македонија[4]. Во административно-територијален поглед, овој регион најпрво бил поделен на: Скопска, Битолска и Брегалничка област, а од 1929 година, со новата територијална поделба на Кралството, влегол во составот на Вардарска бановина. Седиштето на бановината било во Скопје, а освен Македонија, таа вклучувала и делови од денешно Косово и јужна Србија.

Општествено-политичките околности во југословенска Македонија биле во тесна зависност од општата состојба во Кралството, како и од нејзината регионална и меѓународна позиција. Српските административно-политички и воени елити, кои ја презеле целокупната власт, кон оваа територија се однесувале како кон „историски" српска земја, за која српскиот народ давајќи големи жртви се изборил во претходните војни, па според тоа и природно му припаѓа. Во тие рамки, термините Македонија и македонски биле исклучени од српскиот и југословенскиот политички живот. Место нив, најчесто се зборувало за „јужна Србија" и за „нашиот југ", а за населението како за Јужносрбијанци.

Од самиот почеток, властите биле свесни дека големото мнозинство од населението не се идентификува според горните одредници, на кои се спротивставува и не сака да ги прифа-

4 За периодот на Македонија меѓу двете светски војни, а во тие рамки и на Вардарска Македонија, постои бројна историска литература. За потребите на овој текст, во најголем дел беа користени: Boškovska (2017); Катарџиев (1977); Rossos (2008) и Heraclides (2021).

ти како свои. Тоа се препишувало на економската и културна заостанатост на народот, како и на влијанието на бугарската политичка, образовна и верска пропаганда од претходниот период. Истовремено, тие биле убедени дека со примена на една строга и систематска политика на „национализација“, за многу брзо време ќе успеат да ја променат свеста на народот и успешно ќе го интегрираат во рамките на српската и југословенската нација. Успехот на ваквата национална политика се сметал за еден од клучните за опстанокот на српството на овие простори, но и за Кралството во целина. Спроведувањето доследна и цврста политика на „србизација на Македонија“ требало да прати јасна порака и кон останатите сепаратистички движења во земјата, а особено во однос на хрватското прашање (Boškovska 2017, 37).

Мерките што се преземале за остварување на наведените цели вклучувале активности од политичко-пропаганден, културно-образовен и репресивен карактер. Тие се спроведувале преку државните органи, вклучително и репресивните органи на полицијата и војската, потоа политичките партии, печатот и останатите легални граѓански организации. Сите тие имале српски карактер во своето делување и главно ги вклучувале српските доселеници и колонисти, како и малубројните лојални елементи. Поголем дел од локалното население, независно од верската и од националната припадност, било исклучено од можноста за државно вработување, како и од посериозно учество во општествениот и политичкиот живот. Политичките партии и чиновничкиот апарат, на разни начини, се труделе да ја стекнат довербата и лојалноста на локалното население, особено за време на избори. Сепак, таквите напори не вродиле многу со плод, а недовербата која постоела меѓу македонското население и режимските власти останала константна во текот на целиот период. Причините за таквата состојба треба да се бараат и во репресивниот државен апарат, во рестриктивните закони и ограничувања на правата и слободите на граѓаните, како

и во суровоста со која властите се справувале со прокламираните непријатели и останатите прекршители на „редот и законот“.

Во економски поглед, Вардарска Македонија била еден од најнеразвиените региони на кралска Југославија. Таа, во целиот овој период, останала доминантно рурална, земјоделско-сточарска земја, со слаба инфраструктура, лоша урбанизација и неквалитетна здравствена заштита. Индустриските претпријатија биле малубројни, со малку работници и со неконкурентно производство. Работништвото главно се регрутирало меѓу железничките и монополските работници, занаетчиите, трговците, како и надничарите и исполичарите. Очекувањата на народот за подобрување на состојбите, побрз економски раст и поправедна распределба на земјата не се остварile. Владејачките структури, кои и самите страдале од хронична неефикасност, неодговорност и корумпираност, освен за спроведување на националната политика, скоро и да не се грижеле за задоволување на потребите и барањата на широките народни маси и за подобрување на нивната материјална состојба. Во текот на целиот меѓувоен период, Вардарска Македонија останала суровинска база за извлекување евтини производи. Сето тоа претставувало уште една многу важна причина за големото незадоволство на народот од и онака непосакуваниот режим. Така, и покрај нејзините обиди за „интеграција“ и „национализација“ на земјата, српската управа во Вардарска Македонија, главно, останала запаметена како: туѓинска, асимилаторска и окупаторска власт.

Образованието и културата

Еден од основните инструменти за остварување на националните политики претставувале образованието и културата. Недостигот од финансиски средства и лошата политика на властите се одразиле и во овие сектори. Така, вклученоста на учениците во образовниот процес била прилично ниска. Ова

особено било случај со застапеноста на женското население, а посебно во муслиманските средини, каде што младите турски и албански девојки скоро воопшто и да не биле опфатени во редовниот образовен систем. Во поглед на образованието на жените, повеќе се инсистирало на нивно вклучување во специјализираните школи, како што биле шивачките, негувателските, учителските и останатите курсеви. За таа цел, важна улога играле дел од граѓанските организации, како Друштвото Свети Сава, Колото на српските сестри и други. Во тие рамки, покрај за правилното национално насочување и стекнувањето вештини, се водело сметка и за зачувување на традиционалното место на жената домаќинка (Boškovska 2017, 69).

Со образовната реформа од 1928/29 година, бројот на училиштата бил дополнително редуциран, со што во Македонија останале да егзистираат само три полни гимназии, во Скопје, Битола и Тетово (Исто, 223). Властите ваквите политики ги бранеле со недостигот од финансиски средства и со потребата од рационализација. Дополнително во Македонија имало хроничен недостиг на учители, како и на објекти за изведување на наставата. Голем дел од наставниот кадар кој претходно бил дел од егзархиските и од останатите несрпски училишта бил принуден да ја напушти работата и да замине главно во Бугарија. Водејќи се од националната политика за србизација, државата инсистирала на поставување исклучиво подобни учители, кои главно биле доведувани од Србија. Локалните кадри кои останале биле ретки и кон нив се постапувало со недоверба, поради што често биле препраќани на служба во другите краеви од земјата (Исто, 209).

Жените во тој поглед биле сметани за уште понедоверливи, при што се барало ангажирање на, што е можно, помалку жени бидејќи директорите се жалеле дека „тие се лоши во училиштата, а надвор од нив се целосно бескорисни“ (Исто, 60). Една учителка од Битола во 1927 година била суспендирана затоа што често во наставата „го користи локалниот дијалект, а не

литературниот српски јазик“. Учителката се бранела дека учениците се тие кои инсистирале да пишуваат на тој јазик бидејќи се сметале „Македонци кои говорат македонски јазик“. Сепак, инспекторот не верувал во таквите објаснувања, инсистирајќи дека наставниците се всушност тие кои недоволно го познаваат и го употребуваат српскиот јазик. Последнава забелешка не се однесувала само за училиштата. Властите генерално се жалеле на употребата на „локалниот дијалект“ што редовно се користел во секојдневната комуникација на луѓето. Ваквите практики биле оценувани како загрижувачки и постојано се барале мерки за нивно искоренување (Исто, 213-214).

Во однос на високото образование, тука постоела само една високообразовна институција. Тоа бил Филозофскиот факултет во Скопје, отворен во декември 1920 година како составен дел од Белградскиот универзитет. Бројот на студенти кои посетувале настава на факултетот бил релативно мал и се движел од 50-ина на почетокот до неколку стотини во подоцнежните години. Интересно е што кон крајот на 20-тите години на факултетот имало повеќе женски отколку машки студенти. Причините за ваквата состојба се наведени во една статија во југословенското студентско списание „Смена“ од 1930 години. Имено, според авторот, најголемиот дел од студентите биле всушност ќерки на чиновниците од Скопје и од останатите поблиски градови на „јужна Србија“, кои не сакале да ги пуштат своите ќерки подалеку од домот. Останатите (машки) студенти, главно, отпаѓале на посиромашните слоеви кои немале средства за школување во другите градови (Treu 1930, 9-10). Генерално, владеело мислењето дека Скопје, во споредба со останатите центри како Белград и Загреб, нуди малку услови за квалитетно студирање. Студентите главно го избегнувале градот поради недостигот од културно-забавен живот и ограничените можности за дополнителна заработка (Исто, 7-11).

И активностите на факултетот се сведувале на остварување на националните цели, поради што и наставниот кадар

скоро исклучиво го сочинувале професори од другите краеви на Југославија. Било речиси невозможно да се вработат домашни кадри, дури ни како административни работници. Македонските студенти, кои се намножиле во текот на 30-тите години, главно го избегнувале Скопскиот факултет и потрагата по квалитетно образование најчесто ја остварувале на Белградскиот и на Загрепскиот универзитет. Тоа, се чини, биле и намерите на самите власти, сите кои сакале да се школуваат да се упатуваат надвор од Македонија, сметајќи дека на тој начин полесно ќе се „национализираат" (Boškovska 2017, 60). Не мал број македонски студенти заминувале и на студии во странство, во Софија, Виена, Париз и другите земји. Во повеќето од овие места, македонските студенти се вклучувале во напредното студентско движење, а неретко се организирале и во сопствени организации (Исто 236-240).

Една од главните потпори на режимот и за стекнување на довербата на населението биле и многубројните граѓански организации, кај народот често познати и како режимски организации. Тие делувале на повеќе нивоа, во образованието, литературата, спортот и сл. Такви биле: Народната одбрана, Трезвената младина, Колото на српските сестри, друштвото „Св. Сава", Соколската организација, читачките друштва, разните здруженија на воени ветерани и инвалиди итн. Дел од последниве имале отворено милитантен и националшовинистички карактер и како такви не биле добро прифатени од народот. Воопшто, во повеќето режимски организации, главно, членувале српските доселеници, колонисти, воените ветерани и дел од побогатото граѓанство чии интереси биле тесно поврзани со властите. Една од тие организации претставувала „Коло на српските сестри", која ги обединувала сопругите на политичките функционери и чиновниците, а вклучувала и учителки и други богати и угледни граѓанки. Членките на друштвото претежно се занимавале со хуманитарни активности, собирање средства за помош на сиромашното население, донации за изградба и одржување јавни објекти, финансиски ги поддржувале женските занаетчиски

училишта, организирале курсеви, семинари, екскурзии, изложби и слично, на кои се претставувал женскиот труд и ангажман. Во склоп на сите овие активности, секако, не се пропуштало да се нагласи дека главната цел се состои во „духовно зближувањето на народот", како и во „одржување и јакнење на неговата патриотска и национална свест". За таа цел, друштвото тесно соработувало со останатите режимски организации, а добивало и голема поддршка од властите (Беличански 1988, 327-334).

Како и останатите општествени односи во тоа време, печатот и литературата подлежеле на строга контрола и цензура од страна на властите. Најголемиот дел од информациите населението „на југот" ги добивало од белградските медиуми, како „Политика", „Правда" и „Време". Локалните весници и списанија во Вардарска Македонија биле ретки, со мал тираж на печатење, краткотрајни и непостојани во своето излегување. Меѓу позначајните весници и списанија што повремено излегувале вреди да се спомне дневниот весник „Вардар", којшто и најдолго се задржал, потоа „Наша Стара Србија", „Глас Југа", „Глас Пологa", „Наша реч" и повеќе други релативно краткотрајни изданија (Boškovska 2017, 257–263). Освен легалните изданија, прилично била раширена и дистрибуцијата на нелегална литература. Таква, на пример, била литературата со револуционерна и марксистичка содржина која се дистрибуирала меѓу членовите и симпатизерите на Комунистичка партија на Југославија (КПЈ), како и нивните печатени органи. Ваквата забранета литература се внесувала преку соседните земји, а најмногу доаѓала од Бугарија. Еден дел од неа отпаѓал и на публицистиката (книги, весници, списанија, памфлети и сл.) во издание на тамошните македонски организации. Едно од најпопуларните меѓу нив било илустрираното списание „Илустрација Илинден", кое го издавала Илинденската организација во Софија.

Кога сме тука, интересно е да се спомне и појавата на списанието „Луч". Тоа започнало да излегува во Скопје во јуни 1937 година, како месечник за културни, економски и социјални пра-

шања. Неговата цел, како што стои во уводниот број, била да ги обедини „сите интелектуалци од Југот“. Карактеристично за ова списание било тоа што покрај претставници на власта од бановината, во неговата подготовка и уредување биле вклучени и повеќе месни македонски дејци и интелектуалци, кои учествувале со свои прилози. Повеќето текстови во списанието се однесувале на местото и на придонесот на луѓето од „Југот“, нивната историја, традиции и култура за Југославија и единството на југословенскиот народ. И покрај тоа, критичкиот тон што провејувал по однос на некои актуелни прашања и проблеми, јазикот на текстовите во кои често се употребувале македонските говори, како и самата употреба на термините Македонија и македонски, претставувале трн во окото на властите, кои, точно една година по излегувањето на првиот број, во мај 1938 година, со одлука на јавниот обвинител го забраниле списанието (Исто, 88-91).

Нелегалните организации и отпорот во Вардарска Македонија

Неповолните околности што владееле во Вардарска Македонија, репресијата на властите и незадоволството на широките народни маси, создале поволни услови за појава на разни сили на отпорот. Како прва и прилично важна форма на отпор против општествените состојби може да се смета пасивниот отпор што го давал обичниот народ против национализаторските и експлоататорски политики на властите. Тука влегуваат сите облици на пркос што беа спомнати и претходно, како неупотребата на официјалниот српски јазик, недовербата спрема граѓанските партии, државните институции и режимските организации, бојкотот кон одбележувањето на важните настани, датуми и личности од српската историја и традиција, држењето до сопствените обичаи и норми и слично.

Покрај тоа, се појавиле и разни форми на активен отпор. Меѓу бројните поединци и организации како носители на отпорот секако треба да се спомне делувањето на Внатрешната македонска револуционерна организација. ВМРО, како наследник на предвоената револуционерна организација која, во време на османлиското владеење се борела за автономија на Македонија, по војната ги обновила своите активности. Организацијата сега главно делувала во Бугарија и во пиринскиот дел од Македонија, но често испраќала свои вооружени чети и во Вардарска Македонија, каде што, во почетокот, имале чести судири со југословенските воени и полициски сили. Како одговор на акциите на четите на ВМРО, властите спроведувале рации меѓу цивилното македонско население, кои биле придружени со репресии во коишто посебно страдало селското население. Ваквите судири биле една од главните причини за лошата политичка и безбедносна состојба во областа, која била посебно изразена во првите повоени години. Тоа дополнително го засилило стравот и револтот на народот спрема властите, но, постепено и спрема самата Организација. ВМРО, во овој период, го изгубила претходното значење, сè повеќе претворајќи се во орудие на бугарскиот двор за остварување на неговите големобугарски интереси во однос на Македонија. Како форма на дејствување, ВМРО започнала да практикува атентати, убиства и други форми на терористички активности. До официјалната забрана на организацијата од страна на бугарската влада, во 1934 година, нејзините атентатори извршиле бројни терористички акции и ликвидации, како во Бугарија така и во Југославија. Во нив и во честите внатрешни фракционерски судири, настрадале претставници на властите во двете земји, но и мноштво видни припадници на македонското ослободително движење. Меѓу познатите атентати извршени на територијата на Вардарска Македонија, кои имале широк одглас во јавноста, се истакнуваат убиството на генералот Михајло Ковачевиќ во Штип, во октомври 1927, како и тоа на полицискиот началник Велимир Прелиќ, извршено во јануари 1928 година, на кејот на Вардар во Скопје од страна на атентаторката Мара Бунева.

Атентатот на Бунева врз Прелиќ му претходел на еден друг познат настан, што се случил претходната година, а тоа е апсењето и судскиот процес против групата студенти од Скопскиот факултет организирани во т.н. Млада македонска тајна револуционерна организација (ММТРО), обвинети од кралските власти за антидржавна дејност и повеќето осудени на долгогодишни затворски казни. Судењето предизвикало и меѓународно внимание, а Бугарија и бугарскиот печат се обиделе да ја искористат ситуацијата за да ја претстават загрозеноста на „Бугарите“ во Кралството СХС.

Друга форма на отпор претставувало организираното комунистичко и работничко движење. Тоа главно се одвивало преку активностите на нелегалната КПЈ, а во еден период и преку ВМРО (Обединета), организација произлезена од единственото ВМРО по расколот во него предизвикан со објавувањето на Мајскиот манифест од 1925 година. Во тесна врска со овие политички сили, коишто делувале врз класна, револуционерна, а во еден период и врз антијугословенска основа, се наоѓало и организираното работничко и синдикално движење. Иако малуброjно, работништвото во овие години често знаело да се организира на разни манифестации: првомајски собири, пикници, протести, штрајкови и сл., на кои се изразувало незадоволството од економската експлоатација, од ниските плати и од лошите работни услови. Активен чинител во повеќето од овие активности биле и жените, како домаќинки и работнички. Така, на пример, за време на големиот штрајк на тутунските работници во Прилеп, во 1938 година, активно се вклучиле и голем број жени како поддршка на нивните машки колеги и сопрузи. Во судирите што избиле наредните денови меѓу демонстрантите и полицијата, во коишто полицајците со кундаци и пендреци се нафрлиле врз насобраниот народ, една работничка „храбро се нафрлила врз полицискиот началник“, а друга „му ја одзела и фрлила сабјата на еден полицаец“ (Димески 1988, 253).

Кога сме кај улогата на жените во работничкото движење и борбата за еманципација, неминовно е да се спомене името на Роса Плавева. Како докажан борец уште од претходниот период, таа, во април 1920 година, ги организирала монополските работници на солидаризирање со штрајкот на железничарите во Скопје. Заедно со сопругот Илија Плавев, подоцна развила широка активност во работата на независните синдикати, на илегалната КПЈ и со останатите тесно поврзани организации и поединци. Поради својата активност, Роса била често апсена и затворена, а во затворот била сурово тепана и измачувана. Со своето храбро држење во затворите и дрскоста која ја покажувала спрема властите, меѓу народот станала позната како „Дели Роса", односно храбрата или лудата Роса, но и како „втората Роза Луксембург" (Васкова 1993, 21–24).

Од останатите македонски организации што се појавиле во годините непосредно пред почетокот на Втората светска војна, вреди да се истакнат студентското друштво „Вардар" и политичкото движење Македонски народен покрет (МАНАПО). Друштвото „Вардар" било формирано во 1936 година, како легална студентска организација која ги обединувала македонските студенти и студентки на Белградскиот и на Загрепскиот универзитет. Друштвото било главно составено од напредната студентска младина, од кои повеќето подоцна се вклучиле во КПЈ и во Народноослободителната борба. Прогресивниот карактер на друштвото и поврзаноста на дел од неговите членови со комунистите биле доволна причина, во текот на наредната година, властите да го забранат. Во тесна врска со друштвото „Вардар" се појавило и македонското национално движење МАНАПО. Заедничко за двете организации било тоа што ги сочинувале претставници на новата и млада македонска интелигенција израсната и образована во околностите создадени по Првата светска војна. За разлика од порано, тие решавањето на македонското прашање не го гледале исклучиво врз антијугословенска основа, туку, превенствено по примерот на

хрватското прашање, односно со признавање на националната посебност на Македонците и формирање на автономна Македонија во рамките на идната реформирана југословенска федерација (Heraclides 2021, 77; Boškovska 2017, 84-88).

Сепак, соочени со тешката внатрешна криза и надворешниот притисок од нова војна, властите во Кралството веќе немале време, а ни можности да се посветат на македонските барања. На тој начин, македонското прашање и правото на народот да живее во едно слободно и поправедно општество останале да се решаваат во годините кои претстојат, поточно во Народноослободителната војна и револуцијата.

Заклучок

Новиот поредок којшто бил воспоставен по крајот на Првата светска војна и којшто требало „да стави крај на сите војни“, не успеал „да донесе праведен мир и да го елиминира војувањето во Европа“ (Pelz 2016, 127). Наспроти тоа, се покажале како точни предвидувањата на францускиот маршал Фердинанд Фош дека Версајскиот мировен договор, всушност, претставува само „примирје на дваесет години“ (Henig 1995, 52).

Во такви околности на несигурен мир и на екстремни крајности во меѓународните односи, Кралството Југославија, како една од новите држави воспоставени со новиот поредок, се борело за изградба на сопствен идентитет и одржлива иднина. Така, и покрај разнородното население кое живеело во земјата, државата го одбрала патот по кој ќе се гради во интегралното југословенство. Во практика, овој систем доминантно ги фаворизирал српските политички елити тесно поврзани со династијата Караѓорѓевиќ. Повеќето од останатите етнички групи во земјата не го прифатиле ваквиот модел и отворено се спротивставиле. Тоа, заедно со неповолните економски околности, социјалната нееднаквост, како и авторитарните и репресивни

методи на владеење, државата ја правеле исклучително нестабилна, со бројни внатрешни превирања и судири.

Меѓу оние кои не го прифатиле ентузијастички создавањето на Кралството Југославија и новиот поредок на Балканот биле и Македонците и останатите националности кои живееле на овие простори. За повеќето од нив, воспоставувањето на новите граници и поделбата на територииите кои претходно со векови функционирале заедно предизвикале многу тешки економски, но и животни последици. Конкретно, во вардарскиот дел од Македонија, којшто влегол во составот на Кралството Југославија, политиките на изградба на интегрално југословенство во основа се сведувале на србизација, т.е. насилно наметнување на српскиот јазик, идентитет и култура врз населението. Спротивставувањето на ваквата асимилација и денационализација, како што била разбрана од страна на населението, а за зачувување на сопствениот јазик, културата, правото на образование и за политичка автономија, вклучувало употреба на различни методи и форми. Истовремено, националната борба се преклопувала и со социјалната борба против економската експлоатација и неправда, а за поквалитетна работа и достоинствен живот.

Во таквата национална и социјална борба, свое активно учество зеле и жените. Уште повеќе, жени, како тука, така и во регионот и во светот пошироко, имале и уште една борба за водење во овој период. Тоа била борбата за остварување на сопствените права за рамноправност, за работа надвор од домот, за достоинствен приход, за учество во политичкиот живот и, воопшто, за подобро место и поголема видливост во поширокото општество. Релативно краткиот период меѓу двете светски војни, како и неповолните околности што владееле не дале многу можности за остварување на повеќето од овие идеали и стремежи. Сепак, како што ќе рече историчарот Иван Катарџиев, тоа претставувало едно важно „време на зреење“ и на подготовка за идните борби и предизвици коишто претстоеле.

Ивана Хаџиевска

СТОРИЈА НА ЖЕНИТЕ



Печатот и политичката дејственост на жените во македонското минато: теми и примери од учеството на жените во сферата на јавното и политичкото во 20 век

Вовед

Целта на овој текст е да даде приказ за формите на учеството на жените во јавната сфера[1] и во просторот на политичката дејственост и иницијативност. За таа цел, ќе спроведам анализа на темите во печатот каде што станува збор за животите на индивидуални примери на жени или настани поврзани со проблемите на жените на колективно ниво во секојдневието.

1 Во родовата терминологија, дистинкцијата јавно/приватно ја подразбира поделбата на работата и домот во индивидуалниот живот. Оваа дистинкција станала нормативна во 19 век, особено во средната граѓанска класа, како дел од „општествениот договор“, кога производствените односи во индустриските општества се измениле и економската егзистенцијата се одвивала во најголем дел надвор од домот, при што мажот се јавувал како главен и легитимен издржувач на семејството. Пошироко гледано, според некои автори од областа на антропологијата и женските студии, во најголем дел од културите жените се сместуваат во домашната сфера, а мажите во јавната арена; според нив, исто така, постои врска помеѓу подреденоста на жените во одредено општество и степенот на одвоеност на подрачјата на јавното и приватното (Бадаревски и Ивановска 2012, 51, 117).

Кралството Југославија, во чии државни рамки во истражуваниот период припаѓала и територијата на Вардарска Македонија, било традиционално и патријархално општество, а религијата, религиските институции и претставници имале големо влијание помеѓу верниците и во општеството (Чалиќ 2013). Владеела директна и експлицитна дискриминација според полот[2], и тоа во Уставот, законите (учество во избори, наследување, вработување, казнување итн.), во корист на правата на мажите, а на штета на правата на жените[3]. На територијата на Вардарска Македонија родовите улоги, и кај земјоделското и кај градското население, без разлика на етничката припадност и социјалното скалило, биле патријархални и традиционални, обележани со културолошките карактеристики на Балканот во 19 и почеток на 20 век, на исламот и/или на православното христијанство (Perović 2006). И овде, како и насекаде низ Кралството Југославија, важела родовата поделба на трудот, т.е. доделување различни работи или типови на работа за мажите и жените, најчесто според традиции или обичаи (Пантелиќ 2011).

Во периодот помеѓу двете светски војни, родовите улоги на мажите и жените минувале низ бавни и постепени процеси на модернизација (Дамјановска 2014, 293–311). Индустријализацијата придонела за излегувањето на жената од земјоделската економија и традиционалната средина кон градската економија и урбаната средина. Најсилни биле промените во работничкото семејство и промените во секојдневието на жените работнички кои во изворите често ги наоѓаме сами во градот, како потстанарки, во новите услови на фабриката, каде што се соочуваат со

2 Според пописите на населението, на територија на Вардарска Македонија во 1921 година женското население во проценти изнесувало 50,35 %, и било побројно од машкото население кое изнесувало 49,65 %. Причината за таквиот однос се ефективните губитоци на машкото население за време на војните во периодот 1912 – 1918 година, придружени со политичките и економските емиграции, особено застапени на територијата на Вардарска Македонија. Во 1921 година, процентите биле слични и на ниво Кралство Југославија. Во 1931 година, во Вардарска Македонија соодносот се менува во корист на машкото население (50,11 %), додека на ниво на државата, жените останале побројни (50,54 %) (Sokolov 1962, 43).

3 Види *Ustav Kraljevine Srba, Hrvata i Slovenaca – Vidovdanski ustav,* "Službene novine Kraljevine SHS", od 28. juna 1921. godine. чл. 23, 28, 70, 72.

новите предизвици во односите со мажи и жени на позиции на моќ, различни од хиерархијата во патријархалното селско или градско семејство (Хаџиевска 2021).

Политичките, економските и идеолошките промени настанати во 19 век во рамките на балканските општества создале нови значења за идентитетот на жените кои живееле во нив (Hadjievska 2019). Во југословенскиот контекст, овие промени најмногу се однесувале на жените од средната класа во градските средини во Србија, во Хрватска и во Словенија. Во пошироки от балкански контекст, слични промени се бележеле и во Бугарија (Хаџиевска 2019). Факторизацијата на жените во јавната сфера се случувала низ активизам во (идеолошки) различни женски движења (Božinović 1996; Haan, Daskalova and Loutfi 2006), низ вмрежување во образовните и професионалните мрежи (кои често биле транснационални, види: Назърска 2015, 2015а, 2016) и преку разните форми на хуманитарната и филантропска дејност (Prelenda 2005).

Општествениот потенцијал на иницијативноста на жените од средната класа во јавната сфера најчесто бил планиран „од горе“ од државата и искористуван за интеграција на процесите за национална изградба. На пример, на образованието на жената се гледало како на потребно за засилување на идеалот на жената како мајка која не треба само да раѓа деца, туку и да ги воспитува во правилен патриотски дух (Hays 1996). Од друга страна, пак, постоело и феминистичко движење, чии субјекти барале право на глас за жените и јавно ги преиспитувале патријархалните норми во општеството, со цел хуманизација на односите помеѓу половите и еманципација во однос на положбата на жените. Ова може да се поткрепи и со локален пример: активизмот и дејноста на тандемот Роса Плавева[4]

4 Роса Плавева (Велес, 1878 – Белград, 1970) македонска социјалистка, активистка за женското право на глас и меѓу првите жени политичари во османлискиот период. Својот активизам за еманципација на жените го продолжила во Кралството Југославија, подоцна и во социјалистичка Југославија. Нејзината куќа претставувала место за средби на македонските и турските активистки кои заго-

и Накие Бајрам[5] во Скопје на почетокот на 20 век, во однос на нивните социјалистички погледи и кампањи за право на глас и образование. Понатаму, токму печатот и печатената култура биле главниот *локус* каде што се одвивале дебатите за положбата на жените во домаќинството и во јавноста, улогата на мајчинството во општествата, женските друштва итн. (Kolarić 2019; Peković 2015; Barać 2015). На пример, во првото српско женско списание „Домаћица“ (1879 – 1941), за првпат се пишувало за правото на глас на жените (Томић 2011, 8). Списанието „Женски покрет“ (1920 – 1938) давало простор за жени со различни идеолошки гледишта од сите краеви на Кралство Југославија, но и за дописнички од Европа да објавуваат текстови за положбата на жените (Пољак и Иванова 2020).

Истражувањето на историјата на жените во контекст на македонското минато означува продлабочување на знаењата, не само партикуларно за жените како група која се студира одвоено, туку и ги проширува знаењата за процесите на националната изградба, за националните и етничките идентитети, за локалните социјални и политички движења, за специфичните социјални и класни појави за регионот, или накратко – придонесува кон стекнување поширока слика за населението кое живеело и дејствувало на овој простор. Ова истражување просторно и временски е врамено во 19 и 20 век – ера силно одбележана од развојот на нациите и националната изградба на Балканот – и има потенцијал да ја прошири сликата за учеството на жените во репродукцијата на етничките и националните заедници, не

варале за феминистички теми и за женската еднаквост. Во 1917 година на нејзина иницијатива, околу 100 жени потпишале писмо кое повикувало на ослободување на Роза Луксембург, со која воедно и се допишувале како идеолошки современички. Во 1920 година ја основала Организацијата на жени социјалистки во Скопје.

5 Накие Бајрам (1889 – 1962), турска социјалистка, учителка и активистка за женски права. Го основала Здружението на турски жени во 1907 година во Скопје. Во едукацијата и симнувањето на ковертурата гледала решение на женското прашање во поглед на положбата на турските жени во општеството. Била дел од социјалистичките кругови во Скопје и блиска соработничка со социјалистката и активистка за женско право на глас Роса Плавева. По Втората светска војна таа се посветила на едукација и еманципација на жените од муслиманските заедници.

само во биолошката туку и во културната репродукција[6] на нацијата[7], и да ни укаже на некои специфичности што биле важни за овој регион, а досега не им се посветило доволно внимание, барем не во поглед на подлабоко теоретизирање на фактографските референци за учеството на жените во македонската историја[8].

Најпрво, во овој текст ќе го опишам мојот методолошки приод кон темата и ќе зборувам за видот на изворите и за централното место на уредената библиографија во оваа книга во трасирањето на темите и примерите за жените и нивната политичка дејственост во заедниците; како и за алатките што ми беа потребни за работа на текстот. Во главниот дел ќе се посветам

6 Делувањата во однос на „културната репродукција на нацијата" се однесуваат на членовите кои ја чинат етнонационалната заедница и се остваруваат низ работата на одредена група која ја претставува заедницата и има непосредно влијание врз пренесувањето на вредностите и искуствата на заедницата од една генерација на наредната, низ пренесувањето на традиционалните културни и идентитетски обрасци, користејќи формални и неформални облици и појави на образование и воспитание, историско мислење, фолклор и уметност.

7 Термините „национална и културна репродукција на нацијата" се сковани од авторките истражувачки на родовите аспекти на нацијата Нира Јувал-Дејвис и Флора Антијас. Според нив, погрешно е тврдењето според кое жените во 19 век „(конечно) стапиле" во аренатa на јавната сфера. Авторките сметаат дека жените отсекогаш биле таму, и тоа како централен дел во одржувањето и репродукцијата на заедниците, во биолошка, конструкциона, симболичка и политичка смисла. Авторките ги аргументираат своите ставови низ една корисна типологија. Тие тврдат дека жените учествуваат во етничките/националните процеси низ: биолошката репродукција на етничките колективи; репродукција на границите помеѓу етничките/националните групи; и како трансмитери на културните симболи на заедниците, при што вршат и културна репродукција на заедницата. Жените учествуваат во идеолошките дискурси за конструкција, репродукција и трансформација на етничките/националните категории (Yuval-Davis and Anthias, 1989, 7; Yuval-Davis 1997, 1–25).

8 Во македонската историографија историјата на жените најчесто се среќава како секција во тековите од општата национална историја, најчесто како дел од прикази што го опфаќаат женското население и тоа главно низ прикажување изворни материјали и податоци, поретко придружени со понатамошно анализирање, или главно анализирани низ родово слеп пристап. Сепак, станува збор за значајни придонеси што укажуваат на фактичката, статистичката, демографската или економската заднина и фактори за животот на жените. Експлицитен пример за тој пристап може да се најде во *Историја на македонскиот народ* кн. 3 (Апостолски 1969, 335-344 и 452-3). Таму, жените се разгледувани како група, заедно со „младината" како група. Понатаму, значаен придонес претставуваат истражувањата на Вера Весковиќ-Вангели, кај која е застапено и теоретско проникнување во историските извори што зборуваат за животите на жените (види некои примери релевантни за оваа книга: Весковиќ-Вангели 1985, 1986, 1987, 1990).

на темите од истражуваните извори што се важни за разбирање на политичките и јавните средини во коишто најчесто ги среќаваме жените во печатот. По деталниот преглед на содржините од тематската библиографија, јас формулирав главно три теми: иницијативите на жените во образованието; хуманитарната дејност на жените; и учеството во различни форми на народен отпор.

Методолошки приод

Основното истражувачко прашање кое си го поставив за време на работата врз овој текст е – што ни кажуваат истражуваните периодични извори, „Илустрација Илинден“, „Луч“ и „Смена“, за историјата на жените во македонското минато во 20 век? Мојата теза е дека истражувањата на печатот и периодичните извори, поради нивните медиумски и комуникациски карактеристики (Коларић 2020), може да ја прошират сликата за опсегот на делувањето на жените во минатото на овој простор, особено доколку се анализираат низ призмата на историјата на жените[9]. Историјата на жените тука ја третирам во нејзината епистемолошка смисла, значи како хуманистичка под-дисци-

9 Историјата на жените како посебна историографска дисциплина се јавила кон крајот на 20 век во западните општества. Во периодот на 1970-те години, обележан со масовни манифестации и борба за граѓанските и човековите права, антимилитаризам и преиспитување на политичкиот и економскиот поредок, под дејство на вториот бран на феминизам, се зголемил и интересот меѓу интелектуалците за културно-историски пристап во истражувањето на движењата и настаните од минатото во однос на учеството на жените во нив. Интересот за историјата на жените, придружен со методолошки и теоретски алатки, се насочил главно кон истражување општествено-историски прашања за положбата и искуствата на жените во различни приватни, јавни, професионални и други улоги во општествата низ светот. Една од главните премиси е потребата за деконструкција на „машкиот поглед“ низ којшто се филтрира официјалната историја и системите на моќ што ги контролираат јавните архиви и политики на сеќавање. Во социјалистичките општества, каде што комунистичката идеологија ја претпоставувала во старт еднаквоста помеѓу половите, учеството на жените во историските процеси било втка-ено во официјалните национални истории, низ наративите за учеството на жените во синдикалните и работнички движења, и особено учеството на жените во антифашистичката борба и како партизанки во Втората светска војна.

плина. Причината за тоа е што јас поаѓам од премисата дека „заборовот има родови карактеристики“ (Slapšak, 2007), под што подразбирам дека политиките на сеќавање, историско интерпретирање и научно канонизирање на наративите за минатото се условени од односите на моќ помеѓу групите и субјектите коишто ги генерираат тие политики. Со тоа, посочувам на „епистемолошката неправда“[10] кон знаењата за жените како субјекти во личната и колективната историја и како група која најголем дел во историјата на човештвото била, и сè уште е, третирана како Другост или како „другиот пол“[11].

За групите што се предмет на истражување во оваа книга, како и историскиот контекст на којшто му припаѓале тие, сметам дека важи разбирањето за улогата на родовите во јавната сфера, како определени од репродуктивните и продуктивните активности и улоги. Притоа, поделбата на родовите улоги и активности во јавната сфера најчесто претставува континуитет на родовите улоги во приватната сфера. Следствено, јавната улога на жените најчесто претставува продолжение на репродуктивните работи и улоги од приватната сфера. Јавните улоги на мажите се дефинирани преку нивната општествена активност која овозможува социјално влијание и моќ (Бадаревски и Ивановска 2012, 117). Затоа, во овој текст, терминот „политичка дејственост“ (кај жените) не го разбирам во неговата потесна

10 Хуманистката Миранда Фрикер го сковала терминот епистемолошка неправда (epistemic injustice), концепт според којшто, од позиција на моќ, може да се направи неправда против некого „во неговиот капацитет како познавач“ (“specifically in their capacity as a knower”). Таа идентификува две форми на епистемолошка неправда: неправда кон сведоштвото (testimonial injustice) кога говорникот добива нефер третман во однос на кредибилитетот од страна на слушателот, поради постоење предрасуди кај слушателот; и херменевтска неправда (hermeneutical injustice), кога нечие искуствено поле е значајно попречено за разбирање поради предрасудите и начинот на којшто се распределени ресурсите за општествена интерпретација и дистрибуција на знаењето (Fricker 2007).

11 Терминот „Другиот пол“ е воведен во феминистичката теорија од страна на француската филозофка Симон де Бовоар (1949). Во своето истоимено дело, таа аргументира дека во патријархалната култура мажественоста е поставена како позитивна норма, а женскоста и женственоста како негативна, како „Другост“. Според ова нормирање, мажот се изедначува со рационалноста и цивилизациската моќ, а жената се изедначува со нејзиното тело („биологијата како судбина“), при што е суштински отуѓена од сопственото политичко битие.

смисла, како вклученост и делување во политички процеси, агитирање, настани, институции и органи, туку во неговата поширока смисла, и тоа ставена во историскиот контекст на заедниците каде што живееле жените во Македонија на крајот на 19 и почетокот на 20 век.

Под политичко делување на жените, ја подразбирам нивна иницијативност во јавната сфера на заедницата – локална, етничка или национална, во соочувањето со социјалните предизвици на членовите на заедницата. Конкретно мислам на неформалното политичко делување на жените во следните сфери, каде што и најмногу ги наоѓаме во истражуваните извори: политиките на грижа за заедницата, хуманитарна и социјална јавна дејност, образование и создавање културни вредности за заедницата и специфичните активности и симболични позиции коишто жените ги имале како дел од тајни мрежи и други форми на народен отпор (комитски чети, политички партии, здруженија и организации).

Во текстот сакам да истакнам уште еден момент битен за анализа на темата низ призмата на историјата на жените, а тоа е авторството на изворите што ги истражувам тука. Тие главно се продуцирани од мажи коишто низ свој поглед пишувале или ги пренесувале информациите за активностите на жените што се збиднале во јавната сфера. Така, мојата „потрага“ бара да го најде „женскиот глас и поглед“, т.е да дознае за идентитетите што жените ги граделе во процесот на нивната јавна дејственост (Ковилоски 2016; Milevska 2014, 193), низ мозаикот на био-библиографски референци од користените извори и литература.

Главен извор во истражувањето претставува печатот, и тоа трите избрани списанија, „Илустрација Илинден“, „Луч“ и „Смена“. Главни алатки при работата на текстот се тематски уредената Библиографија (види кај Мијаковска во оваа книга), која ги трасира текстовите со појавност на жените како субјек-

ти или објекти на текстот. При референцирањето на изворите, во овој текст ќе го користам начинот на којшто овие референци се уредени во Библиографијата; и Регистарот на имиња од библиографијата (види кај Коцевска во оваа книга), во којшто се лоцирани имињата на жените кои се јавуваат во различни наслови во печатот и, таму каде што е можно, им е придружена биографска белешка. Кон овие изворни податоци, честопати нецелосни за портретирање на жените како актерки на дејственоста и иницијативите за кои пишуваат текстовите во печатот, ги придружувам и податоците што ги пронајдов низ пребарување релевантна литература од областа на историографијата, антропологијата и историјата на книжевноста.

Теми и примери

Во прегледот на текстовите во истражуваниот печат, жените во јавната сфера во најголем дел ги среќаваме активни во сферата на образованието и во локалните образовни училишни мрежи[12]. Во „Илустрација Илинден“, жените најчесто се прикажани од позиција на учителки, како дел од образованието и училишните мрежи финансирани и поддржани од политички и црковни инстанци на бугарската држава, кои функционирале на различни локации на географска Македонија до распадот на Османлиската Империја. Учителките, како индивидуи или како професионална група, особено се опфатени во наративите за сеќавање на Илинденското востание како чести директни учесници во настаните, како личности присутни во животите на истакнатите историски личности од Илиденското востание или како „медиум“ помеѓу населението кое треба да се описменува и идејата за заедничка религиска или јазична припадност, или, пак, како важни и почитувани личности во градските средини.

12 Во процесите на национална изградба, при културната репродукција на нацијата, образованието и училишните мрежи се од особена важност. За образовните околности на територија на Вардарска Македонија, види кај Јовановиќ (1983).

Со неколку примери може да се илустрира начинот на којшто жените се остварувале како фактор во заедницата низ нивните активности како учителки. На страниците на „Илустрација Илинден“ ја среќаваме Евтимица Јанчева како учителка од Охрид, конкретно спомената во училишната година 1896-97. (Шалдевъ, Христо. *Изъ дневника на Н. Пасковъ: (продължение отъ кн. 62-63)*. Год. 7, кн. 6 (66) (1935), стр. 15-16). Таму таа е спомената во контекст на „учителското дело“ во Охрид. Но, според историчарот на книжевност Ковилоски, Евтимица Јанчева, освен тоа, била првата жена авторка на полемички текст во македонската книжевност, во којшто протестирала за етикетирањата на учителките како неподобни за вршење образовна функција и барала еднаков третман помеѓу мажите и жените учители, особено зашто по стапувањето во брак на учителките, се наметнувал општествениот притисок тие да престанат да се занимаваат со професијата (Ковилоски 2018в, 11; 2019 51).

Педагогот Царевна Миладинова Алексиева, ќерка на Димитар и Митра Миладинови, ја среќаваме во два текста (Бобевски, Љубомиръ. *Царевна Миладинова Алексиева: (ќерка на Димитар Миладинов)*. Год. 8, кн. 10 (80) (1936), стр. 1-2; Димитровъ, Крум. *На Царевна Миладинова Алексиева.* Год. 8, кн. 10 (80) (1936), стр. 2), во кои таа е претставена како интелектуалка и маченичка, важна за просветното дело и женското образование и како основачка на Женската гимназија во Солун „Благовештание“. Царевна Миладинова била педагошки образована во Русија и претставувала исклучок: нејзината мајка одлучила женското дете да добие повисоко образование при живо машко дете во семејството, кое останало дома. Сликата за Царевна Миладинова Алексиева како признаена интелектуалка добро е да се надополни и со податоците дека таа била авторка на два образовни акти – правилници за образованието на девојчињата (Ковилоски 2018а).

Учителките во „Илустрација Илинден“ често ги наоѓаме и како група, колективно вклучени во настани, директно или

симболички, поврзани со самото Илинденско востание. На пример, честа е претставата на учителки кои везат востаничко знаме (Ивановъ, Илиюа. *Учебното дѣло въ Крушовска нахия (подоколия) презъ турското владичество.* Год. 11, кн. 2 (102) (1939), стр. 10-13). Таму се споменати учителките од Битола и Битолско: Фотинка Петрова, Аспасија Јакимова Димева, Анета Спирова Олчева; како везилка се споменува учителката Василка поп Христова Стефанова (Бадевъ, Йордян. *За споменитъ на македонскитъ деятели и Знамето на Битолския революционенъ окржгъ.* Год. 12, кн. 6 (116) (1940), стр. 3-5). Сличен пример е и учителката Биљана Караиванова Трифунова, која се споменува не само како везилка на востаничко знаме, туку и како учесничка во борбени дејства (Биолчевъ, Илия Н. *Въстанието въ Костурско (спомени).* Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48), (1933), стр. 12-19). Во наведените текстови, за учителките-везилки се пишува со доза на свеченост и со истакнување на моралната важност на нивната работа или учество во настаните.

Особено интересен е примерот со охридската учителка Аспасија Мишева Каневчева. Таа во „Илустрација Илинден" се јавува како раскажувачка на две повести за активизмот на учителките од Охрид за време на илинденскиот период. Нејзините повести се објавени по авторство на Никола Киров Мајски, во форма на спомени (Кировъ Майски, Никола. *Прасето ни спаси: единъ епизодъ.* Год. 8, кн. 2 (72) фев. (1936), стр. 7-9; Истиот. *Мехди бей и охридската болница.* Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 13-14). Аспасија Мишева Каневчева била учителка и интелектуалка од Охрид, сопруга на револуционерот Анастас Каневчев. Во текстовите е опишана како „револуционерка за македонската кауза". Била дел од тајната женска група предводена од струшката учителка Славка Чакарова Пушкарова (Ковилоски 2018б, 36). Аспасија со група учителки воспоставиле и менаџирале хуманитарна болница во Охрид (во колективот припаѓале: Еленка Кацкова, Поликсена Мосинова, Катја Самарџиева, Фанче Шулева, Флора Георгиева, Деспина Василчева). Во текстовите се упатува дека овие жени правеле и други хуманитарни акции и

соработувале со извесна англиска мисионерка леди Брејсфорд. Во двата текста каде што Аспасија М. Каневчева се јавува како раскажувачка, жените се претставени како лица кои може да се движат и да делуваат полесно од мажите во рамките на вонредната состојба наметната од Илинденското востание. Учителките, пак, се претставени како личности кои се препознаени и почитувани во заедницата, дури и од претставниците на власта, каков што е и односот помеѓу Аспасија Каневчева и кајмакамот[13] Мехди-бег, кој се јавува во двата текста. Во првиот текст, „Прасето нѐ спаси“, се опишува состојбата во која жените се наоѓале во периодот непосредно по Илинденското востание, кога сѐ уште имало активна криза и закани за цивилното население. Раскажувачката опишува дека жените во тој период, освен „спасување на главата“, сакале да го спасат од уништување и нивниот рачно изработен мираз, што го носеле со себе во скривалиштата. Така било и денот кога жителите на охридски Варош добиле информација дека Охрид ќе биде опожарен и тргнале кон локалната скривница. Всушност, станувало збор за складови и визби каде што се криеле дел од христијаните при опасност, а исто така овие места служеле и како скривници за оружје на луѓе вклучени во отпорот против власта. На патот кон еден таков склад, Аспасија била пресретната од кајмакамот Мехди-бег. Тој, како претставник на власта, ја препознал Аспасија како градска учителка и ѝ кажал дека властите знаат за функцијата на складот. На тоа, Аспасија, „служејќи се со итрина“ и сметајќи на религиозните и културните ноти на различност и предрасуди, рекла дека станува збор за просторија која семејството ја користело како кочина за прасе. Кога кајмакамот чул дека станува збор за ова животно, тој и неговата придружба веднаш се повлекле и отстапиле од понатамошна истрага.

Во вториот текст, Аспасија М. Каневчева раскажува за формирањето и водењето хуманитарна болница, воспоставена

13 Кајмакам – административен термин од османлиската управа. Застапник на везирот или валијата во некоја околија; управител на околија, каза.

и менаџирана од група учителки и млади интелектуалки кои, како почитувани во заедницата, успеале да ги придобијат поимотните градски семејства да донираат и да ја поддржат хуманитарната акција. Учителките биле мотивирани на оваа акција од големиот број на ранети борци и цивили по Илинденското востание. Истовремено, во текстот се наведува дека властите биле особено строги кон населението кое ги напуштало селските домови во овој период, а особен сомнеж се јавувал кон оние кои имале потреба од лекување:

„Кога за тоа разбравме ние градските учителки Поликсена Мосинова, Катја Самарџиева, Фанче Шулева, Хрисанта Мискарова, Царева Ботункова, Атина Шахова, Флора Георгиева, Деспина Василчева, Флора Митова, Елена Кацкова (и јас Аспасија Хр. Мишева, по маж Каневчева), се решивме да извршиме еден ризичен но благороден гест – да отвориме болница. За таа цел го ангажиравме двокатното здание на Андроник Копачев во Варош, поранешната зграда на Митрополијата (...) и дел од куќата на Кадиноселскиот војвода Методиј Патчев. Од поимотните семејства побаравме и добивме легла, преврски, чаршафи, платно и се неопходно за една болница. (...) едновремено бевме и милосрдни сестри и готвачки и служителки и перачки и сè останато."

Болницата функционирала тајно, со помош на околискиот комитет и имотните граѓани кои биле дискретни за своите донации таму. Дискретно доаѓале и доктори, но функционирањето на болницата не било непознато за властите. Учителките и организаторки биле повикани на полициски распит. Жените одговориле дека не се поврзани со никого и дека работат првенствено како грижливи жени кои чувствуваат милосрдие за сите повредени граѓани без разлика на верата и националноста: „Ние сме мирни граѓанки и се грижиме за мирна раја". Биле изведени и пред кајмакамот Мехди-бег, кој им кажал дека се распрашал помеѓу еснафот и се уверил во нивната невиност. Тој дури бил трогнат од нивната работа и ги пофалил за човекољубието, а

освен тоа, дури порачал и лебот и млекото за болницата да се плаќаат од негова сметка. По три месечна доброволна служба, учителките ја предале болницата на англиската хуманитарна мисија предводена од леди Брејсфорд и господин Бојл.

Жените како учителки се соочувале со етикетирања во јавноста поради излегувањето од патријархалните норми, но од напредните граѓани, како и од властите, истовремено стекнувале почит и одредено ниво на доверба. Тоа им дозволувало на учителките, како интелектуална и професионална група, полесно да се движат и да се организираат меѓусебно, а доколку постоеле сомнежи за нивно противдржавно делување, полесно да се оправдаат. Учителките во наведените функции на тајни организаторки, или пак на напредни педагози, оставиле во наследство напредување на формите на образование за девојчињата, како и поплочување на патот за интелектуално вклучување на жените во народниот отпор и неговите политички и јавни аспекти.

Жените кои ги наоѓаме во содржините на „Илустрација Илинден“ во голем дел се јавуваат како носителки на хуманитарни, милосрдни или социјални иницијативи во заедницата. Тие се јавуваат како формални претставнички или соработнички на домашни или странски хуманитарни мисии или како неформални волонтерки во сферата на вонинституционалната јавна социјална грижа, која во периодот помеѓу двете светски војни главно се базирала врз собирање доброволни материјални прилози и организирање неформална грижа. Образованите жени често работеле и во кругот на државните социјални и здравствени институции, кои во контекстот на истражуваниот простор и време, се наоѓале во зачеток. Иницијативите на поимотните граѓани често биле организирани во содејство на хуманитарните и женските организации од средната класа, а се материјализирале во формирање и раководење со јавни кујни, училишни мензи, фондови за образование, домови за стари

лица, домови за деца без родители или собирање годишни прилози за сиромашните и бездомниците.

Хуманитарната работа на жените се испреплетувала со културната (националната) работа што ги вклучувала членовите на заедницата кон кои била упатена солидарноста. Хуманитарното организирање и делување имало политички аспекти бидејќи организацијата на социјална грижа кон одредена група често вклучувала и културна работа со групата, за јакнење на религискиот, националниот или друг идентитет којшто бил важен за заедницата во определен контекст. Токму низ таа призма е прикажан хуманитарниот труд на жените во „Илустрација Илинден“. Жените кои организирале хуманитарни акции често биле меѓусебно поврзани, како современички кои се инспирирале една од друга или како директни соработнички, организирани околу женските организации во коишто биле вклучени или низ други активности каде што се активирале. Така, сиропиталиштата „Утеха“ во Битола и „Битола“ во Софија претставувале „центри“ за социјална грижа формирани од хуманитарки и активистки и подолг временски период поврзувале неколку од жените кои се сретнуваат во „Илустрација Илинден“.

Експлицитен пример за хуманитарната дејност на жените и нејзините културни и политички аспекти наоѓаме во четири текстови поврзани со хуманитарката и учителка Захарија Василева Шумљанска. Во текстот „Какъ се основа, уреди и уништожи Битолското сиропиталище: (изъ споменитѣ на Захария Шумлянска)“ (Год. 9, кн 10 (90) (1937), стр. 8–13), станува збор за спомените на Захарија Шумљанска кои откриваат како жените од образовното и интелектуално милје стапувале во комуникација со претставниците на дипломатијата во поголемите градски центри со цел да соберат средства, како и да добијат поддршка пред административните власти за остварување на хуманитарна дејност. По завршувањето на Илинденското востание во Битола и во Битолско особено се зголемил бројот на

напуштени деца без дом и без родители. Во 1905 година, Живко Добрев – трговскиот конзул на Бугарија во Битола, во соработка со црковни претставници, ја повикал Захарија Шумљанска да раководи со сиропиталиште за деца без родители со центар во Битола, а кое ќе прима деца од регионален опсег. Тој ја окарактеризирал како „најинтелигентна и енергична битолска граѓанка, Вие сте најподобна да се вклучите во основањето и организирањето на сиропиталиштето, и верувам дека ако се вклучите во работата, ќе постигнете резултати поголеми од очекуваните.“ (исто, стр. 9). За да ја оствари зададената цел, Шумљанска најпрво остварила состаноци со имотните трговски семејства во Битола, првенствено со Николаки Робев, што било позитивно прифатено. Во акцијата се вклучила и неговата ќерка Василка Робева. Понатаму во иницијативата се приклучиле и сопругите и ќерките на дипломатските и воените странски претставници во Битола. Според текстот, било свикано и општинско собрание пред кое Шумљанска говорела за иницијативата, на кое едногласно се одобрило воспоставувањето културно-хуманитарно друштво „Утеха“, чиј основач бил Живко Добрев, а претседателка Захарија Шумљанска. На останатите советнички и административни функции во здружението биле поставени жени од Битола. Со цел да се одоброволи локалната османлиска власт, крајната задача на здружението – да им помага на децата на родители кои настрадале како борци во Илинденското востание – не била експлицитно искажувана. Најпрво била воспоставена народната кујна во црквата „Св. Богородица“ во Битола, која била отворена за сите сиромашни лица во градот. Подоцна, во 1906 година, раководството на црквата го отстапило објектот во дворот на црквата за таму да се уреди сиропиталиштето. Шумљанска споменува дека по раширувањето на веста за сиропиталиштето, војводите кои учествувале во настаните околу Илинденското востание самите носеле деца од селата, а тука биле донесени и трите сираци на крушевскиот војвода Питу Гули. Со цел да се избегнат сомнежи за политичка заднина при

водењето на сиропиталиштето, Шумљанска самата побарала да се состане со Хилми-паша, кој бил управник на вилаетот, за да ѝ издаде дозвола за функционирање на сиропиталиштето.

Во спомените, Шумљанска ги прибележува и ризиците што ги преземале жените со активноста во сиропиталиштето. Неговото водење барало од хуманитарките често да патуваат и да комуницираат со различни чинители во општеството со цел да собираат доброволни прилози. Така, при преземањето прилог од охридскиот владика Методи во вредност од 20 наполеони, таа и извесна г-ѓа Ракарова, која била дел од организацијата на сиропиталиштето, тргнале сами на коњ од Битола, низ Ресен до Охрид и патувале низ тешки временски услови. Во Ресен не биле добро прифатени, но во Крушево е опишана гостољубивоста и добронамерноста на жените кои донирале многу рачни изработки за сиропиталиштето. До Првата балканска војна, бројот на штитениците достигнал 130 деца, а во меѓувреме штитениците кои ќе достигнеле соодветна возраст биле праќани во Софија на школување за занаети. Пред почетокот на Балканските војни дошло до решение да се ликвидира сиропиталиштето во Битола.

Во наредниот број на списанието, објавени се два комеморативни наслови посветени на Захарија Шумљанска. Торжествена песна (Добревска, Сийка. *Юбилейно приветствие къмъ г-жа З. Шумлянска.* Год. 10, кн. 3 (1938), стр. 8); и биографски текст, уреден од редакцијата (*Захария Юлиянъ Шумлянска*. Год. 10, кн. (1938), стр. 8-10). Во последниот текст Шумљанска е претставена како благородна и страсна „патриотка и општественица“: „Таа е секогаш меѓу жените, ја распрснува со векови напластуваната темнина, држи говори, дејствува и оформува организации со кои овозможува да се разбуди свеста за сите прашања.“ (Исто). Текстот дополнително детализира епизоди од нејзиниот живот по Балканските војни, селењето од Битола за Солун и нејзиното заточение во затвор во Северна Африка поради политичка-

та активност на нејзиниот сопруг, полскиот емигрант Јулијан Шумљански. По излегувањето од затворот, таа трајно се населила во Софија, каде што го основала и раководела сиропиталиштето „Битола“ заедно со Женското хуманитарно друштво од Софија (Миновски 2014).

Уште една хуманитарка поврзана со наследството на Захарија Шумљанска е Хрисанта Патерова. Текстот „Беспоштедна дарителка: еден пример што треба да се следи“ (*Щедра дарителка: единъ примѣръ за подражание*. Год. 9, кн. 6 (86, јуни) (1937), стр. 14) е еулогија по повод нејзината смрт. Патерова самата била посвоена и школувана во Солун од страна на Киро Патеров, имотен граѓанин со потекло од костурското село Загоричени. Патерова подоцна живеела во Софија, а во староста му ја подарила својата куќа на сиропиталиштето „Битола“, раководено од Женското хуманитарно друштво од Софија и формирала хуманитарен фонд. Опишана е како „мила, скромна, работлива домаќинка (...) чиј пример треба да се поддржи“ (Исто). Слични се примерите на учителката и хуманитарка од Велес – Тима Икономова, која била современичка и соработничка на Захарија Шумљанска. Од биографскиот текст напишан во нејзина чест, (Ивановъ, С. Х. *Тима Икономова*. Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 12) дознаваме дека таа го обновила женското друштво „Екатерина Симова“ и во Скопје отворила Женско стопанско училиште, со собирање хуманитарни прилози.

Жените кои се активирале во јавната сфера низ хуманитарна дејност најчесто доаѓале од интелектуално и градско опкружување на средната трговска класа и често биле дел од професионалната група на учителките. Нивната дејност често вклучувала и политички аспекти и барала комуникација со високи претставници на власта и дипломатијата. Иако во „Илустрација Илинден“ овие жени се преставени главно низ призмата на патриотизмот, индикативно е дека надвор од тоа, нивната дејност придонела за напредување на формите на социјална грижа за

ранливи групи од населението, како и за унапредување на женското образование и еманципација.

Во „Илустрација Илинден“ жените се особено видливи уште како учеснички во народните движења во различни форми на отпор и организирање, кое во текстовите најчесто е окарактеризирано како „револуционерно“. Станува збор за биографии или спомени за и на жени кои биле вклучени во Македонската револуционерна организација, биле активни како борци за време на Илинденското востание – нарекувани „комитки“; или биле активни како курирки на информации и оружје, помошнички и сместувачки на комити. Според историографските истражувања, неколку фактори биле значајни за вклучувањето на жените, од патријархалните и патрилокални средини во кои се очекувало жените да не се оддалечуваат многу од нормите на семејната заедница, во форми на отпор, како одметнувањето и приклучувањето кон банди и чети, или пак во поорганизирани форми на отпор, како вклучувањето или помагањето во конспиративни комитски мрежи и ќелии – простори и дејства што биле сметани првенствено и најмногу за машки. Во порана литература на оваа тема, како фактор често е наведувана желбата за одмазда кај жените кои изгубиле најголем дел од семејните членови и имотот за време на напад на нивното село од страна на непријателска војска или друга организирана сила; или потреба од близина и сигурност на жените кои, во случај на губиток на семејство и имот, им се придружувале на машките семејни членови кои веќе биле одметници, ајдути или, подоцна, дел од револуционерна или политичка кауза (Апостолов, 1972-73). Некои познати примери за ова во македонската историја, фолклор и книжевност се Сирма Војвода, Румена Војвода или Ана Малешевска.

Во поновите истражувања на оваа тема се осветлуваат аспекти од начините на мобилизација на женското население во формите на народен отпор во османлиска Македонија и се утврдува дека жените масовно учествувале во отпорот како

курирки и помошнички, а неретко и како борци и комитки, поради различното третирање на мобилноста на жените од страна на властите. Постојат и примерите за организирањето на жените како групи и до околу сто лица – претставници на села оштетени од напади на различни османлиски (пара)воени групации, кои патувале во група за да поднесат колективни жалби и претставки до претставниците на дипломатијата во големите административни центри како Битола (Boškovska 2017; Ковилоски 2018).

Во „Илустрација Илинден", кога станува збор за жените комити кои се придружиле на некоја чета и четнички живот во планините, тие најчесто се портретирани индивидуално, во четничка облека и опрема, како што е случајот во текстовите и примерите за Јорданка Пукавичарова (Аврамовъ, Стефанъ. *По козитѣ пѫтеки: (продложение отъ книга 5 (35).* Год. 4, бр./кн. 6 (36) (1931), стр. 9-12), Ектерина Арнаудова (Бјалевъ, Г. Ив. *Пиринската четничка*. Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48), (1933), стр. 30-31), Тана Кировска Василева (баба Тона) (Бѣлевъ, Г. Ив. *Изъ живота на четитѣ.* Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 10-12). Вклучувањето на жените во комитските чети и носењето оружје во борбени дејствија често имало семејна заднина, што експлицитно е прикажано во случаевите на Магда Гонова – претставена заедно со својот сопруг и опишани како „четнички сопружници" (Кеповъ, Иванъ П. *Никола попъ Филиповъ.* Год. 6, кн. 7 (57) (1934), стр. 14-16).

Друг добар пример за „четничкото семејство" е сторијата за комитките Донка Ставрева Ушлиновска и Сребра Домазетова Ушлиновска (Копитаръ. *Донка Ставрева.* Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 13; Настевъ, Христо. *И кауркитѣ станали комити: пѣрвитѣ комитки – дветѣ етѣрви отъ с. Лера, Битолско.* Год. 9, кн. 9 (89), (1937), стр. 12-15; Х. *Сребра Апостолова Ушлиновска.* Год. 14, кн. 2 (132, февруари), (1942), стр. 5). Тие се претставени како тандем „јатрви-комитки од село Лера", во текстот на Христо Настев насловен како „И каурките станале комити: првите комитки – двете јатрви од с. Лера, Битолско". Сребра Домазетова

била жена од Лера, „невеста“ (млада сопруга) на Апостол Илиев Ушлиновски – активен во револуционерната мрежа на МРО во Битолско. Донка Христова Ушлиновска била жена со потекло од Смилево, сопруга на братучедот на Апостол Ушлиновски – Ставре. Во 1902 година, овие две млади жени, со помош на сопрузите и семејството, го убиле месниот бег Џелеб Реџо Сулов, кој бил познат по развратните дејствија со кои ги демнел и ги напаствувал нив и останатите локални жени. По убиството, вклучените се одметнале како четници (во четата на битолскиот војвода Ѓорѓи Сугарев) и живееле во илегала, гонети од властите. По овие настани, жените носеле борбена облека и оружје, станале познати како „комитки“ и воделе семеен живот којшто се разликувал од нормата, а сепак бил гледан со почитување и воодушевување од страна на населението, како и од авторот на редовите за нив во печатот.

Уште една форма во која жените како учеснички во народен отпор се почесто прикажани на страниците на „Илустрација Илинден“ е како курирки и помошнички на комитските чети. Многу често, живеалиштата на овие жени претставувале сигурно преноќевалиште за четите во селата, или место за чување информации, библиотеки, печат и оружје. Во Крушево се случувало подолг период во некоја од куќите да престојува нелегална чета на Организацијата, а сето тоа не можело да се реализира без активно учество на крушевчанки (Белчески 2016). Поради аспектите на покажување грижа и организирање „сигурна мрежа“ на меѓучовечки односи во МРО, често биле нарекувани (како што се гледа и во печатот) со називите „мајка“ или „баба“, без разлика на нивната возраст или фактички семеен статус. Таков е примерот со жените опишани како „бестрашни курирки“ во текстот потпишан од Никола Киров Мајски, насловен „Крушевските курири-светци“ (Кировъ Майски, Никола. *Крушовскитѣ куриери-светци*. Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934), стр. 5-8). Станува збор за Коца Костова Негревска, баба Калија Т. Ќуќуровска, Цофка Пецановска, Пара Матева; меѓу нив, Таска

Иванова Џивџановска и Мара Магдева работеле како тандем во крушевското село Долно Дивјаци, каде што го организирале животот на заедницата кога селото останало без мажи поради смрт, бегство или емиграција по Илиденското востание. Сличен пример претставува и Пара Гргдановска Митева, „Баба Тонка“, која се нашла во печатот низ спомените на револуционерот Петар Ацев (Ацевъ, Калитанъ Георги П. *Първата ми среща съ Йорданъ Пиперката: крушовската „Баба Тонка“ – Баба Пара Митева Гърданоска: (из споменитѣ на П. Ацевъ по дейностьта му въ Крушовско).* Год. 13, кн. 2 (122, февруари), (1941), стр. 6-8). Дејноста на овие жени вклучени во илегални и диверзантски активности придонела за формирање и профилирање нови форми на народен отпор, каде што жените играле важна улога (Крстевски-Кошка 1993, 48, 53, 73, 184, 204).

Списанијата на српски јазик „Луч“ и „Смена“ излегувале во многу пократок период во споредба со „Илустрација Илинден“ и затоа од нив можам да наведам помалку примери. Но, и тие примери може да укажат за начините на кои жените се факторизирале во политичките текови на просрпската национална идеја, кои биле актуелни на територијата на Вардарска Македонија во рамките на Кралство Југославија (види кај Стојкоски во оваа книга). Во „Луч“, најголем дел од примерите се однесуваат на записи од собирани народни умотворби, пеени од жени од различни делови на овој регион, и тоа на локалното јазично наречје. Застапен е и еден авторски текст потпишан од Марија Пројческа, расказот „Ленче“ (Пројческа, Марија. *Ленче.* Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 145-148). Сите овие примери се значајни бидејќи укажуваат на секојдневните проблеми на жените, најчесто во семејниот живот и во приватноста на домот, преку коишто, низ медиумот на печатот и пробивот на „женскиот глас“ во авторски или народни творби, усната женска историја станувала застапена и во јавноста.

„Смена“ било студентско списание кое всушност произлегувало од образовните средини во Кралство Југославија и,

меѓу другото, било достапно за студентките и студентите и на Филозофскиот факултет во Скопје помеѓу двете светски војни. Жените кои се јавуваат таму како авторки или теми се јавуваат од позиција на студентки, како дел од модерните текови и предизвици на академскиот живот. Такви примери се текстот на Милица Радојковиќ насловен како „Данашња студенткиња“ (Радојковић, Милица. *Дањашна Студенткиња*. Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 5-8); и текстот подготвен од редакцијата насловен како „Занимливости: проценат студенткиња у односу на студената у појединим земљама“ (год. 2, бр. 1 (1931), стр. 46). Филозофскиот факултет во Скопје бил отворен во 1920 година и иако бил интелектуален центар на експонентите на српската национална идеја и сфаќање за Вардарска Македонија како дел од српската култура и историја, станал место од каде што се ширеле видиците за модерни појави, меѓу кои било и високото образование на жените, а со тоа и нивната вклученост во општествениот и во интелектуалниот живот.

Заклучок

Од анализата на печатот истражуван во оваа книга, дознаваме за некои аспекти од историјата на жените на територија на Вардарска Македонија, и тоа за формите на нивната појавност и дејственост во јавната сфера. Во најголем дел од примерите разгледани во овој текст станува збор за континуитет на родовите активности и улоги на жените од приватната сфера во јавната сфера. Нивните активности и делување се отсликувани низ идеолошката и политичката призма која ја застапувала редакцијата на различните списанија.

Анализата на користените печатени извори низ призмата на историјата на жените е корисна повеќе при создавањето слика за проблемите на жените во секојдневието на преминот од 19 во 20 век и нивната мотивација за вклучување во јавниот живот на заедницата, а помалку за формирање целосни био-

графии и портрети на жените, за што е потребно користење и придружување дополнителни извори и литература. Улогите во коишто ги сретнуваме жените во печатот, конкретно оние жени за кои печатот е податен со биографски и референцијални податоци, се всушност комплексни спојувања на семејни и јавни идентитети коишто никогаш не се поединечни и „црно-бели“, туку се меѓусебно испреплетени, како што семејниот статус на жените бил во врска со нивниот професионален или јавен статус: мајка, баба, ќерка, сопруга, учителка, писателка, студентка или ученичка, комитка, курирка, хуманитарка, мисионерка, патриотка, борка и партиска или политичка активистка.

Во „Илустрација Илинден“, појавноста на жените е на ниско ниво и посредна: најчесто се среќаваат како дел од теми поврзани со секојдневието на населението, како дел од биографските описи на повеќе познати историски личности во разгледуваниот контекст и период, а најмалку како авторки на текстуалните содржини. Дури и кога станува збор за спомени на жени поврзани со некој важен локален историски настан, тие се објавени од машки автор, како што е случајот со спомените на Аспасија Мишева Каневчева во текстовите на Никола Киров Мајски. Во ова списание, карактеристично при појавноста на жените е што за нив најчесто дознаваме посредно, низ текстови поврзани најчесто со три општи теми: образованието, хуманитарните и милосрдни активности или за специфичните форми на народен отпор поврзан со Македонската револуционерна организација (МРО), како на пример курирската служба. Текстуалните форми или содржини во коишто најчесто ги среќаваме жените се еулогии, јубилејни содржини, торжествени песни и раскази со посвета и постхумно објавување спомени. Специфичен облик на појавност на жените во овој печат е нивното портретирање како дозволен исклучок од нормата на женскост и женственост – како комитки и четнички, дел од борбени групи на мажи во планините, облечени во борбена облека и опремени со оружје, како што е случај во примерите со Јорданка Пукавичарова,

Екатерина Арнаудова или тандемот „комитки-јатрви“ Донка и Сребра Ушлиновски. Во сите форми на појавност на жените во овој печат доминира патриотскиот и национал-романтичарскиот сентимент, којшто е поставен како примарен во акциите, но и оправдувачки за дејствијата што излегувале од приватната сфера, а што ги преземале жените. Слично е и со примерите за јавна дејственост на жените кои биле поблиску до патријархалниот идеал – учителките и хуманитарките. Како индивидуи или како професионална група, учителките се најзастапени во акции што се најблиску до политичко дејствување на жените во заедницата. Експлицитен пример за тоа наоѓаме и во случајот на Захарија Шумљанска и во случајот на Аспасија Мишева Каневчева, кои во заедниците каде што работеле, воделе нешто што може да го наречеме „филантропска дипломатија“, која се остварувала низ комуникација, поврзување и помирување на различни, често и спротивставени, чинители во општеството (османлиската локална администрација, локалните трговски елити, дипломатскиот кор, локални политички активисти, дури и одметници), сè со цел да се извлече бенефит за хуманитарни цели – повторно поврзани со етнонационална кауза. За жените најчесто се зборува како за жртви, за посветени национални работнички и општественици и со голема доза на идеализација и романтизација, каков што е и целокупниот дискурс на списанието.

Во однос на дејствувањето на жените споменати тука во рамки на женското движење или феминистичка кауза, не може да се извлече експлицитен пример. Всушност, добро е да се нагласи дека во рамките на специфичниот историски контекст во којшто живееле и дејствувале овие жени, погрешно би било и да се трага по феминистичко делување при истражувањето на формите на нивна дејственост во заедницата. Во најмногу од случаите дејствувале под предзнакот на националната кауза или во одбрана на етничкиот или религиозниот идентитет на заедницата од којашто доаѓале. Иако, кај примерите како Ца-

ревна Миладинова, која била авторка на правни акти за унапредување на образованието на девојчињата, или кај Евтимица Јанчулева, која јавно се спротиставила на нееднаквиот третман на учителките во однос на учителите, препознаваме еманципаторска свест и критика за положбата на жените. Сепак, од најголемо значење во поглед на феминистичките епистемолошки потенцијали на овие истории е тоа што нудат фасцинатни сознанија за животите и мобилноста на жените како „паралелни истории“ во склоп на националните мастернаративи, во кои улогата на жените најчесто е ставена во тесна патријархална рамка на биолошката или културната репродукција на нацијата.

Во „Илустрација Илинден“ појавноста на жените е поврзана со нивното препознавање како дел од блиското колективно минато кое уредниците на ова, главно меморијално списание, сакале да го зачуваат и да го користат за мобилизација и кохезија на членовите на нивната, составена главно од мажи, читателска целна група – македонската миграција во Бугарија и низ Европа. Во списанијата на српски јазик „Луч“ и „Смена“, жените ги наоѓаме повеќе во контекст на актуелните модернизациски процеси во Кралство Југославија. Во последните списанија разгледувани овде, жените се појавуваат многу ретко и посредно. Во „Луч“ како пејачки на народни творби што ги собирале и ги објавувале мажи писатели и интелектуалци; или во интелектуални коментари на социјални и општествени појави како абортусот кај работничката класа. Во студентското списание „Смена“ жените најчесто се појавуваат во контекст на високото образование или како родово стереотипни ликови во објавените студентски раскази и творби.

Погледнато од аспект на методолошкиот пристап, јас, како авторка на овој текст, немам намера, ниту можност аналитички да ги исцрпам сите примери на жени кои се детектирани во составената Библиографија и во Регистарот во оваа книга. За тоа

се потребни нови истражувања што би се движеле во насока на проширување на опсегот на извори надвор од полето на периодиката и користењето спомени, патописи, биографии, како и објавена релевантна литература, со цел фокусирање и историографско исцртување целосни портрети на жените од македонското минато кои биле значајни во процесите на национална изградба, како и во социјалните и политичките движења.



Мања Величковска,
Фросина Крушкаровска

НИЖЕВНО-КОМПАРАТИСТИЧКИ АСПЕКТИ

Книжевната претстава на жената во печатот меѓу двете светски војни

Вовед

Спознавањето на претставата на жената во печатот меѓу двете светски војни бара мирно око за доловување на проблесоците на нејзиното присуство низ густите редови. Книжевните текстови во печатот се особен и важен предизвик за ваква анализа, бидејќи според природата и контекстот тие нудат можност за повеќекратна интерпретација и за комплексно исцртување на жената низ различните видни полиња. Женскиот лик е фрагментарен и суптилно пронижен насекаде низ текстовите, поради што предизвикот се состои во опипувањето на еден променлив мозаик од женски мотиви, слики и емоции.

Во фокусот на овој текст се книжевните прикази на жената во три списанија објавувани помеѓу двете светски војни на територијата на Македонија: списанието на македонската емиграција во Бугарија „Илустрација Илинден“ (1927 – 1944), југословенското месечно списание за културни, економски и социјални прашања „Луч“ (1937 – 1938) и гласникот на југословенските студенти „Смена“ (1930 – 1931). Тие се податни резервоари за социолошката и за културната уреденост на животот на луѓето во регионот во периодот

од падот на Османлиското Царство до 1943 година, а секое од нив има различни претензии за приклонување кон одредена идеологија, различни уреднички концепти и општествени контексти.

Целта на овој труд е компаративно да ги разгледа застапените книжевни текстови во овие списанија и да дојде до сознанија за: (не)присутноста на женските гласови и авторство, улогите и перцепциите на жената во општеството и во рамките на фикционалните наративи и за процесот на нејзина еманципација низ годините на циркулирање на списанијата. Во првиот дел ќе се зборува за политиката на списанијата, за застапеноста на книжевните текстови и за родовиот баланс во авторството на книжевните текстови. Ќе се осврнеме и на проблемот со алтерацијата на женскиот глас преку посредувано пренесување на женските приказни и можностите за манипулација со нив. Понатаму, текстот ќе се фокусира врз проучување на книжевните прикази на жената, на женската субверзија за време на војна и во меѓувоените периоди, нејзината позиционираност во домот, во политичките превирања и во креирањето на општествените структури. Во рамките на овие поглавја ќе се разгледаат и фигурата на жената која има трикстерска енергија и приказите на умирањата на женските ликови.

1. Релацијата меѓу уредничките политики и книжевните рубрики

Трите списанија во фокус на овој труд не се примарно книжевни списанија, но поместените книжевни текстови, како составен дел од поширокиите уреднички концепции, содржат важни информации. Содржински и формално, од нив може да се екстрахираат смисли што произлегуваат од, и се однесуваат на, идеолошката определба на списанијата, начините на нив-

ното дејствување и комуникацијата со читателите. Имајќи ја предвид контекстуалноста како клучна одлика на периодиката, книжевните текстови мора да се читаат преку дијалогот што го воспоставуваат со останатите текстови и со времето во кое се објавени, поради што предмет на оваа анализа не беа само чисто книжевните текстови, туку и дел од публицистичките текстови со книжевни обележја. Притоа, во анализата нив не ги вреднуваме од естетски аспект. Книжевните текстови во сите три списанија квалитативно заостануваат зад актуелните уметнички тенденции, а во потенденциозно идеолошки наклонетите списанија (како во „Илустрација Илинден“ и, во поблага мера – во „Луч“), книжевните текстови имаат за цел да ги поддржат пропагираните идеолошки начела, а не да градат уметнички критериуми кај читателската публика. Но, таквата одлика не значи дека тие треба да се занемарат при проучувањето, бидејќи книжевната периодика се занимава и со дела што имаат информативна или документарна функција.

„Илустрација Илинден“ (понатаму во овој текст: „ИИ“) е списание посветено на одржување на споменот и жарта на Илинденското востание како важен наратив за зачувување на идентитетот на македонскиот народ. Книжевните текстови застапени во него се латерални и нередовни, а нивната политичко-пропагандна улога е поистакната од уметничката. Се среќаваат главно раскази, автобиографска проза и поезија, тематски врзани за Илинденското востание. Во „ИИ“ книжевните текстови се тенденциозни, „со задача и теза, коишто не се исцрпуваат во текстуалното, туку се потпираат на она што е вонкнижевно и вонуметничко и кореспондираат со другите текстови во списанието, градејќи единствен тон со којшто списанието ѝ се обраќа на публиката“ (Милинковиќ 2012)[1]. Воспоставувајќи култ кон минатото, „ИИ“ ги прикажува актуелните претензии на нелегалното дејствување на тогашната ВМРО Автономистичка

1 Сите користени цитати се преведени од авторките на текстот. За оригиналните наслови на изворите користени од печатот разгледуван тука, види во делот Библиографија, составен од Мијаковска во оваа книга.

во позитивна светлина (за историскиот контекст види повеќе кај Стојкоски во оваа книга). Во „ИИ“, книжевните наративи што не содржат јасни временско-просторни одредници може да се препуштат на интерпретацијата на читателот, а нивниот емотивен потенцијал може да биде потентен во функција на политичко-пропагандните цели. Како такви, тие често имаат за цел поттикнување носталгија, фингирање морални победници, поттикнување ксенофобија и зајакнување на подготвеноста за војување.

Месечното списание „Луч“ е единственото од трите анализирани списанија кое содржи посебна и редовна рубрика за книжевност. Декларираната цел на уредништвото била здружување на „сите интелектуалци од Југот“ (Boškovska 2017, 88), односно од Вардарска Македонија, поради што и доминира тамошното творештво. „Луч“ се обраќало кон сите југословенски народи и објавувало прилози критички настроени кон политичките случувања, но самото негово членство немало унифицирана идеологија и внатрешна политичка кохезија. Во него главно се застапени книжевни дела на локалните дијалекти и од народното творештво, а во многу мала мера авторски и современи книжевни дела од актуелниот период. Овој ограничен опфат на теми во книжевната рубрика резултирал со помала застапеност на авторки и присуство на еднолични прикази на жените, што спречува да го гледаме списанието како уметнички и родово прогресивно за своето време.

Третото списание, „Смена“, се јавува „за да ја пополни празнината во студентскиот живот“ и за да биде „орган на сите југословенски студенти“ (Тасић 2016, 37). Тоа содржи студентски прилози и пропорционално помал број на книжевни текстови, коишто се со дебитантска природа. Иако во „Смена“ се јавуваат попрогресивни текстови за женските и за студентските права, во поглед на книжевните аспекти треба да се забележи дека додека застапените авторки пишувале пасторална или љубов-

на поезија, женските прикази во текстовите од машки автори биле без исклучок стереотипни .

Проследувањето на книжевните прикази на жената во „ИИ“ открива две симултани, а спротивни улоги: (1) жените како фигури за стабилизација на национализмот и патријархатот и (2) жените како борки за социјална слобода и женска еманципација однатре воспоставените структури. Следејќи ја хронологијата на текстовите, во „ИИ“ може да се забележат промени во сликата на жените во согласност со промените во уредничката редакција, од првиот уредник Петар Мрмев (1928 – 1933), понатаму со Редакцискиот комитет (1934), Христо Шалдев (1935 – 1936) и, последниот уредник, Кирил Х. Совичанов (1936 – 1943). Во првиот издавачки период книжевните текстови се поретки и содржински се строго ограничени во поглед на пропишаните улоги на жените. Пред Совичанов, женското авторство е целосно отсутно во списанието, со евидентна склоност женскиот глас да биде посредуван од страна на автори-приредувачи или собирачи. Жените како авторки на книжевни текстови се јавуваат кратко во 1938 година, а поинтензивно од 1940 година. Сликата за жената е екстремно ограничена во првите години од излегувањето, кога е значително присутна фигурата на мајката. Низ годините книжевните прикази на жената се менуваат и се движат во правец на одредено родово ослободување, кон стремеж кон еманципација преку едукација и зголемување на општествената улога на жената, но останувајќи во рамките на конзервативната идеологија. По 1940 година, во последните години од излегувањето на „ИИ“, текстовите од авторки се со родољубиви и оплакувачки мотиви, коишто во склоп на пошироката историска ориентација на Бугарија се преобразуваат во изразити пунктови со препознатлив националистички дискурс.

Во трите списанија нивото на вклученост на авторки е ниско, поради што страдаат и претставите на жените. Во „ИИ“ првите авторки се појавуваат дури во 1938 година. Од вкупниот

преглед на текстови[2] може да се сумира дека во однос на родовиот баланс на авторството во списанието, 21.5 % од анализираните текстови се од авторки, 59.4 % се напишани од автори, а кај 19 % авторството не може да се одреди поради непознатост на авторите или користење иницијали наместо целосно именување. Авторките во „Луч“ се уште поретки и тоа се должи на изборот да се вклучат голем број текстови со карактер на народно творештво. Затоа, наместо како авторки, жените овде се јавуваат како раскажувачки или пејачки кои го паметат и го пренесуваат народното творештво. Тука има само 9 % авторки, 36 % автори и 56.8 % со неодредено авторство. Во „Смена“ авторките се застапени со 27 %, авторите со 63.6 %, а останатите 9 % не можат да се определат.

1.1. Алтерација на женските гласови

До 1938 година, постои евидентна склоност женскиот глас да биде посредуван од страна на автори и приредувачи. Ова е највидливо кога станува збор за пренесени сведоштва од жени или припомнување на животите на жените. На пример, во текстовите „Прасето нѐ спаси“ (Прасето ни спаси: единъ епизодъ / Никола Кировъ Майски. // Год. 8, кн. 2 (72) (1936), стр. 7-9) и „Мехди Бег и охридската болница“ (Мехди бей и охридската болница / Никола Кировъ Майски. // Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 13-14) од Никола К. Мајски, искуството на учителката Аспасија Мишева Каневчева се пренесува преку навидум директен говор на учителката, но видно врамен во нарацијата на приредувачот. Ваквиот пристап има импакт врз третманот на женскиот глас. Имајќи предвид дека усното творештво било традиционално женско средство за изразување, одлуката за второстепено пренесување на женските приказни го потенцира нивното задржување во тој домен. Со тоа жената е симболично затворена во доменот на приватното. Приредувачите вака добиваат неограничена и ненадгледувана слобода и моќ за интерпретација,

2 79 од „ИИ“, 44 од „Луч“ и 11 од „Смена“.

редакција и дообликување на сведоштвата, како и можност за манипулација со идеите и приказите на ликовите. Во расказот „Пиринската четничка“ од Г. И. Бјалев (Пиринската четничка / Г. Ив. Бјалевъ. // Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48) (1933), стр. 30-31), пак, посветен на комитката Екатерина Арнаудова, ликот на Арнаудова е двојно посредуван: од авторот и наратор Бјалев и од ликот на нејзиниот командир, преку што е зголемена можноста за манипулација со наративот. Преку посредувањето на нејзиниот лик таа е претворена во легенда, оддалечена е и направена недопирлива. Ова оддава впечаток како нејзиниот хероизам да не може да стои сам по себе, туку како да мора да се дообјасува и да биде дозволен и оправдан од мажите и нивната менторска заштита и силна инфантилизација.

Во „Луч“, во однос на прашањето за самостојноста на женските гласови, нема подобар одговор: записничари на народното творештво се мажи, а како усни раскажувачки и пејачки превладуваат жени. Во „Смена“ нема доволно релевантни текстови за да може да се мапира некаква тенденција и тие текстови што беа земени предвид не го делат овој проблем околу авторството.

2. Варијации на женската субверзивност во просторот

Типолошки гледано, во текстовите на „ИИ“ повеќето женски ликови што доаѓаат до израз се хероини, во широка смисла на зборот, кај кои се потенцирани храброста, способноста, благородните квалитети и дела. Тие главно делуваат: (1) теренски, како комитки, атентаторки и курирки; (2) во јавниот простор, како учителки и милосрдни сестри; (3) во рамките на домот, како мајки и (4) за одредена кауза, како мисионерки или филантропки.

Промовираните вредности во текстовите во „ИИ“ се во согласност со величањето на култот кон хероизмот и маченишТвото којшто бил наголемо почитуван во Илинденската организација[3] (и во ВМРО Автономистичка). Во книжевноста во „ИИ“ никогаш не се зборува за обичниот човек, за слабостите, болката, раните (освен ако не се тоа херојски рани) и нема болни, дезертери, ниту сомничави кон каузата.

„Луч“ и „Смена“ имаат сосем поинаков дискурс и тука жената главно е претставена во рамки на секојдневието, во семејните улоги и во релација со машките ликови, најчесто како мајка, сопруга и млада девојка. Само мал дел од нив во рамки на приказните имаат херојски карактеристики и тие главно се поврзуваат со нивната итрина и смелост. Во „Луч“, за разлика од „ИИ“, кога мажот заминува од домот и ја напушта мајка си или љубената, тоа е резултат на заминување на печалба, а не во војна. Тука патриотските песни бележат чисто родољубиви емоции на тага по напуштениот дом и ниту во контекст на списанието, ниту надвор од него, не се мешаат со националистички побуди и дискурси. Слично, во „Смена“ доминираат љубовни песни и приказни за љубомората, смртта и пријателството и воопшто, за секојдневната проблематика на обичниот човек.

2.1. Жената во домот

Во текот, а особено по завршувањето на борбите, се оддавала посебна почит кон мајките на паднатите борци. Мајката постои како култ во сите наративи за нацијата. Жената е мајка *заради* нацијата и во таа смисла, има двојна улога: (1) симболичка, социјализациска и (2) биолошка, репродуктивна, која особено доаѓа до израз во услови на војна (Kolarić 2017). Најидеализирана е релацијата меѓу неа и синот, во која таа на симболичен начин посредува помеѓу борбата за ослободување и синовите борци. Таа ги воспитува во духот на родољубивоста и пожртву-

3 Прочитај повеќе за Илинденската организација во делот Библиографија составен од Мијаковска во оваа студија.

ваноста и несебично ги предава да се борат и да умрат за својот народ. Тоа е типичниот лик на мајката во расказите во „ИИ“: челичната, способна и непоколеблива старица која со години го чека враќањето на синовите. Затоа, фигурата на мајката е неразделно врзана за симболот на куќата[4]. Во текстот „Балканка“, Светлана Слапшак вели дека „просторите на движење и видливост на Балканките се остро определени“ (Слапшак 2015). При излегувањето од домот „му се заканува симболично територијално казнување на женското тело – силување“, додека „куќата и затвореноста може да бидат идеални субверзивни простори“ (Исто). Во куќата жената има поголема контрола која ја користи во полза на трансформирање на просторот во единица на делување. Во расказите таа често се појавува и на праговите, во улога на чуварка и портирка, застаната на симболично „помеѓу“. Жените гледаат како домот се трансформира за време на војна и од заштитна капсула се претвора во транзитен простор низ којшто минуваат револуционерните струења. Во таа транзитност, во распрснатоста на социјалното ткиво, идентитетот на жената се колективизира.

Во текот на објавувањето на „ИИ“, приказот на жените еволуира и постепено тие се јавуваат како посамостојни и јавно активни индивидуи. Сепак, во поглед на фигурата на мајката, таквата позитивна промена е само привидна бидејќи сè уште се одвива во рамките на суштински непроменети структури и релации. Во расказите што ја тематизираат загубата на синот во војната, како „Мајката“ од Аведис Ахаронјан (Майката / Аведисъ Ахаронянъ Харипъ. // Год. 2, бр./кн. 7 (17) (1929), стр. 10-11) и „Бадникова вечер“ од Вестала Тимчева (Бъдни вечеръ / Вестала Тимчева. // Год. 13, кн. 1 (121) (1941), стр. 10-11), се насетува субверзивниот потенцијал на фигурата на мајката како место на отпор против херојскиот наратив: болката која ја чувствува соочена со загубата на синот за читателот може имплицитно да го отвори прашањето за оправданоста на направената жртва.

4 Во овие примери куќата се поистоветува со концептот за домот.

Сепак, мајката е санкционирана штом ќе се осмели да се посомнева и да се побуни, а со помош на механизмот на емоционална манипулација таа е принудена новодојденото момче да го прифати како супститут за изгубениот син и да продолжи да го негува како борец, за на тој начин да се искупи и да биде примена назад во традиционалниот поредок.

2.1.1. Фигурата на таткото

Наспроти силното присуство на мајката, фигурата на таткото е речиси целосно отсутна во трите списанија. Неговото присуство е комплетно маргинално, неговиот лик е молчелив и безличен. Примарниот идентитет на мажот е „комита", па неговото однесување мора да биде во строга функција на тајните организации, како што е илустрирано во повеста за Параскева А. Лозанчева (Лозанчева, Параскева А. // Год. 8, кн. 2 (72) (1936), стр. 14-15). Во песната „Татковиот завет"[5] од А. Кипров, лирскиот субјект е таткото кој упатува поуки за доблестите што треба да го водат синот кон достоинствен и вреден живот: истрајност, цврсто заложување за идеалите и љубов кон татковината. Песната е строго дидактична и неперсонална, а татковиот глас е авторитарен, што е во спротивност со автобиографското, лично и потресно сеќавање во расказот „Мојата мајка" (Моята Майка / Александъръ Кипровъ. // Год. 3, бр.кн. 5 (25) (1930), стр. 4-6) од истиот автор.

2.1.2. Женските ликови носителки на трикстерска енергија

Генерално, жената во текстовите е со флексибилен идентитет наспроти мажот, чиј идентитет е поотсечен, тврд, постабилен. Додека мажот боде со својата очигледност како фактор на закана, жената често го надмудрува непријателот создавајќи илузија околу него. За разлика од машките ликови, чија

5 Илустрација Илинден. Гл. уредник Петар Мрмев. 1930. „Татковиот завет": Александар Кипров. Год. 3, бр. 5 (25). Илинденска организација: „Стопанско развитие", „Пирин". Софија.

мотивација лежи во конфронтирање со заканата на бојното поле, кај женските ликови има поголема варијација во однесувањето и во интеракцијата со околината. Во одредени случаи, жената канализира трикстерска енергија, ги преживува опасностите и предизвиците користејќи ја измамата како одбрана и со тоа стекнува итна предност. Иако во литературата вообичаено женските ликови трикстерки се поретки од машките, во „ИИ“ и во „Луч“ се иницираат преку итрата жена која му се спротивставува на непријателот, често поистоветен со османлискиот окупатор, кој е физички посилен и помоќен од неа. Во дел од примерите (како во „И каурките станале комитки“ (И кауркитѣ станали комити: първитѣ комитки – дветѣ етърви отъ с. Лера, Битолско / Христо Настевъ. // Год. 9, кн. 9 (89), (1937), стр. 12-15) и „Се оженил за гуска“ (Се женал за гуска (причала Василька Тасиќ) / Ѣ. Ј. Киселиновиќ // Год. 1, бр. 5 (1937), стр. 205-206), жените имаат способност да создаваат паралелни реалности и да надитруваат со помош на магија или преку умешно смислување веродостојни приказни. Тие го напаѓаат противникот намамувајќи го на добро позната територија или се појавуваат пред него целосно маскирани. Тоа е нивен начин на бунт против авторитетот и воспоставените норми и преосмислување на формите на отпор во вековно поробената средина, што главно цели да резултира со општо добро за сите.

2.2. Активноста на жената во машкиот воен и политички домен

Ликот на националната хероина е интересен за разгледување, особено во раниот период на излегување на „ИИ“. Жените кои излегуваат од пропишаните норми, со успех еднаков на мажите, поседуваат загадочен и несфатлив идентитет за авторите кои настојуваат да ги гледаат низ традиционалните женски одредници. Така, настрана контроверзноста на ликот на Мара Бунева (види повеќе кај Стојкоски; и кај Коцевска во оваа книга), во пофалната лирска песна (Мара Бунева / Љубо-

миръ Бобевски. // Год. 3, бр./кн. 1 (21) (1929), стр. 6) посветена на неа, авторот Бобевски се обидува да го пронајде мостот помеѓу очекуваната женска приказна и нему новоувидениот „женски“ хероизам во ликот на Бунева. Во текстот се воспоставува графичка јукстапозиција помеѓу двете половини од песната во кои авторот ги претставува перципираните контрадикторни димензии во нејзината личност. Прво тој зборува за општата еднодимензионална фигура на мајката како родилка на „великани“ и „гении“, за во втората половина да продолжи со контрастниот стих: „А Мара Бунева жена ја роди роб“. Нападното родово контекстуализирање пресечено со трагизмот на фаталната отстапка на Мара од пропишаната норма впечатливо му претходи на опевањето на нејзиниот херојски и родољубив акт. Авторот несомнено ја почитува и ја велича хероината, но низ стиховите протекува неговото жалење дека таа е несреќна хероина, и тоа не затоа што го загубила животот поради пожртвуваноста за своите идеали, туку поради скршнувањето од традиционално предвидениот „женски пат“.

2.3. Жената како активна чинителка во јавниот простор

Историски гледано, во јавниот простор жената најчесто се среќава во типично женските професии на просветна работничка, милосрдна сестра, негувателка. Се работи за позиции од големо значење за заедницата, каде што таа се јавува како градителка на општествени структури и покровителка на безбедност. На пример, во сеќавањето на учителката Аспасија Каневчева, текстот со наслов „Прасето нѐ спаси“, неслучајно нејзината куќа се претвора во централно засолниште среде настанатата кризна ситуација. Селаните кај неа ги кријат своите материјални скапоцености (меѓу кои специфично се споменати девојчински мирази како материјален симбол за надеж за подобра иднина) и од сите точки во заедницата потекнуваат линии на доверба упатени кон куќата на учителката.

Жените застануваат на чело на селските заедници како гласноговорнички и заштитнички кои со неуморен труд ја одржуваат кохезијата на заедницата и претставуваат нејзини емотивни столбови. Тие се далекувидни идеалистки, теренски имплементаторки и блиски пријателки, драгоцени за созревањето на народот. Во пофалната песна посветена на Царевна Миладинова од Бобевски, поетот вака ја опишува: „Фрли златно семе в плодна црна земја,/ и крила ни даде за полет взарен! (...) За сиромашни, слаби, ти беше железен штит!“ (Царевна Миладинова Алексиева: (ќерка на Димитар Миладинов) / Љубомиръ Бобевски. // Год. 8, кн. 10 (80) (1936), стр. 1-2). Овие жени активно градат структури – општествени мрежи, болници, училишта и сиропиталишта – ги подигаат темелите на одржливи заедници организирајќи ги напорите на жителите. За нив се пишува и пее со истиот возвишен тон како и за воените хероини кои го дале животот во народноослободителните борби. Во песната „Јубилеен поздрав кон Захарија Шумљанска“, посветена на добротворката која дала огромен дел од својот живот на основање, градење и водење сиропиталиште во Битола, поетесата Добревска вели: „Ти не трепна пред темници,/Не се исплаши од смрт, /Редум со многу мачености/Го помина најстрмниот пат“ (Юбилейно приветствие къмъ г-жа З. Шумлянска / Сийка Добревска. // Год. 10, кн. 3 (1938), стр. 8).

2.4. Грозоморните прикази на умирањата на женските ликови

Во рамките на анализираните списанија се појавуваат и голем број текстови со дистинктивни женски ликови чија развојна приказна завршува со грозоморна смрт. Приказите на умирања на женските ликови се изнасилени со цел да предизвикаат омраза и гадење од непријателот, особено кога читателот го изедначува него со фигурата на Турчинот. Интересно е дека кога жената отворено и јавно го предизвикува непријателот или решава да се соочи со него надвор од домот, таа доживува фатална, хиперболизирана смрт. Во расказот „Мојата мајка“

(Кипровъ // Год. 3, бр.кн. 5 (25) (1930), стр. 4-6), на пример, Турците жената „ја исекле жива на парчиња и ја фрлиле во бунарот пред нивната порта“. Слично, кон крајот на легендата „Вели Беговата пештера“ (Вели беговата пещера : (легенда изъ Бабуба) / Стефанъ Аврамовъ. // Год. 8, кн. 9 (79) (1936), стр. 14-16), Бегот во бес ја врзува Бела Ица „за опашот на коњот, ја влече до пештерата, ѝ ја отсекува главата и ја фрла во вода“.

Во народната лирика во „Луч“, умирањата на женските ликови настапуваат брзо и застрашувачки, при што не им се дава шанса да се спротивстават или да го изберат сопствениот живот пред потребите на другите. Всушност, во голем број примери во „Луч“, смртта на жените е предизвикана од страна на партнерот или од блиските во семејството. Во песните „Во Стара народна песна“ (Народне умотворине. Народна стара песма / Ђорђе Ј. Симоновић. // Год. 2, бр. 3 (1938), стр. 108) и „Синоќа Боја седеше“ (С’нош е Боја седела / Руша Р. Ћузеловић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 151-152) машките ликови ги инфантилизираат сопругите задавајќи им баналeн и садистички предизвик којшто овие не го исполнуваат. Тоа е сфатено како кршење на патријархалните правила, безобразност и повредување на машката чест. Конкретно во овие два раскази, убиствата се поттикнати од пакосните свекрви, преку што се продолжува промовирањето на традицијата на негување непријателски и одмазднички односи меѓу жените.

Во некои од песните жените конечно проговоруваат дури кога се јавуваат од задгробниот свет. Тие немаат вистинска можност да бидат лирски субјекти и постојат само како објекти на перцепција. Во песната „Кучишта лаат, лоши луѓе идат“ (Кучишта лајат, лоши људе идат / Руша Р. Ћузеловић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 153-154) испеана од Ѓузеловиќ, женското тело на сестрата која го спасува братот е целосно осакатено, а на крајот сепак се расправа за благосостојбата на машкиот субјект. Конечно, екстремен пример за целосно имобилизирање на женското тело среќаваме во песната „Една охридска жална песна

за вѕидувањето“ (Една охридска „жална песма“ о узићивању (певала Анастасија К.) / Људовит М. Бодулић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 150-151), која е една од бројните варијации на распространетиот мотив на вѕидување на женскиот лик за обезбедување трајност на градбата.

Заклучок

Компаративното истражување на претставата на жената во книжевните текстови во списанијата „Илустрација Илинден“, „Луч“ и „Смена“ открива неколку од многуте можни скалила на разгледување на жените и женските ликови во печатот во периодот меѓу двете светски војни. Текстов претставува обид за расчленување на напластените патријархални призми што го поматуваат читателското искуство.

Истражуваните списанија се со ограничен број книжевни текстови и опфат на теми, со слаба застапеност на авторки и ограничени и еднолични прикази на женските ликови и искуства, што спречува да ги оцениме како родово прогресивни за своето време. Ова е повлијаено и од уредничките политики и идеолошките насоки на списанијата. Женските ликови се најчесто ограничени на дејствување внатре во домот и во име на националистичката кауза, не добивајќи соодветна заслуга. Од друга страна, тие наоѓаат начини да дејствуваат субверзивно и независно, преку создавање единствени пунктови на солидарност и заземање активни улоги во борбите за народно ослободување и за градење на општеството.

Но, за среќа, шевовите на скроените претстави за жената во дадените дискурси пукаат и ги издаваат манипулативни практики на авторите, преку што се отвара можност за увид во делувањето на жената во дадениот период повеќе од претходно. Препрочитувањето на текстовите носи нови увиди од каде што се развлекуваат поинакви смисли и тоа е еден од начините за враќање на одземената самостојност на женскиот глас.



библиографски опис
составен од Марина
Мијаковска

БИБЛИОГРАФИЈА

I „Илюстрация Илиндень“ (1927 – 1943)

„Илюстрация Илиндень“ било списание на Илинденската организација во Бугарија. Станува збор за емигрантска организација создадена во 1921 година, составена од повеќе културни и легални емигрантски друштва чиишто членови учествувале во Илинденското востание, а останатите биле поддржувачи на споменот за народноослободителното движење, како и други емигранти. Меѓу раководителите на организацијата биле Арсениј Јовков, Георги Занков, Петар Ацев и Славко Абазов. Како активни соработници и автори во печатот на организацијата се јавувале Крсте Петков Мисирков, Димо Хаџи Димов и Војдан Чернодрински. Илинденската организација во периодот помеѓу двете светски војни станала најмасовна легална македонска емигрантска организација, а „Илюстрация Илиндень“, во споредба со другите македонски легални весници, имал највисок тираж.

Овој наслов на ретка периодика се печател во Софија во временски интервал од април 1927 година до мај 1944 година. Годишно излегувале по 10 броеви, а тиражот варирал од 1.400 до 5.000 примероци. Периодичноста на списанието била месечна. Тоа било илустрирано издание на Илинденската организација на македонската емиграција во Бугарија и посветено на негување на споменот за Илинденското востание.

Илинденската организација, во периодот од 1921 до 1924 година, развила голема културно-просветна дејност и била организатор на масовни чествувања на Илинден, со што помогнала да се создаде архива за голем број борци, настани, личности и места поврзани со Илинденското востание. Тоа се одразува во нејзиниот орган „Илустрация Илиндень“. Таму се објавувале релевантни прогласи, фотографии, патеписи, биографии и мемоарски белешки на учесниците во востанието. Уредниците се грижеле да обезбедат значајни книжевни творби од авторите како Војдан Чернодрински, Венко Марковски итн.

Главни уредници на списанието се: Петар Мрмев, Кирил Христов Совичанов, Христо Шалдев, Лазар Томов, Лука Групчев итн. Од Год. VII, кн. 1 (61) 1934 главен уредник бил Христо Шалдев. Од Год. VIII, кн. 5 (75) 1936 главен уредник е Кирил Христов. Од Год. VIII, кн. 1 (71) 1936 уредник е Христо Шалдев, а од кн. 6 (76) 1936 главен уредник е Кирил Христов.

Списанието „Илустрация Илиндень“ е библиотечен фонд обработен и сместен во Збирката за ретката периодика што се наоѓа при НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Овој наслов е сместен под сигнатурната ознака РС III 8 / ISSN:C400-9916 / COBISS-MK ID:80370442. Весникот е оригинал, а од Год. VIII, кн. 1 (71)-кн. (80) 1936 го имаме како фотокопија. Од ова списание во фондот на НУБ ги има броевите од Год. II, кн. 1 (11) (1928) – Год. XV, кн. 10 (150 бр.) (1943). Комплетниот фонд од овој наслов во 14 томови е дигитализиран и е јавно достапен за корисниците на дигиталната библиотека. Списанието може да се најде на страницата www.dlib.mk. Оваа библиографија претставува тематски попис

на видливоста на жените како авторки или како теми во весникот „Илюстрация Илиндень“. Предлог-стандард за библиографски внесови: стандард ISBD(CP) – International Standard Bibliographic Description of Component Parts, и тоа скратена верзија на тој стандард, а во која е изоставено името на списанието и ISSN бројот, но е задржана пагинацијата, за поголема јасност и прегледност на библиографијата.

Периодичност на излегувањето:

Год. 1, бр. (кн.), 1 (1, април), 2 (2), 3 (3, Јули), 4 (4), 5 (5), 6 (6), 7 (7), 8 (8), 9 (9), 10 (10) (1927-1928)

Год. 2, бр. (кн.) 1 (11), 2 (12), 3 (13), 4 (14), 5 (15, април), 6 (16, мај), 7 (17, јуни), 8 (18, јули), 9 (19, октомври), 10 (20, ноември) (1928-1929)

Год. 3, бр. (кн.) 1 (21, декември), 2 (22 јануари), 3 (23, февруари), 4 (24, март), 5 (25, април), 6 (26, мај), 7 (27, септември), 8 (28, октомври), 9 (29, ноември), 10 (30, декември) (1929-1930)

Год. 4, бр. (кн.) 1 (31, јануари), 2 (32, февруари), 3 (33, април), 4 (34, јуни), 5 (35, септември), 6 (36, ноември), 7 (37, јануари), 8 (38, март), 9 (39, мај), 10 (40, јуни) (1931-1932)

Год. 5, бр. (кн.) 1 (41, септември 1932), 2 (42, ноември 1932), 3 (43, јануари 1933), 4 (44, март 1933), 5 (45, април 1933), 6 (46, мај 1933), 7-8 (47-48, јуни-јули 1933 – јубилеен број), 9-10 (49-50, септевмври-октомври 1933) (1932-1933)

Год. 6, бр. (кн.) 1-2 (51-52, ноември-декември 1933), 3 (53, јан. 1934), 4 (54, февруари 1934), 5-6 (55-56, март-април 1934), 7 (57, мај 1934), 8 (58, јуни 1934), 9 (59, септември 1934), 10 (60, октомври 1934) (1933-1934)

Год. 7, бр. (кн.) 1 (61, ноември 1934), 2-3 (62-63, декември 1934-јануари 1935), 4-5 (64-65, февруари-март 1935), 6 (66, април 1935), 7-8 (67-68, мај-јуни 1935), 9-10 (69-70, септември-октомври 1935) (1934-1935)

Год. 8, бр. (кн.) 1 (71, јануари), 2 (72, февруари), 3-4 (73-74, март-април), 5 (75, мај), 6 (76, јуни), 7 (77, септември), 8 (78, октомври), 9 (79, ноември), 10 (80, декември) (1936)

Год. 9, бр. (кн.) 1 (81, јануари), 2 (82, февруари), 3 (83, март), 4 (84, април), 5 (85, мај), 6 (86, јуни), 7 (87, август), 8 (88, октомври), 9 (89, ноември), 10 (90, декември) (1937)

Год. 10, бр. (кн. 1) (91, јануари), 2 (92, февруари), 3 (93, март), 4 (94, април), 5 (95, мај) 6 (96, јуни), 7 (97, септември), 8 (98, октомври), 9 (99, ноември), 10 (100, декември) (1938)

Год. 11, бр. (кн.) 1 (101, јануари), 2 (102, февруари), 3 (103, март), 4 (104, април), 5 (105, мај), 6 (106, јуни), 7 (107, септември), 8 (108, октомври), 9 (109, ноември), 10 (110, декември), (1939)

Год. 12, бр. (кн.) 1 (111, јануари), 2 (112, февруари), 3 (113, март), 4 (114, април), 5 (115, мај), 6 (116, јуни), 7 (117, септември), 8 (118, октомври), 9 (119, ноември), 10 (120, декември), 1940

Год. 13, бр. (кн.) 1 (121, јануари), 2 (122, февруари), 3 (123, март), 4 (124, април), 5 (125, мај), 6 (126, јули), 7 (127, септември), 8 (128, октомври), 9 (129, ноември), 10 (130, декември), 1941

Год. 14, бр. (кн.) 1 (131, јануари), 2 (132, февруари), 3 (133, март), 4 (134, април), 5 (135, мај), 6 (136, јуни), 7-8 (137-138, септември - октомври), 9 (139, ноември), 10 (140, декември) 1942

Год. 15, бр. (кн.) 1 (141, јануари), 2 (142, февруари), 3 (143, март), 4 (144, април), 5-6 (145-146, мај-јуни), 7 (147, септември), 8 (148, октомври), 9 (149, ноември), 10 (150, декември), 1943

Год. 16, бр. (кн.) 1 (151, јануари), 2-3 (152-3), 4-5 (154 март), 1944

I

Год. 2, бр. 1 (11), 2 (12), 3 (13), 4 (14), 5 (15, април), 6 (16, мај), 7 (17, јуни), 8 (18, јули), 9 (19, октомври), 10 (20, ноември) (1928-1929)

Год. 2, бр./кн. 7 (17) (јуни 1929)

1. АХАРОНЯНЪ Харипъ, Аведисъ
   Майката / Аведисъ Ахаронянъ Харипъ. // Год. 2, бр./кн. 7 (17) (1929), стр. 10-11

Год. 2, бр/кн. 9 (19) (октомври 1929)

2. АХАРОНЯНЪ Харипъ, Аведисъ
   Чаво : (Посвещава се отъ преводача Мара Бунева) / Аведисъ Ахаронянъ Харипъ. // Год. 2, бр/кн. 9 (19) (1929), стр. 11-15

Год. 2, бр./кн. 10 (20) (ноември 1929)

II

Год. 3, бр./кн. 1 (21 декември), 2 (22 јануари), 3 (23 февруари), 4 (24 март), 5 (25 април), 6 (26 Мај), 7 (27 септември), 8 (28 октомври), 9 (29 ноември), 10 (30 декември) (1929-1930)

Год. 3, бр./кн. 1 (21), (декември 1929)

1. БОБЕВСКИ, Љубомиръ
   Мара Бунева / Љубомиръ Бобевски. // Год. 3, бр./кн. 1 (21) (1929), стр. 6

Год. 3, бр./кн. 2 (22), (јануари 1930)

1. АВРАМОВЪ, Стефан
   Баба Кръста : (картини и видения въ робската страна / Стефан Аврамовъ. // Год. 3, бр./кн. 1 (21) (1930), стр. 3-8

Год. 3, бр.кн. 3 (23) (февруари 1930)

1. КОЖУХОВЪ, Андрей
   Аведисъ Ахаронянъ-Харипъ : По случай четиридесеть годишния му юбилей отъ неговата литературна и обществено-политическа дейность / Андрей Кожуховъ. // Год. 3, бр.кн. 3 (23) (1930), стр. 3-5

2. АХАРОНЯНЪ Харипъ, Аведисъ
   Малкйятъ куриеръ / Аведисъ Ахаронянъ Харипъ. // Год. 3, бр.кн. 3 (23) (1930), стр. 5-8

Год. 3, бр.кн. 5 (25) (април 1930)

2. КИПРОВЪ, Александъръ
   Моята Майка / Александъръ Кипровъ. // Год. 3, бр.кн. 5 (25) (1930), стр. 4-6

III

Год. 4, бр./кн. 1 (31, јануари), 2 (32, февруари), 3 (33, април), 4 (34, јуни), 5 (35, септември), 6 (36, ноември), 7 (37, јануари), 8 (38, март), 9 (39, мај), 10 (40, јуни) (1931-1932)

Год. 4, бр./кн. 6 (36) (ноември 1931)

1. АВРАМОВЪ, Стефанъ
   По козитѣ пѫтеки : (продложение отъ книга 5 (35) / Стефанъ Авpамовъ. // Год. 4, бр./кн. 6 (36) (1931), стр. 9-12

IV

Год. 5, бр./кн. 1 (41, септември 1932), 2 (42, ноември 1932), 3 (43, јануари 1933), 4 (44, март 1933), 5 (45, април 1933), 6 (46, мај 1933), 7-8 (47-48, јуни-јули 1933), 9-10 (49-50, септември-октомври 1933) (1932-1933)

Год. 5, бр./кн. 2 (42), (ноември 1932)

1. ЕДИНЪ голѣмъ даритель. // Год. 5, бр./кн. 2 (42) (1932), стр. 5-6

2. СЕДМИЯТЬ редовень конгресъ на Илинденската организация. // Год. 5, бр./кн. 2 (42) (1932), стр. 6-7

Год. 5, бр./кн. 3 (43) (јануари 1933)

1. КЕПОВЪ, Иванъ Г.
   Преди триесеть години / Иванъ Г. Кеповъ. // Год. 5, бр./кн. 3 (43) (1933), стр. 10-11

Год. 5, бр./кн 4 (44) (март 1933)

1. МИРЧЕВЪ, Боян
   Великиятъ македонски съборъ въ Горна-Джумая / Боян Мирчев. // Год. 5, бр./кн 4 (44) (1933), стр. 3-13

Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48, јубилеен број), (јуни-јули 1933)

1. БИОЛЧЕВЪ, Илия Н.
   Въстанието въ Костурско (спомени) / Илия Н. Биолчев. // Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48) (1933), стр. 12-19

2. БЈАЛЕВЪ, Иван Г.
   Пиринската четничка / Г. Ив. Бјалевъ. // Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48) (1933), стр. 30-31

Год. 5, бр./кн. 9-10 (49-50) (септември-октомври 1933)

1. ТОМОВЪ, Л.
   Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ и г-жа Катерина Стефанова Цилка / Л. Томовъ. // Год. 5, бр./кн. 9-10 (49-50) (1933), стр. 25-30

V

Год. 6, бр./кн. 1-2 (51-52, ноември-декември 1933), 3 (53, јан. 1934), 4 (54, февруари 1934), 5-6 (55-56, март-април 1934), 7 (57, мај 1934), 8 (58, јуни 1934), 9 (59, септември 1934), 10 (60, октомври 1934) (1933-1934)

Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934)

1. ТОМОВЪ, Л.
   Подвигътъ на Мара Бунева / Л. Томовъ. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (1934), стр. 2-4

2. КИРОВЪ Майски, Никола
   Крушовскитѣ куриери-светци / Никола Кировъ Майски. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934), стр. 5-8

Год. 6, кн. 4 (54) (февруари 1934)

1. КИРОВЪ Майски, Никола
   Крущевските ученици революционеря / Никола Кировъ Майски. // Год. 6, кн. 4 (54) (1934), стр. 4-6

Год. 6, кн. 7 (57) (мај 1934)

1. КЕПОВЪ, Иванъ П.
   Никола попъ Филиповъ / Иванъ П. Кеповъ. // Год. 6, кн. 7 (57) (1934), стр. 14-16

VI

Год. 7, кн. 1 (61, ноември 1934), 2-3 (62-63, декември 1934-јануари 1935), 4-5 (64-65, февруари-март 1935), 6 (66, април 1935), 7-8 (67-68, мај-јуни 1935), 9-10 (69-70, септември-октомври 1935) (1934-1935)

Год. 7, кн. 6 (66) (април 1935)

1. ШАЛДЕВЪ, Христо
   Изъ дневника на Н. Пасковъ: (продължение отъ кн. 62-63) / Христо Шалдевъ. // Год. 7, кн. 6 (66) (1935), стр. 15-16

VII

Год. 8, бр./кн. 1 (71, јануари), 2 (72, февруари), 3-4 (73-74, март-април), 5 (75, мај), 6 (76, јуни), 7 (77, септември), 8 (78, октомври), 9 (79, ноември), 10 (80, декември) (1936)

Год. 8, кн. 2 (72), (февруари 1936)

1. КИРОВЪ Майски, Никола
   Прасето ни спаси : единъ епизодъ / Никола Кировъ Майски. // Год. 8, кн. 2 (72) (1936), стр. 7-9
   (прераскажано од Аспасија Ан. Каневчева, поранешна учителка од Охрид)

2. ЛОЗАНЧЕВА, Параскева А. // Год. 8, кн. 2 (72) (1936), стр. 14-15

Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74), (март-април 1936)

1. ЧЕРНОДРИНСКА, М. В.
   35-годишнятъ юбилей на Войданъ Чернодрински. // Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 8-9

2. КИРОВЪ Майски, Никола
   Мехди бей и охридската болница / Никола Кировъ Майски. // Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 13-14

3. КЕЦКАРОВЪ, Антонъ
   Четническото движение въ Охридско : (продължение оъ кн. 2 (73-74) / Антонъ Кецкаровъ. // Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 14-18

Год. 8, кн. 9 (79) (ноември 1936)

1. АВРАМОВЪЪ, Стефан
   Вели беговата пещера : (легенда изъ Бабуба) / Стефанъ Аврамовъ. // Год. 8, кн. 9 (79) (1936), стр. 14-16

Год. 8, кн. 10 (80) (декември 1936)

1. БОБЕВСКИ, Љубомиръ
   Царевна Миладинова Алексиева : (ќерка на Димитар Миладинов) / Љубомиръ Бобевски. // Год. 8, кн. 10 (80) (1936), стр. 1-2

2. ДИМИТРОВЪ, Крум
   На Царевна Миладинова Алексиева / Крум Димитровъ. // Год. 8, кн. 10 (80) (1936), стр. 2

VIII

Год. 9, бр./кн. 1 (81, јануари), 2 (82, феввруари), 3 (83, март), 4 (84, април), 5 (85, мај), 6 (86, јуни), 7 (87, август), 8 (88, октомври), 9 (89, ноември), 10 (90, декември) (1937)

Год. 9, кн. 4 (84, април) (април 1937)

1. НАШЯТЪ X редовенъ конгресъ. // Год. 9, кн. 4 (84) (1937), стр. 3-10

Год. 9, кн. 6 (86, јуни) (јуни 1937)

1. ЩЕДРА дарителка : единъ примѣръ за подражание. // Год. 9, кн. 6 (86) (1937), стр. 14

Год. 9, кн. 7 (87, август) (август 1937)

1. МАРКОВСКИ, Вениаминъ
   На македонската героиня / Вениаминъ Марковски. // Год. 9, кн. 7 (87) (1937), стр. 4-5

2. А. , С.
   Охридскиятъ войвода Деянъ Димитровъ / С. А. // Год. 9, кн. 7 (87) (1937), стр. 14-15

Год. 9, кн. 8 (88) (1937)

1. БѢЛЕВЪ, Г. Ив.
   Изъ живота на четитѣ / Г. Ив. Бѣлевъ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 10-12

2. ИВАНОВЪ, С. Х.
   Тима Икономова / С. Х. Ивановъ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 12

3. КОПИТАРЪ
   Донка Ставрева / Копитаръ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 13

Год. 9, кн. 9 (89) (ноември 1937)

1. НАСТЕВЪ, Христо
   И кауркитѣ станали комити : първитѣ комитки – дветѣ етърви отъ с. Лера, Битолско / Христо Настевъ. // Год. 9, кн. 9 (89) (1937), стр. 12-15

Год. 9, кн. 10 (90) (декември 1937)

1. ШУМЛЯНСКА, Захария
   Какъ се основа, уреди и унищожи Битолското сиропиталище : (изъ споменитѣ на Захария Шумлянска) / Захария Шумљанска. // Год. 9, кн 10 (90) (1937), стр. 8-13

2. СКРЪБНА весть за Захария Юл. Шумљанска / Илинденска организация. // Год. 9, кн 10 (90) (1937), *sp.*

IX

Год. 10, кн. 1 (91, јануари), 2 (92, февруари), 3 (93, март), 4 (94, април), 5 (95, мај) 6 (96, јуни), 7 (97, септември), 8 (98, октомври), 9 (99, ноември), 10 (100, декември) (1938)

Год. 10, кн. 3 (93) (март 1938)

1. ДОБРЕВСКА, Сийка
   Юбилейно приветствие къмъ г-жа З. Шумлянска / Сийка Добревска. // Год. 10, кн. 3 (1938), стр. 8

2. ЗАХАРИЯ юлиянъ Шумлянска / Год. 10, кн. (1938), стр. 8-10

Год. 10, кн. 7 (97) (септември 1938)

1. НАЙДЕНОВА Спирова, Йорданка
   Предъ каймакамин / Йорданка Спирова Найденова. // Год. 10, кн. 7 (97) (1938), стр. 11

X

Год. 11, кн. 1 (101, јануари), 2 (102, февруари), 3 (103, март), 4 (104, април), 5 (105, мај), 6 (106, јуни), 7 (107, септември), 8 (108, октомври), 9 (109, ноември), 10 (110, декември), (1939)

Год. 11, кн. 2 (102) (феруари 1939)

1. ИВАНОВЪ, Илия
   Учебното дѣло въ Крушовска нахия (подоколия) презъ турското владичество / Илиюа Ивановъ. // Год. 11, кн. 2 (102) (1939), стр. 10-13.

Год. 11, кн. 9 (109) ноември 1939

1. МУШМОВЪ, Н. А.
   Баба Кръта : споменъ отъ Струга / А. Н. Мушмовъ. // Год. 11, кн. 9 (109) (1939), стр. 8-9.

2. ИВАНОВЪ, Илия
   Учебното дѣло въ гр. Прилепъ и Прилепско / Илия Иванов. // Год. 11, кн. 9 (109) (1939), стр. 10-12

XI

Год. 12, кн. 1 (111, јануари), 2 (112, февруари), 3 (113, март), 4 (114, април), 5 (115, мај), 6 (116, јуни), 7 (117, септември), 8 (118, октомври), 9 (119, ноември), 10 (120, декември), 1940

Год. 12, кн. 1 (111, јануари), (јануари 1940)

1. ХРИСТОВЪ, Кирил
   Инженеръ Христо Станишевъ / Кирил Христовъ. // Год. 12, кн. 1 (111) (1940), стр. 8-9

Год. 12, кн. 2 (112, февруари), 1940

1. ХРИСТОВЪ, Кирил
   Сиропиталище Битола / Кирил Христовъ. // Год. 12, кн. 2 (112) (1940), стр. 10-12

2. Х. , Ив.
   Какъ биде изпратена една скромна, но заслужила Стружанка / Ив. Х. // Год. 12, кн. 2 (112) (1940), стр. 13-14

Год. 12, кн. 6 (116, јуни), (јуни 1940)

1. БАДЕВЪ, Йордян
   За споменитѣ на македонскитѣ деятели и Знамето на Битолския революционенъ окржгъ / Йордян Бадевъ. // Год. 12, кн. 6 (116) (1940), стр. 3-5

Год. 12, кн. 7 (117, септември), (септември 1940)

1. ТИМЧЕВА, Вестала
Моята молитва / Вестала Тимчева. // Год. 12, кн. 7 (117) (1940), стр. 2.

Год. 12, кн.9 (119, ноември), (ноември 1940)

1. МЕЛЕТИ, Ружа
Вардаре! / Ружа Мелети. // Год. 12, кн. 9 (119) (1940), стр. 1

2. МЕЛЕТИ, Ружа
Свободна ще си ти! / Ружа Мелети. // Год. 12, кн. 9 (119) (1940), стр. 2

XII

Год. 13, кн. 1 (121, јануари), 2 (122, февруари), 3 (123, март), 4 (124, април), 5 (125, мај), 6 (126, јули), 7 (127, септември), 8 (128, октомври), 9 (129, ноември), 10 (130, декември), 1941

Год. 13, кн. 1 (121, јануари), (1941)

1. ТИМЧЕВА, Вестала
Бъдни вечеръ / Вестала Тимчева. // Год. 13, кн. 1 (121) (1941), стр. 10-11

2. ФИДАНОСКА, Мелетиева Ружа
Бъдникътъ / Ружа Фиданоска Мелетиева. // Год. 13, кн. 1 (121) (1941), стр. 14

Год. 13, кн. 9 (129, ноември), 1941

1. ШИНГАРОВА, П. Р.
Македония е свободна / П. Р. Шингарова. // Год. 13, кн. 9 (129) (1941), стр. 7.

Год. 13, кн. 2 (122, февруари), (февруари 1941)

1. АЦЕВЪ, Калитанъ Георги П.
Първата ми среща съ Йорданъ Пиперката : крушовската „Баба Тонка“ – Баба Пара Митева Гърданоска : (из споменитѣ на П. Ацевъ по дейностьта му въ Крушовско) / Калитанъ Георги П. Ацевъ. // Год. 13, кн. 2 (122) (1941), стр. 6-8

Год. 13, кн. 3 (123, март), (март 1941)

1. МЕЛЕТИ, Ружа
Ще дойдемъ ний! / Ружа Мелети. // Год. 13, кн. 3 (123) (1941), стр. 11

Год. 13, кн. 4 (124, април), (април 1941)

1. ХРИСТОВЪ, Кирил
Декларацията / Кирил Христоъ. // Год. 13, кн. 4 (124) (1941), стр. 4-5

Год. 13, кн. 5 (125, мај), (мај 1941)

1. МЕЛЕТИ, Ружа
Очакване / Ружа Мелети. // Год. 13, кн. 5 (125) (1941), стр. 5

2. ДРУМЕВЪ, Ангелъ
Учителката отъ Конско / Ангелъ Друмев. // Год. 13, кн. 5 (125) (1941), стр. 11-12.

Год. 13, кн. 10 (130, декември), 1941

1. МЕЛЕТИ, Ружа
Честита ни нова година / Ружа Мелети. // Год. 13, кн. 10 (130) (1941), стр. 1

XIII

Год. 14, кн. 1 (131, јануари), 2 (132, февруари), 3 (133, март), 4 (134, април), 5 (135, мај), 6 (136, јуни), 7-8 (137-138, сеп.-окт.), 9 (139, ноември), 10 (140, декември) 1942

Год. 14, кн. 2 (132, февруари), 1942

1. ХРИСТОВЪ, Кирил
Мара Бунева : (по-случай годишнината отъ героичната ѝ кончина) / Кирил Христовъ. // Год. 14, кн. 2 (132) (1942), стр. 2-4

2. К. (анонимен автор)
Пишатъ ни отъ Скопие : тържеството на лобното мѣсто на Мара Бунева / К. // Год. 14, кн. 2 (132) (1942), стр. 5.

3. Х. (анонимен автор)
Сребра Апостолова Ушлиновска / Х. // Год. 14, кн. 2 (132) (1942), стр. 5

4. ИЛИНДЕНЬ
Списъкъ : на избититѣ лица по време на Илинденското възстание въ с. Цапари-Битолска околия / Илиндень. // Год. 14, кн. 2 (132) (1942), стр. 15.

Год. 14, кн. 6 (136, јуни), (јуни 1942)

1. ВЕСЕЛИНОВА, Райна Цв.
Подпоручникъ Борисъ Сугаревъ : (спомени по случай 39 годишнината отъ героиската му смъртъ) / Райна Цв. Веселинова. // Год. 14, кн. 6 (136) (1941), стр. 6.

Год. 14, кн. 7-8 (137-138, септември-октомври), (септември-октомври 1942)

1. ПОЗДРАВИТЕЛНИ телеграми до конгреса / Олга Радева. // Год. 14, кн. 7-8 (1942), стр. 25.

Год. 14, кн. 10 (140, декември), (декември 1942)

1. Г-ЖА МАРИЯ Дяконъ Ив. Младенова. // Год. 14, кн. 10 (140) (1942), стр. 11.

XIV

Год. 15, кн. 1 (141, јануари), 2 (142, февруари), 3 (143, март), 4 (144, април), 5-6 (145-146, мај-јуни), 7 (147, септември), 8 (148, октомври), 9 (149, ноември), 10 (150, декември), 1943

Год. 15, кн. 3 (143, март), 1943

1. МАКЕДОНСКИЯ женски съюзъ
   Славка Евтимъ Джерова / Македонския женски съюзъ. // Год. 15, кн. 3 (143) (1943), стр. 7.

Год. 15, кн. 7 (147, септември), 1943

1. МЕЛЕТИ, Ружа
   Плаче народа / Ружа Мелети. // Год. 15, кн. 7 (147) (1943), стр. 3

Год. 15, кн. 9 (149, ноември), (ноември 1943)

1. ДЕЙКОВА, Олга
   Отъ Софија до Св. Наум / Олга Дејкова. // Год. 15, кн. 9 (149) (1943), стр. 8-11.

Год. 15, кн. 10 (150, декември), (декември 1943)

1. ДЕЙКОВА, Олга
   Од София до Св. Наумъ / Олга Дејкова. // Год. 15, кн. 10 (150) (1943), стр.7-10

II „Луч: месечни часопис за културна, економска и социјална питања“

„Луч: месечни часопис за културна, економска и социјална питања“ (на српски јазик „луч“ значи светлина) е списание за културни, економски и социјални прашања. Тоа е наслов од ретката периодика што започнала да излегува на 1 јуни 1937 година. Се печатело на српски јазик, од 1 јуни 1937 до 20 мај 1938 година. Сопственик бил Ѓорѓи Киселинов, а одговорни уредници биле тој и д-р Борис Арсов. Списанието излегувало како месечник во Скопје. Тоа било печатено во печатницата „Немања“ во Скопје. Во него објавувале прилози луѓе со различна професија: аптекари, пратеници, правници, трговци, книжари и филолози итн. Соработници биле Благој Благоев, Димитар Ѓузелов, Антон Панов, Радослав Петковски, Цеко Стефанов, Теодосиј Робев, Филип Каваев, Методија Андонов Ченто, итн. Подоцна, на 1 мај 1938 година, била извршена трансформација на списанието во акционерско друштво со 28 акционери. Излегувањето било забрането од јавниот обвинител, бидејќи во него се објавувале прилози и статии во кои се критикувале политичките случувања, власта, општествените недостатоци итн. Ова списание го има во фондот на НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Од овој наслов може да се најдат Год. I, бр. 1 (1937) – год. II, бр. 5 (1938). Насловот е сместен под сигнатурната ознака РС II 32 / COBISS-MK ID:26122764 Списанието е дигитализирано и е јавно достапно за корисниците на страницата dlib.mk.

Избрани библиографски внесови:

Год. 1, бр. 4 (септември 1937)

1. ПРОЈЧЕСКА, Марија
   Ленче / Марија Пројческа. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 145-148

2. БОДУЛИЋ, Људовит М.
   Једна охридска „жална песма“ о узићивању (певала Анастасија К.) / Људовит М. Бодулић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 150-151

3. ЋУЗЕЛОВИЋ, Руша Р.
   С'нош е Боја седела / Руша Р. Ћузеловић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 151-152

4. ЋУЗЕЛОВИЋ, Руша Р.
   Кучишта лајат, лоши људе идат / Руша Р. Ћузеловић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 153-154

Год. 1, бр. 5 (октомври 1937)

1. КИСЕЛИНОВИЋ, Ћ. Ј.
   Се женал за гуска (причала Васиљка Тасић) / Ћ. Ј. Киселиновић. // Год. 1, бр. 5 (1937), стр. 205-206

Год. 1, бр. 6-7 (ноември-декември 1937)

1. НАРОДНЕ умотворине // Год. 1, бр. 6-7 (1937), стр. 279-282

Год. 2, бр. 3 (мај 1938)

1. СИМОНОВИЋ, Ђорђе.
   Народне умотворине. Народна стара песма / Ђорђе Ј. Симоновић. // Год. 2, бр. 3 (1938), стр. 108

Год. 2, бр. 5 (мај 1938)

1. НАРОДНЕ умотворине. Народне лирске песме из Скопља // Год. 2, бр. 5 (1938), стр. 204-205

2. ЧАКМАКОВИЋ, Антоније М.
   Социјална хроника : насилни побачај као социјално зло / Антоније М. Чакмаковић. // Год. 2, бр. 5 (1938), стр. 209-212

III „Смена: гласник југословенских студената“

„Смена: гласник југословенских студената“ е списание за студентите од Југославија. Тоа е ретка периодика во која одглас имале прилозите на тогашните студенти. Излегувало на српски јазик и се печатело во Белград, Загреб, Љубљана, Суботица и Скопје. Сопственик бил Ј. Х. Станковиќ. Се печатело од 1930 до 1931 година. Во него се објавувале текстови на кирилица и на латиница. Во него можеле да се најдат пес-

ни, раскази, хроники, текстови за студентските здруженија и индустријата итн. Ова списание како фотокопија се чува во фондот на НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Од овој наслов може да се најдат Год. I, бр. 1 (1930) – год. II, бр. 7/8 (1931). Овој наслов е сместен под сигнатурната ознака РС II 120 / COBISS-MK ID: 23568396 Списанието е дигитализирано и е јавно достапно за корисниците на страницата dlib.mk.

Избрани библиографски внесови:

Год. 1, бр. 1 (1 декември 1930)

1. TREU, Rudolf
   Skopski Filozofski fakultet i njegovi studenti / Rudolf Treu. // Год. 1, бр. 1 (1930), стр. 7-11

Год. 2, бр. 1 (1 јануари 1931)

1. РАДОЈКОВИЋ, Милица
   Данашња Студенткиња / Милица Радојковић. // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 5-8

2. ЗАНИМЛИВОСТИ : проценат студенткиња у односу на студената у појединим земљама // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 46

3. ПИЛИЋКОВИЋ, Дора
   Ноћ у шуми / Дора Пилићковић. // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 27

4. ПОПОВИЋ, Иванка
   Десетогодишњица скопског Филозофског факултета / Иванка Поповић. // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 65-67

5. ПИЛИЋКОВИЋ, Дора
   Ову песму шуме јаблани / Дора Пилићковић. // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 8-9

РЕГИСТАР НА ИМИЊА НА ЖЕНИ ОД БИБЛИОГРАФИЈАТА НА ТРИТЕ СПИСАНИЈА „ИЛУСТРАЦИЈА ИЛИНДЕН“, „ЛУЧ“ И „СМЕНА“



составен од
Јана Коцевска

Наместо индекс на поважни имиња и термини, работата на оваа книга ја отвори потребата од изготвување регистар на имињата на жените кои се содржани и детектирани во изворите на ретка периодика, овде уредени како Библиографија. Регистарот на имиња директно ги претставува жените кои се „кријат“ зад насловите во уредената Библиографија во оваа книга и се релевантни во текстовите објавени овде. Редоследот на имињата во овој регистар е уреден азбучно, со фокус врз библиографската врска на името со содржините во истражуваните извори. Онаму каде што е можно, т.е. каде што постојат фактографски и историографски податоци, кон името е додадена и кратка биографска белешка. Поширока цел на регистарот е да отвори пат кон понатамошни истражувања од областа на историјата на жените. Веруваме дека со пристапот на систематизирање специфични делови од изворните податоци, како на пример во овој случај, преку евидентирањето на жените кои на различни нивоа биле активни и важни во своите заедници, а со тоа и отсликани во јавноста и медиумите, се зголемува потенцијалот за продлабочување на старите истражувања и за започнување сосем нови истражувања од областа на историјата на жените од македонското минато. Регистарот е составен дел од оваа книга и како таков е дел од методолошката рамка на истражувањето. Тоа налага негово исчитување заедно со авторските текстови што содржат значајни историски и контекстуални информации за читател(к)ите. Регистарот понуден овде може да се смета и како делумно интерактивно истражувачко и информативно помагало. Тој нема за цел да даде целосни биографски профили или портрети на личностите зад детектираните имиња, ниту, пак, длабоко да навлегува во историографските наративи за политичката историја и идентитетска историја на регистрираните личности, туку да служи како патоказ за побудување истражувачка љубопитност, која би ги поттикнала читател(к)ите кон трагање за понатамошни сознанија за историјата на жените, од печатот истражуван овде – кон други видови извори и литература.

***

I Илустрација Илинден

АЛЕКСИЕВА МИЛАДИНОВА, Царевна. (1856, Струга – 1934, Софија). Просветна работничка и интелектуалка. Претставничка на просветното дело и на книжевното творештво во Македонија. Особено заслужна за образованието на девојчињата. Ќерка на Димитар и Митра Миладинови. Основачка е на женската гимназија во Солун „Благовештание“. Директорка и основачка на женско училиште во Прилеп. Трагично загинала на 18 декември во Софија во 1934 година, како резултат на трамвајска несреќа.

Царевна Миладинова Алексиева: (ќерка на Димитар Миладинов) / Љубомиръ Бобевски. // Год. 8, кн. 10 (80) (1936), стр. 1–2;
На Царевна Миладинова Алексиева / Крум Димитровъ. // Год. 8, кн. 10 (80) (1936), стр. 2; Учебното дѣло въ гр. Прилепъ и Прилепско / Илия Иванов. // Год. 11, кн. 9 (109) (1939), стр. 10–12;
Љубомиръ Бобевски / К. Хр. // Год. 12, бр./кн. 8 (118) (1940), стр. 7.

АРНАУДОВА, Екатерина. (1874, Либјахово – 1958, Софија) Комитка, дел од четата на Јордан Стојанов. Кон четничкиот живот се насочила по примерот на најблиските семејни членови. Во „Илустрација Илинден“ е претставена како „бестрашна пиринска четничка“, во комитска облека и со оружје. Интересно, во други биографски извори, опишана е како личност „која не била за семеен живот“ (со значење дека ги предизвикувала патријархалните норми) и дека наводно, во четата прво била примена, преправена како маж и дури подоцна открила дека е жена (овие наводи се на ниво на локална легенда, но укажуваат на уникатните примери на жени кои се истакнале како уважени борбени комити). Освен четничкиот живот, била активна и како хуманитарка, работејќи врз згрижување и образование на напуштени деца. Воедно, и самата посвоила седум деца.

Пиринската четничка / Г. Ив. Бјалевъ. // Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48) (1933), стр. 30–31.

Баба Велика. Во „Илустрација Илинден“ опишана како „голема помошничка и згрижувачка на комитските чети“ од с. Смилево.

Изъ живота на четитѣ / Г. Ив. Бѣлевъ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 10–12.

БУНЕВА, Мара. (1902, Тетово – 1928, Скопје) Членка на ВМРО, позната како „атентаторка“ (поретко и како „терористка“) поради успешниот атентат кој го извршила врз Владимир Прелиќ, висок претставник на српската власт во Скопје, во 1928 година. Средното образование го стекнала во Скопје, во периодот помеѓу 1915 – 1918, додека дел од територијата на Вардарска Македонија бил под власт на Бугарија. По 1918 година и потпаѓањето на територијата во рамките на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, семејството Буневи се преселиле во Бугарија, каде што Мара Бунева го стекнала средното образование. Во Софија, под дејство на контактите и поврзаноста на нејзини семејни челнови со идеологијата и мрежата на ВМРО, таа станала нејзин активен член. По успешниот атентат врз

Прелиќ, Бунева се самоубила, што силно одекнало помеѓу припадниците на ВМРО и сродните движења и организирани групи поврзани со оваа организација, како и меѓу емиграцијата која ја поддржувала оваа идеологија на Балканот, во Европа и во Северна Америка. Тоа се согледува и на страниците на „Илустрација Илинден“, каде што нејзиниот лик е претставуван со големи почести, како „мачеричка“ за „македонската кауза“. Во македонската официјална историографија, како и во јавната историја од социјалистичкиот период, Мара Бунева е согледана како контроверзна личност, додека помеѓу „мнемоничките воини“ и групи на поддржувачи кои се јавуваат во и по 1990-те години и главно припаѓаат кон десниот политички спектар, нејзините лик и дело се рехабилитирани.

Чаво: (Посвещава се отъ преводача Мара Бунева) / Аведисъ Ахаронянъ Харипъ. // Год. 2, бр/кн. 9 (19) (1929), стр. 11–15;
Мара Бунева / Љубомиръ Бобевски. // Год. 3, бр./кн. 1 (21), (1929), стр. 6;
Подвигътъ на Мара Бунева / Л. Томовъ. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (1934), стр. 2–4;
Љубомиръ Бобевски / К. Хр. Сов. // Год. 12, бр./кн. 8 (118) (1940), 7;
Мара Бунева / К. Хр. Сов. // Год. 14, бр./кн. 2 (132) (1942), 2-4.

ГОНОВА, Магда. Комитка во четата на Гоне Бегинин од Кукуш. Сопруга на Гоне Бегинин. Во „Илустрација Илинден“ се претставени како „четнички сопружници“, облечени во комитска облека, со оружје.

Никола попъ Филиповъ / Иванъ П. Кеповъ. // Год. 6, кн. 7 (57) (1934), стр. 14–16.

ГРДАНОВСКА МИТЕВА, Пара „Баба Тонка“ (Митевица). Илинденска револуционерка од Крушево. Била нарекувана „мајка на комитите“ поради нејзината активност како помошничка и згрижувачка на комити во својата куќа. За неа пишувале Георги Томалевски и Петар Ацев во своите спомени.

Първата ми среща съ Йорданъ Пиперката : крушовската „Баба Тонка“ – Баба Пара Митева Гърданоска : (из споменитѣ на П. Ацевъ по дейностьта му въ Крушовско) / Калитанъ Георги П. Ацевъ. // Год. 13, кн. 2 (122) (1941), стр. 6–8;
Раняването на Дамянъ въ Груевъ въ с. Слатино презъ 1904 год. // Год. 9, бр./кн. 3 (83) (1937), стр. 6.

ДЕЈКОВА, Олга. Писателка. Повеќекратна авторка на патеписни и новинарски содржини во „Илустрација Илинден“.

Отъ София до Св. Наум / Олга Дейкова. // Год. 15, кн. 9 (149) (1943), стр. 8–11;
Од София до Св. Наумъ / Олга Дейкова. // Год. 15, кн. 10 (150) (1943), стр.7–10.

ДИНКОВА, Славка. (1848, Солун – 1869, Солун). Просветна работничка, интелектуалка и феминистка. Како ученичка покажувала голема љубов кон науката за јазикот и просветната дејност. Била менторирана од преродбеникот Димитар Миладинов. Авторка на статијата „За в'спитанието на девоиките“ (“Македонија”, II, 14, 2.III.1868). Отворила женско училиште во Солун (околу 1866 година). Училиштето функционирало во една соба од семејната куќа, а девојчињата биле образовани бесплатно. Градските елити од

Битола, Велес и Прилеп, како и шивачкиот еснаф од Солун ја поддржале и ја спонзорирале нејзината работа. Училиштето го поддржал и револуционерот Христо Узунов. Јавно ги изразувала своите ставови за потребата од еднакви образовни и општествени можности за мажите и жените, како предуслов за општествена среќа и цивилизациски развој на народите. Поради тие ставови, некои истражувачи ја сметаат за прва феминистка во македонската историја. Во локалниот печат објавувала статии и преводи на дидактички и романовидни материјали поврзани со образовниот развој на девојчињата и се противела на ограничените можности за женско образование. Една од најзначајните претставнички на македонското женско книжевно творештво во 19 век. Починала на 20-годишна возраст.

Изъ вестницитѣ и печата. / Хр. Силяноъ. // Год. 9, бр./кн. 3 (83) (1937), стр. 14–15;
Училищното дѣло въ Солунската кааза презъ 1911-1912 уч. год. / И. Ивановъ. // Год. 12, бр./кн. 5 (115) (1940), стр. 14–16.

ДОБРЕВСКА, Сијка, Интелектуалка и писателка. Претседателка на Петтиот редовен конгрес на Македонскиот женски сојуз од Софија. Одржувала кореспонденција со просветната работничка Царевна Миладинова Алексиева. Била соработничка со хуманитарката Захарија Шумљанска. Спруга на бугарскиот генерал Симеон Добревски (роден во Кратово). Во „Илустрација Илинден" се јавува како авторка на еулогијата посветена на Захарија Шумљанска.

Юбилейно приветствие къмъ г-жа З. Шумлянска / Сийка Добревска. // Год. 10, кн. 3 (1938), стр. 8.

ИКОНОМОВА, Тима. (1861, Велес – 1937, Софија) Учителка и хуманитарка. Потпретседателка на локалниот Црвен крст. Го обновила женското друштво „Екатерина Симидчиева" и во Скопје отворила Женско стопанско училиште. Била соработничка со хуманитарката и просветна работничка Захарија Шумљанска.

Тима Икономова / С. Х. Ивановъ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 12;
Учебното дѣло въ гр. Прилепъ и Прилепско / Илия Иванов. // Год. 11, кн. 9 (109) (1939), стр. 10-12.

ЈАНЧЕВА, Евтимица. Просветна работничка и претставничка на македонското книжевно творештво од крајот на 19 век. Се смета за авторка на првата полемичка статија (напишана од жена), во која се побунила за јавното дискредитирање на жените кои работеле во просветата.

Изъ дневника на Н. Пасковъ: (продължение отъ кн. 62-63) / Христо Шалдевъ. // Год. 7, кн. 6 (66) (1935), стр. 15–16.

ЈАНЧУЛЕВА РАКИЦИЕВА, Евгенија. Родена 1875, во Прилеп. Просветна работничка и претставничка на женското книжевно творештво. Била и активистка за женски права, како и учесничка во МРО. Директорка на Женската гимназија во Прилеп. Сопруга на докторот Јордан Јанчулев.

Учебното дѣло въ гр. Прилепъ и Прилепско / Илия Иванов. // Год. 11, кн. 9 (109) (1939), стр. 10-12.

КАРАИВАНОВА ПЕТКОВА, Недела (баба Недела) (1826, Сопот – 1894, Софија) Раководителка на едно од првите женски училишта во Прилеп (отворено во 1865 година).

Позната е како „основоположничка на женското образование во Македонија). Нејзината ќерка Станислава Петкова Караиванова Балканова го продолжила просветното дело на мајката и станала почитувана просветна работничка.

Учебното дѣло въ гр. Прилепъ и Прилепско / Илия Иванов. // Год. 11, кн. 9 (109) (1939), стр. 10–12.

КАРАНОВА ТРИФУНОВА, Билјана. Учителка од Битола. Учесничка во дејствијата за време на Илинденското востание. Ќерка на битолскиот интелектуалец и општественик Трифун Каранов. Во „Илустрација Илинден“ е претставена како предводничка на група учителки од Битолско и од Костурско кои биле везилки на востаничко знаме – значаен симбол за кревање на моралот на заедницата која востанала. Авторка е и на спомени во кои подетално ги опишува активностите на жителите на Битола, на Костурско и на Кичевско за време на востанието и нивното делување на спротивставени страни.

Въстанието въ Костурско (спомени) / Илия Н. Биолчев. // Год. 5, бр./кн. 7-8 (47-48), (1933), стр. 12–19.

КИРОВСКА ВАСИЛЕВА, Тана („баба Тона“). (1862, Осиничани – 1932, Пазарџик) Учесничка во Илинденското востание. Станала легендарна личност во с. Осиничани, Костурско, по нејзиниот чин на самоодбрана, кога ги убила напаѓачите кои ѝ влегле во куќата.

Изъ живота на четитѣ / Г. Ив. Бѣлевъ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 10–12.

КИСЕЛИНОВА, Аспасија. Ќерка на Евстасиј Киселинов од Охрид, помошник на охридскиот војвода Дејан Димитров – Карпата. Оваа девојка, кога имала 16 години, случајно се затекнала на местото каде што војводата Дејан Димитров убил османлиски офицер, со што, според тогашните норми, му станала соучесник. Девојката избегала заедно со војводата и така и официјално била третирана од властите како соучесник. По потрага по нив во Струга и Битола, конечно биле фатени во Битола. Семејството Киселинови дотогаш биле тешко мачени, војводата Дејан запален, а Аспасија Киселинова била казнета со бесење. Таа сепак се спасила и пребегала во Софија кај својот брат.

Охридскиятъ войвода Деянъ Димитровъ / С. А. // Год. 9, кн. 7 (87) (1937), стр. 14–15.

КУЌОРОВСКА Т. Калија. Курирка од Крушевско.

Крушовскитѣ куриери-светци / Никола Кировъ Майски. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934), стр. 5-8.

ЛОЗАНЧЕВА БИОЛЧЕВА, Параскева, Анастас. (1880, Прилеп – 1936, Софија) Образована жена и активистка во ВМРО. Со семејството подолг период живеела и работела во Битола, каде што се наоѓал бизнисот на нејзиниот татко Коста Биолчев – успешен бизнисмен. Сопруга на револуционерот Анастас Лозанчев, воедно и сопственик на фотографско ателје во Битола и учесник во политичките настани и во заднината на Илинденското востание.

ЛОЗАНЧЕВА, Параскева А. // Год. 8, кн. 2 (72) (1936), стр. 14-15.

МАГДЕВА, Мара („Магденица“). Курирка и организациска работничка од Крушево, с. Долно Дивјаци. Учествувала во диверзантски акции, криење на комити и сл. Во „Илустрација Илинден“, заедно со соселанката и курирка Јованица Цивцановска се претставени како активистички тандем. (види: ЦИВЦАНОВСКА, Таска („Јованица“))

Крушовскитѣ куриери-светци / Никола Кировъ Майски. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934), стр. 5–8.

МАМАРЧЕВА-МАКАРТНИ, Недела. (1898, Трново – 1989). Лекарка и интелектуалка, членка на бугарски женски организации од областа на високото образование. Ќерка на офицерот Димитар Мамарчев. Студирала медицина во Грац и Берн и дипломирала во 1917 година. Сопруга на Карли Макартни – експерт за историјата на Централна Европа и Унгарија. Била кореспондентка за весниците „Зора“, „Мир“ и „Бугарија“. Во 1977 година го доделила својот имот на Здружението за жени во високото образование.

Един утешителенъ за насъ проблясък (Писмо отъ Лондонъ) / Никола Кировъ Майски // Год. 8, бр./кн. 7 (77) (1936), стр. 15–16.

МИХОВИЦА „Моштанка“. Ова нецелосно и изведено женско име се среќава во текст во „Илустрација Илинден“ посветен на работата на жените во курирската служба на МРО – „пошталионки“. Текстот дава приказ на начините на коишто се формирале „женските дружби“ (дружини) во селата, со задача да го помагаат револуционерното дело. Опишана е и хиерархијата на женските курирски служби.

Пощенската служба при Вътрешна македоно-одринска революционна организация преди Илинденъ / Киселинчевъ В. Лазо. // Год. 8, бр./кн. 7 (77) (1936), стр. 8–10.

МИШЕВА КАНЕВЧЕВА, Аспасија Хр. Анастас. Просветна работничка од Охрид, интелектуалка и револуционерка. Била дел од неформална женска група поврзана со Македонската револуционерна организација. Била поврана со активностите на МРО и преку нејзиниот сопруг – револуционерот Анастас Каневчев. Во женската група учествувале учителките од Охрид: Славка Пушкарова, Еленка Кацкова, Поликсена Мосинова, Катја Самарџиева, Фанче Шулева, Флора Георгиева, Деспина Василчева. Овие жени организирале хуманитарни акции за помош на населението настрадано и оштетено за време на Илинденското востание и како последица на неговиот епилог.

Прасето ни спаси: единъ епизодъ / Никола Кировъ Майски. // Год. 8, кн. 2 (72) (1936), стр. 7–9;
Мехди бей и охридската болница / Никола Кировъ Майски. // Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 13–14.

МЛАДЕНОВА Ив. ЃАКОН, Марија. Претседателка на женското хуманитарно друштво „Утеха“ од Битола, отворено во 1905 година. Во истиот град отворила и народна кујна, како и бугарско женско стопанско училиште „Марија Луиза“, кое броело 60 ученички.

Г-ЖА МАРИЯ Дяконъ Ив. Младенова. // Год. 14, кн. 10 (140) (1942), стр. 11.

МУШМОВА ХАЏОВА, Крста. Била стружанка мажена во Охрид. Откако османлиски воени лица ѝ го убиле единствениот син, тргнала во „правна битка“ со државата, почнувајќи од судот во Охрид. Во вакви случаи судот давал некаков вид на оштета, во замена за јавно простување на убиството од страна на семејствата. Повеќето фамилии кои имале таков случај прифатиле, но Крста излегла и одржала говор пред собраните граѓани и си заминала без да ја прифати оштетата.

Баба Кръта : споменъ отъ Струга / А. Н. Мушмовъ. // Год. 11, кн. 9 (109) (1939), стр. 8–9.

НАЈДЕНОВА СПИРОВА, Јорданка. Писателка. Авторка на песна за револуцијата во Крушево во „Илустрација Илинден“.

Предъ каймакамин / Йорданка Спирова Найденова. // Год. 10, кн. 7 (97) (1938), стр. 11.

НЕГРЕВСКА КОСТОВА Коца. Курирка од Крушевско.

Крушовскитѣ куриери-светци / Никола Кировъ Майски. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934), стр. 5–8.

ПАТЕРОВА, Хрисанта. (1862, Загоричани – 1937, Софија) Хуманитарка. Како сираче од костурското село Загоричани, била посвоена од хуманитарецот Киро Патеров и извесно време живееле во Битола. Подоцна својот живот го посветила на хуманитарна дејност за згрижување деца и во Софија го основала сиропиталиштето „Битола“ и управувала со „Македонското женско благотворително дружество“.

ЩЕДРА дарителка : единъ примѣръ за подражание. // Год. 9, кн. 6 (86) (1937), стр. 14.

ПЕТРОВА, Фотинка. ЈАКИМОВА, ДИМЕВА, Аспасија. СПИРОВА, Анета.ОЛЧЕВА, Сп. ПОП ХРИСТОВА СТЕФАНОВА, Василка. Просветни работнички од Битола. Во „Илустрација Илинден“ се споменати како везилки на бојното знаме на Битолскиот револуционерен округ за време на Илинденското востание.

За споменитѣ на македонскитѣ деятели и Знамето на Битолския революционенъ окржгъ / Йордян Бадевъ. // Год. 12, кн. 6 (116) (1940), стр. 3–5.

ПЕЦАНОВСКА, Цовка. Курирка од Крушевско.

Крушовскитѣ куриери-светци / Никола Кировъ Майски. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934), стр. 5–8.

ПОП ГЕОРГИЕВА ЧЕРНОДРИНСКА, Марија. Театарска артистка. Актерка во претставата „Македонска крвава свадба“ на авторот и писател Војдан Чернодрински. Сопруга на Војдан Чернодрински.

35-годишнятъ юбилей на Войданъ Чернодрински. // Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 8–9.

ПУКАВИЧАРОВА, Јорданка. Комитка, по потекло од Самоков. Била дел од четата на војводата Павел Давков од Горна Џумаја. Во „Илустрација Илинден“ е претставена заедно со четата, облечена во комитска облека и со оружје.

По козитѣ пѫтеки : (продолжение отъ книга 5 (35) / Стефанъ Аврамовъ. // Год. 4, бр./кн. 6 (36) (1931), стр. 9–12.

СИМИТ(Д)ЧИЕВА, Екатерина. (1872, Скопје – 1899, Куманово). Просветна работничка и хуманитарка. Помошничка и соработничка на Икономова Тима во Женското учи-

лиште во Скопје. Била убиена во Куманово од турски аскер. Нејзина замена во училиштето во Скопје станала учителката Захарија Василева Шумљанска. Во нејзина чест, нејзината соработничка Икономова Тима го именува новоотвореното Стопанско училиште во Скопје. (види: ИКОНОМОВА, Тима).

Тима Икономова / С. Х. Ивановъ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 12.

СТАНШЕВА, Луиза (родена во 1877 година, Грац). Интелектуалка со германско-хрватско потекло, омажена за галичкиот општественик Димитар Минов Станишев. Се афирмирала како хуманитарка која работела волонтерски како медицинска сестра за време на Српско-бугарската војна. Ѝ бил доделен медал на Црвениот крст од Австрија. Раководела со женски секции за прехрана на населението во галичко-реканскиот крај и таму го основала хуманитарното друштво „Иван Бигор".

ЕДИНЪ голѣмъ даритель. // Год. 5, бр./кн. 2 (42) (1932), стр. 5-6.

СТЕФАНОВА ДИМИТРОВА, Катерина – Цилка. (1968, Банско – 1952, Тирана). Просветна работничка со потекло од Банско, локална претставничка на американската протестантска мисија. Била образована во САД во протестантско училиште за милосрдни сестри. Во Њујорк се омажила за Григор Цилка – Албанец протестант кој во САД студирал теологија. По стапувањето во брак се вратиле на Балканот и се населиле во Корча, а таму продолжиле да одржуваат контакти и да се активираат во протестантските мисии. Во аферата орагнизирана од четата на Јане Сандански за грабнување и барање откуп за Мис Стон, таа била нејзина придружничка, земена во заложништво во напредна бременост. (види: СТОН, Елен Марија („Мис Стон").

Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ и г-жа Катерина Стефанова Цилка / Л. Томовъ. // Год. 5, бр./кн. 9-10 (49-50) (1933), стр. 25–30.

СТОН, Елен Марија („Мис Стон"). (1946, Роксбери, Масачусетс, САД – 1927, Челси, Масачусетс, САД). Американска протестантска мисионерка. На почетокот на 20 век била во мисија помеѓу населението во Македонија, каде што меѓу другото се занимавала со организирање хуманитарна дејност и образование на девојчиња. Во периодот помеѓу 3 септември 1901 и 23 февруари 1902 била киднапирана од комитите на четата на Јане Сандански, со цел барање откуп во пари за револуционерната организација, како и привлекување на вниманието на меѓународните претставници кон состојбите на населението во османлиска Македонија. Случајот воедно претставува прво киднапирање на американски граѓанин во политички цели и предизвикал големо медимуско и новинарско внимание во печатот низ Европа и САД, а во историографијата е познат како „аферата Мис Стон". При киднапирањето, како придружничка била земена и Катерина Цилка, за која подоцна комитите и организатори на откупот дознале дека е во напредна бременост и која се породила во заложништво.

Се претпоставува дека жените биле криени во околината на селото Ратево (Беровско). Акцијата на комитите била успешна и жените биле откупени за околу 14.000 златни турски лири. По враќањето во САД, Мис Стон давала бројни медиумски изјави и интервјуа во кои детално опишувала денкои аспекти од „животот во заложништво на комитите“ и за разлика од очекувањата на јавноста, комитите ги претставила како луѓе кои се борат за национално ослободување, а не како егзотични дивјаци и терористи.

Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ и г-жа Катерина Стефанова Цилка / Л. Томовъ. // Год. 5, бр./кн. 9-10 (49-50), (1933), стр. 25–30.

ТАТАРЧЕВА, Тибаулт Марта (некаде во печатот запишана и како Магда). Интелектуалка со потекло од Швајцарија. Членка и раководителка на женските емигрантски организации во Бугарија и членка на ВМРО. Сопруга на Асен Татарчев, лекар од Ресен, член на ВМРО. Во 1933 година објавила публикација издадена во Женева, пишувана на француски јазик, насловена како „Апел од македонските жени до интернационалната јавност и претставниците на слободните народи“.

Великиятъ македонски съборъ въ Горна-Джумая / Боян Мирчев. // Год. 5, бр./кн 4 (44) (1933), стр. 3–13.

ТИЛОВА, Евтим Заринка. Хуманитарка од Струга. Раководела со женско хуманитарно друштво во Охрид. Во 1890 година се преселила во Софија, но и оттаму продолжила со организирање хуманитарна дејност во Охрид и Струга. Во својата родна куќа во Струга отворила дом за настрадани лица од последиците на Илинденското востание.

Какъ биде изпратена една скромна, но заслужила Стружанка / Ив. Х. // Год. 12, кн. 2 (112) (1940), стр. 13–14.

ТИМЧЕВА, Вестала. Авторка на патриотска проза и поезија, родена во Скопје. Повеќекратна писателка во „Илустрација Илинден“. По Втората светска војна станала писателка и публицистка во Бугарија.

Моята молитва / Вестала Тимчева. // Год. 12, кн. 7 (117) (1940), стр. 2;
Бъдни вечеръ / Вестала Тимчева. // Год. 13, кн. 1 (121) (1941), стр. 10–11.

ФИДАНОСКА, Мелетиева Ружа („Мелети“). Писателка на патриотска поезија и проза. Единствена авторка на поезија која повеќекратно се јавува како авторка во „Илустрација Илинден“.

Вардаре! / Ружа Мелети. // Год. 12, кн. 9 (119) (1940), стр. 1;
Свободна ще си ти! / Ружа Мелети. // Год. 12, кн. 9 (119) (1940), стр. 2;
Бъдникътъ / Ружа Фиданоска Мелетиева. // Год. 13, кн. 1 (121) (1941), стр. 14;
Ще дойдемъ ний! / Ружа Мелети. // Год. 13, кн. 3 (123) (1941), стр. 11;
Очакване / Ружа Мелети. // Год. 13, кн. 5 (125) (1941), стр. 5;
Честита ни нова година / Ружа Мелети. // Год. 13, кн. 10 (130) (1941), стр. 1;
Плаче народа / Ружа Мелети. // Год. 15, кн. 7 (147) (1943), стр. 3.

ТОМОВА, Кипра („Баба Кипра“). Курирка. Во „Илустрација Илинден“ претставена (и фотографирана) како една од бројните жени курири и згрижувачки на комити.

Изъ живота на четитѣ / Г. Ив. Бѣлевъ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 10–12.

ТРИЧКОВА Факија, **СТАНОЕВА М. Кнегиња**. **ПОП НАУМОВА, Спаса**. **ХРИСТОВА, Фани**. **ХАЛЧОВА, Флора**. Учителки во Крушево, во учебната година 1916/1917.

Учебното дѣло въ Крушовска нахия (подоколия) презъ турското владичество / Илиюа Ивановъ. // Год. 11, кн. 2 (102) (1939), стр. 10–13.

УЗУНОВА, ЧАКАРОВА Анастасија, Димитар. (1860, Струга – 1947, Софија). Мајка на револуционерот Христо Узунов. Почитувана во заедницата како жена која изгубила семејни членови за револуционерната кауза во илинденскиот период. Во „Илустрација Илинден“ се среќава во биографски текст посветен на членовите на семејството Узунови и во текст каде што се опишани жените-везилки на востаничкото знаме од Охрид и Охридско: БОЈАЏИЕВА НАСТЕВА, Костадина, САМАРЏИЕВА, Клио, ШАХАВА, Анета, МИЛЕВА, Аспасија, ПАРМАКОВА, Поликсена.

Четническото движение въ Охридско : (продължение оъ кн. 2 (73-74) / Антонъ Кецкаровъ. // Год. 8, бр./кн. 3-4 (73-74) (1936), стр. 14–18.
Почитъ на Илинденци къмъ майката на Хр. и Антонъ Узунови / Бужбовъ и Ионечвъ // Год. 13, бр./кн. 8 (128) (1941) стр. 7.

УШЛИНОВСКА ИЛИЕВА ДОМАЗЕТОВСКА, Сребра, Апостол. (1886, Лера – 1942, Варна) Комитка. Како млада сопруга на Апостол Ушлиновски во с. Лера, била напаствувана од страна на локалниот бег Реџеп Реџо Суљо(в). Бидејќи однесувањето на бегот ги засегало сите жени во селото, а меѓу нив и нејзината јатрва Донка Ставрева Ушлиновска, двете жени го организирале убиството на бегот. По убиството тие пребегнале во блиската планина, каде што биле пресретнати од четата на ресенскиот војвода Славејко Арсов, кој им дал униформи. Со нив се одметнал и сопругот на Сребра – Апостол Ушлиновски бидејќи бил поврзан со активностите на МРО. По Илинденското востание станале дел од четата на Ѓорги Сугарев. (види: УШЛИНОВСКА СТАВРЕВА, Донка).

Донка Ставрева / Копитаръ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 13;
И кауркитѣ станали комити : първитѣ комитки – дветѣ етърви отъ с. Лера, Битолско / Христо Настевъ. // Год. 9, кн. 9 (89), (1937), стр. 12–15;
Сребра Апостолова Ушлиновска / Х. // Год. 14, кн. 2 (132) (1942), стр. 5.

УШЛИНОВСКА СТАВРЕВА, Донка. (1880/5, Смилево – 1937, Варна). Комитка од село Лера, Битолско. Додека мажот ѝ бил на печалба, Донка ја вознемирувал и ја следел еден Турчин, кого таа го убила и го закопала со помош на нејзината јатрва, Сребра Апостолова. По убиството, двете жени пребегнале во блиската планина, каде што биле пресретнати од четата на ресенскиот војвода Славејко Арсов, кој им дал униформи. Станала позната како „Донка комитката“, а во изворите е нарекувана „еднаква со мажите“. Била и доброволна учесничка во Првата балканска војна. Животниот и борбениот пат многу ја зближиле со нејзината јатрва Србра Илиева Ушлиновска и во изворите често се опишувани како тандем. (види: УШЛИНОВСКА ИЛИЕВА (АПОСТОЛОВА), Сребра).

Донка Ставрева / Копитаръ. // Год. 9, кн. 8 (88) (1937), стр. 13;

И кауркитѣ станали комити : първатѣ комитки – дветѣ етърви отъ с. Лера, Битолско / Христо Настевъ. // Год. 9, кн. 9 (89), (1937), стр. 12–15.

ЦЕРОВА, Евтим Славка. (1876, Охрид – 1943, Софија) Хуманитарка, патриотка и активистка во редовите на женското движење помеѓу македонската емиграција во Бугарија. Членувала во Охридско-струшкото женско друштво, а подоцна во Софија станала претседателка на „Македонскиот женски сојуз".

Славка Евтимъ Джерова / Македонския женски съюзъ. // Год. 15, кн. 3 (143) (1943), стр. 7.

ЦИВЦАНОВСКА ИВАНОВА, Таска („Јованица"). Курирка и организациска работничка од Крушево, с. Долно Дивјаци, активна во периодот на Илиндеското востание. Учествувала во диверзантски акции, криење на комити и сл. Во „Илустрација Илинден", заедно со соселанката и курирка Магдева Мара се претставени како активистички тандем. Во една пригода убедила османлиски офицери да не го запалат селото поради еден комитски упад. (види и: МАГДЕВА, Мара).

Крушовскитѣ куриери-светци / Никола Кировъ Майски. // Год. 6, бр./кн. 3 (53) (јануари 1934), стр. 5–8.

ШИНГАРОВА, П. Р. Авторка на патриотска поезија и проза во „Илустрација Илинден". По Втората светска војна работела како писателка на детска литература.

Македония е свободна / П. Р. Шингарова. // Год. 13, кн. 9 (129) (1941), стр. 7.

ШУМЉАНСКА ВАСИЛЕВА, Захарија, Јулијан. (1864, Могила – 1937, Софија). Просветна работничка и хуманитарка. Предводничка на социјални политики и хуманитарни акции за згрижување на напуштени и сиромашни деца. Работела на собирање хуманитарни донации од политички, дипломатски и црковни лица. Како резултат на нејзината активност, во Битола било изградено сиропиталиштето „Утеха", а во Софија домот за деца „Битола". Била сопруга на полскиот политички емигрант Јулијан Шумљански – по професија биолог. Нејзината комуникација со бројни претставници од јавната и политичка сфера, како и политичката и општествена дејност на нејзиниот сопруг побудиле сомнежи кај властите, што довело до нејзино затворање во Северна Африка. Во Битола останала локално запаметена како „големата битолска мајка". Во нејзиното родно место – Могила подигнат е споменик во нејзина чест.

Какъ се основа, уреди и унищожи Битолското сиропиталище : (изъ споменитѣ на Захария Шумлянска) / Захария Шумљанска. // Год. 9, кн 10 (90) (1937), стр. 8–13;
СКРЪБНА весть за Захария Юл. Шумљанска / Илинденска организация. // Год. 9, кн 10 (90) (1937), sp.;
Юбилейно приветствие къмъ г-жа З. Шумлянска / Сийка Добревска. // Год. 10, кн. 3 (1938), стр. 8;
ЗАХАРИЯ юлиянъ Шумлянска / Год. 10, кн. (1938), стр. 8-10.
Сиропиталище Битола / Кирил Христовъ. // Год. 12, кн. 2 (112) (1940), стр. 10–12.

***

II Луч

ЃУЗЕЛОВИЌ, Руша Р. Пејачка и интерпретаторка на народни умотворби и песни.

С'нош е Боја седела / Руша Р. Ћузеловић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 151–152;
Кучишта лајат, лоши људе идат / Руша Р. Ћузеловић. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 153–154.

ПРОЈЧЕСКА, Марија. Писателка. Авторка на проза во списанието „Луч".

Ленче / Марија Пројческа. // Год. 1, бр. 4 (1937), стр. 145-148.

ТАСИЌ, Василка. Пејачка и интерпретаторка на народни умотворби и песни.

Се женал за гуска (причала Василька Тасић) / Ћ. Ј. Киселиновић. // Год. 1, бр. 5 (1937), стр. 205–206.

***

III Смена

ПИЛИЧКОВИЌ, Дора. Писателка на поезија и проза. Авторка во списанието „Смена".

Ноћ у шуми / Дора Пилићковић. // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 27;
Ову песму шуме јаблани / Дора Пилићковић. // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 8–9.

РАДОЈКОВИЌ, Милица. Авторка во списанието „Смена". Студентка на правни науки во Белград.

Данашња Студенткиња / Милица Радојковић. // Год. 2, бр. 1 (1931), стр. 5–8.



Билјана Котевска

СВРТ КОН ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ

Родот, историјата и историографијата: кон родово сензитивни политики за позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија

Извршно резиме

Свесноста за родот, за родовата еднаквост и за поврзаните односи на моќ во општеството не се дел од историјата и од историографијата. Жените, во македонската историографија генерално невидливи или гледани како неважни, се дел од фолклорот, секојдневието и обичноста, со што се и дел од историјата којшто вообичаено се смета за неважен. Тие се *аистториски* субјекти. Во овој краток осврт за јавни политики даваме аргументи против ваквото гледање и за позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија.

Иако законската рамка во Македонија дава добра основа за планирање и спроведување на политиките преку коишто ќе овозможи позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија, во овој осврт е јасно утврдено дека недостасуваат: (1) стратешки документи за наука и сериозен стратешки третман на библиотечната и архивската дејност, (2) интегрирање на родовата перспектива во стратешките документи за култура, (3) разработка на аспектите од значење за родовата еднаквост во врска со историографијата, преку конкретни активности и мерки во овие стратешки документи. Поради рудиментарниот стадиум на којшто се наоѓа третманот на родовата еднаквост општо во науката и во библиотечната и архивската дејност, а со тоа и во историографијата, даваме неколку препораки како главни насоки за започнување на делувањето во насока на позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија.

Препорачуваме:

- Спроведување на стратешките приоритети за родово сензитивно образование со земање предвид на отсуството и невидливоста на жените како клучен начин на манифестација на родовите стереотипи во историјата;
- Донесување стратегија за развој на науката и на научно-истражувачката дејност која ќе ја вклучи и историографијата и во која ќе биде целосно интегрирана родовата перспектива, вклучително и со интерсекциски преглед;
- Ревидирање на постојните стратешки документи со цел третирање на проблемот на родовата нееднаквост како системски проблем, вклучи-

телно и во врска со историографијата, и пошироко – во науката и во научно-истражувачката дејност и во архивската и библиотечната дејност;

- Доследно спроведување на законот за еднакви можности и на законот за спречување и заштита од дискриминација со цел спроведување на обврските на сите правни и физички лица;
- Изработка на целосна и длабинска студија на политики со која ќе се направи анализа за пречките и предизвиците за развој на историографијата и на дејностите тесно поврзани со неа, како што се библиотечната и архивската дејност.

Вовед

Борбата за видливост и фокус на родот е клучен дел од современите развивања во историографијата и е започната многу одамна. Отсуството на жените од историските книги на нашите простори е јасно нотирано пред скоро половина век. Лидија Склевицки уште во 70-тите и 80-тите години пишуваше дека во југословенските историски учебници има многу повеќе коњи отколку жени (Склевицки 1996). Ваквото отсуство продолжува и денес (види Котевска 2015), системско е и се прелева и во процесите на дигитализација на историското и на културното наследство, кај нас и во светот. Развојот на историографијата е тесно поврзан со развојот на архивската и библиотечната дејност, а тоа е поврзано и со развојот во образованието, но и со развојот на музејската, архивската и библиотечната дејност. Поради ова, вклученоста и видливоста на родот во историографијата е комплексен проблем за којшто е потребно системско решение кое, како што ќе покажеме овде, отсуствува.

Феминистките[1] се организираа за да пополнат дел од оваа празнина. На пример, идентификувајќи недостиг од библиотечен материјал – литература напишана од жени и феминистичка литература, во библиотеките во Македонија, минатава година во рамките на иницијативата „Сподели авторка“ активистки собираа донации и дистрибуираа книги во неколку библиотеки низ земјава (Смиевска 2021; Сподели авторка 2021). Од 2014 година, „Бори се женски!“ и „Прво па женско“ организираа неколку настани за генерирање и уредување на содржини на Википедија за познати жени кои направиле придонес во историскиот и општествениот живот во земјава, а со цел затворање на родовиот јаз на оваа слободна онлајн енциклопедија. (Бори се женски 2014). Слични акции се организираат и на глобално ниво. На пример, од 2017 година, Музејот на модерната уметност (MoMA) во Њујорк организира слични настани за затворање на родовиот јаз преку генерирање и уредување содржини на Википедија (MoMA 2020). Но, проблемот со отсуството на системски решенија останува.

Во овој краток осврт за јавни политики, врз основа на постоечки извори и податоци, ќе дадеме аргументи за позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија и за преземање активности и мерки во оваа насока. Тоа ќе го направиме преку (1) краток осврт на важноста на родот во историографијата, но и во клучно поврзаните архивска и библиотечна дејност, (2) осврт на домашната правна рамка и рамка за применети политики и (3) препораки.

Овој документ претставува краток осврт на значењето на прашањето во негов фокус – за политиките и обратно. Неговата

1 Редок пример на други актери кои се зафатиле со ова прашање е проектот „Родови перспективи низ историјата“ на Форумот Цивилен мировен сервис и на Асоцијација на наставници по историја на Македонија, којшто цели кон „деконструкцијата на родовите стереотипи, но и да отвори патеки за изучување на социјалната историја наспроти претежно милитаризираните и етноцентрични историски наративи“. (види Младеновски и Стаменковиќ 2020).

цел, пред сè, е да укаже зошто ова прашање е вредна тема за донесувачите на одлуки и за другите засегнати страни. Поради ова, документот се заснова врз постоечки податоци и извори што се достапни преку деск-истражување. Штом еднаш ќе се утврди дека ова прашање е препознаено како важно од донесувачите на одлуки, следен неопходен чекор ќе биде изработка на целосна и длабинска студија на политики, како што препорачуваме овде.

Иако примарно фокусиран врз историографијата, овој документ делумно се осврнува и на институциите што делуваат во архивската и библиотечната дејност бидејќи, иако имаат различни методи, надлежности и процедури за делување, тие се дел од клучните чинители кога станува збор за фокусот и видливоста на родот во историографијата. Дел од предизвиците се специфични за прашањето кое е во фокусот на овој документ – родовата еднаквост. На истите им се посветени препораките во овој документ. Дел од предизвиците се поврзани и произлегуваат од општите предизвици со кои се соочува историографијата, но и библиотечната и архивската дејност, од кои најголем дел произлегуваат од недостигот на материјали и човечки ресурси. Поради фокусот на овој документ – препознавање на отсуството и постигнување видливост на родот во историографијата – овие вторите не се во фокус на овој труд и треба да се предмет на подоцнежна, дополнителна анализа.

1. Проблем

1.1. Важноста на родот во историографијата и во библиотечната и архивската дејност

Во литературата е многу пишувано за општото отсуство на родова перспектива од историографијата, архивите и библиотеките (Мозли и Витли 2008; Хил, 2011; Де Јонг и Кевоц 2013; Делап 2016; Бирд 2017; Руиз 2018). Од таа литература знаеме дека

дури и одлуки што се чинат бенигни, како на пример колку и во кој дел ќе се архивира печатот, можат да имаат разорни ефекти врз можноста за изучување на родовата еднаквост низ вековите. Ова е така особено затоа што, во ситуација кога треба да се приоретизира што ќе се архивира а што не, вообичаено оној дел од историјата кој се смета дека не е вреден или, пак, е помалку вреден е токму оној каде што може да се најдат податоци за битисувањето на жените (Мозли и Витли, 2008). Ваквите одлуки вообичаено се носат во повисоките политички кругови, каде што жените традиционално немаат пристап. Со ова, не само што се негира можноста на жените за активно вклучување во одлуки што се однесуваат на нив, спротивно на демократскиот принцип на партиципативност, туку се вкоренува уште подлабоко одгоре диктираниот пристап којшто резултира со сеприсутност на (конструкцијата за) „моќните мажи“ (Мозли и Витли 2008).

Историјата го обликува разбирањето за тоа кој бил сметан/се смета за човек и чиј живот е вреден да се запише и да се документира. Историјата која ја знаеме денес, а која е нецелосна бидејќи ѝ недостига 50 % од популацијата, нè учи дека животите на жените не се вредни. Ваквото бришење на жените е продолжување на опресијата на која жените биле изложени со векови. Жените се сметаат за „обичните“ (анг. “the ordinary”, Мозли и Витли 2008), „секојдневните“, па со самото тоа се смета и дека жените не се вредна или се помалку вредна тема за историографијата[2]. Бидејќи и традиционално ваков бил третманот на сознанијата за/од/на жените, женскиот живот и улогата на жените во историските процеси, тие се најчесто дел од усната историја. Со ова, проблемите на усната историја како извор од значење за историографијата, но и за архивите и библиотеките[3], стануваат проблем од значење за прашањето во фокус овде.

2 Независно од постоењето на социјалната историја како гранка.

3 Авторите/-ките досега објавувале искуства и податоци за предизвиците во работата со оралните извори и архивите (види Мирчевска 2019).

Воспоставените традиционални принципи, методи и структури за работа, метастазирани до најситните пори, како на пример разбирањето термини како „веродостојни“, „проверливи“ и слично, се плод на општеството во кое живееме и со тоа, самите по себе, се исклучувачки спрема жените и ја репродуцираат матрицата на етнички доминантните хетеронормативни машки вредности, според која сè што прават жените е од помала вредност. Ова ја вклучува и работата која ја вршат жените во овие институции, со што се одобрува и често присутната хоризонтална сегрегација. Во ваков систем, заглушувачкото отсуство на жените е главниот индикатор за постоењето на проблемот на којшто е посветен овој документ.

Родовата перспектива е клучна и за надминување на лажниот универзализам (Склевицки 1996) што го продуцира историографијата со „родово слепило“. Преку вклучување на родовата перспектива можеме да им пристапиме различно на постојните извори, на нов начин (Лернер 1979, 10–14), но и да ги „деконструираме традиционалните гледишта кон женскиот субјект и да го реконструираме од анонимноста во историјата“ (Бус 2011, 2). Ова е клучен чекор со цел да се запознае македонското искуство и битисување во целост, но и за истото да се разграничи и/или да влезе во дијалог со она на другите земји со коишто имаме слична или споделена историја. Иако сè повеќе се продуцира знаење и литература за женското прашање низ историјата во другите поранешни југословенски републики (види Бонфиглиоли 2008; Lóránd 2018), тоа не е случај со Македонија. Така, нашата историографија не може да влезе рамноправно со сопствени сознанија во дијалогот којшто се одвива во моментов. Поради ова, првичен чекор е идентификување и именување на проблемот.

1.2. Родовата еднаквост, историографијата и домашното право и политики

1.2.1. Родот во законската рамка

Законската рамка од интерес овде е одредена во неколку закони. Некои се важни за институционалната рамка, а некои за материјалната. Но, и во едните и во другите отсуствува родова перспектива и посебна грижа за почитување на родовата еднаквост. Законот за еднакви можности на жените и на мажите ги обврзува овие институции да работат врз остварувањето, унапредувањето и промовирањето на родовата еднаквост во нивното делување. Оттука произлегуваат и препораките што ги вклучуваме на крајот од овој документ, кон овие клучни институции и кон други релевантни чинители. Како клучни институции за ова прашање се издвојуваат Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Институтот за национална историја, Државниот архив на Република Северна Македонија и Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Според законот за организација и работа на органите на државната управа, две министерства се клучни за ова прашање[4]. Министерството за образование и наука е надлежно, помеѓу другото, и за „воспитанието и образованието од сите видови и степени; организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката“ (Закон за организација и работа на органите на државната управа, чл.23). Министерството за култура е надлежно, помеѓу другото, и за „следењето, анализирањето и предлагањето акти и мерки за развој и унапредување на културата; организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните установи и финансирањето програми и проекти од национален интерес во

4 Поради неговата надлежност во врска со родовата еднаквост, важно е и Министерството за труд и социјална политика. Но, неговата улога за целите на овој документ е споредна, па затоа не е посебно издвоено овде.

оваа област; заштитата на културното богатство; издавачката, ...библиотечната, архивската... дејност; ...споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес“ (Исто, чл. 26).

Според законот за научно-истражувачката дејност, Институтот за национална историја, како јавна научна установа, е „самостојна научна установа, основана со одлука на Владата на Република Македонија, која врши дејност од висок стратешки и национален интерес за Република Македонија“ (Закон за научно-истражувачката дејност, чл.2(8)). Дел од целите на истиот овој закон е и „еднаквост на жените во науката“, но и „континуирано унапредување на научно-истражувачката дејност; заемна поврзаност на науката и образованието; координација на субјектите за вршење на научно-истражувачката дејност; ... унапредување на користењето на резултатите од истражувањата“ (Исто, чл. 4). Конкурентноста и еднаквоста на можностите е едно од начелата врз кои почива научно-истражувачката дејност во Македонија (Исто, чл.3).

Чувањето и заштитата на архивската граѓа, средувањето и обработката на граѓата и архивските истражувања се надлежност на Државниот архив на Република Северна Македонија (Закон за организација и работа на органите на државната управа, чл. 34). За разлика од претходната дејност, за архивската дејност начелото на еднаквост е експлицитно утврдено со општиот закон само во врска со користењето на јавниот архивски материјал (Закон за архивски материјал, чл.42(1)).

Националната библиотека, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје, пак, е основана со цел „развој на библиотечната дејност, културата, науката и образованието, како и за задоволување на информациските потреби на библиотечната дејност“ (Закон за библиотеките,

чл.7(2)) и извршува посебни должности[5], но и должности како и сите други библиотеки[6]. Принципот на еднаквост и недискриминација не е дел од матичниот закон за оваа институција.

5 „1) ја проучува состојбата и условите за развој на библиотечната мрежа, организацијата и унапредувањето на библиотечната дејност и дава стручни мислења и предлози; 2) ја координира работата на библиотеките во Република Северна Македонија; 3) собира, обработува, чува и овозможува пристап до библиотечниот материјал што се однесува на Македонија напишан на македонски јазик или е од автори од Република Северна Македонија, објавен каде било во светот; 4) им укажува потребна стручна помош на библиотеките во Република Северна Македонија; 5) дава иницијативи за донесување на прописи и мерки за унапредување на библиотечната дејност и стручно усовршување на библиотечен кадар и донесува акти од своја надлежност; 6) изработува и објавува тековна библиографија на Република Северна Македонија, библиографија Македоника, како и разни видови ретроспективни и специјални библиографии; 7) подготвува упатства за стручна обработка и чување на родокрајниот библиотечен материјал од национално значење; 8) врши континуирано образование на библиотекарите во Република Северна Македонија; 9) организира соработка меѓу библиотеките, особено во набавувањето, стручната обработка, позајмувањето и размената на библиотечниот материјал; ... 12) го утврдува постоењето услови за посебна заштита на странски библиотечен материјал, кога за негово изложување како експонат се дава осигурување; ... 14) врши функција на Центар на библиотечно- информацискиот систем во Република Северна Македонија, го организира и го координира поврзувањето и работењето на библиотеките во библиотечно-информацискиот систем и активностите во системот на заемна каталогизација; 15) предлага донесување на прописи за техничко- заштитните мерки за чување и одржување на библиотечниот материјал; 16) води централни каталози на библиотечниот материјал; ... 20) утврдува критериуми за отпишување на библиотечниот материјал; ... 22) води информациски систем на научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија; 23) вклучува списанија од Република Северна Македонија во странски информациски сервиси и индексатори на списанија со слободен пристап; ... 25) организира, координира и врши дигитализација на библиотечни материјали и библиотечни добра според меѓународни и национални стандарди, критериуми и технологија.“ Види Закон за библиотеките, 66/2004; 89/2008; 116/2010; 51/2011; 88/2015; 152/2015; 39/2016; 122/2021; чл.18.

6 „1) набавуваат, истражуваат, собираат, стручно обработуваат и проучуваат, заштитуваат, чуваат, објавуваат, информираат, презентираат и даваат на користење библиотечен материјал; 2) го промовираат и го афирмираат библиотечниот фонд на Република Северна Македонија, преку изложби, предавања, литературни читања, семинари и курсеви, прикажување на филмови и други форми на дејствување; 3) обезбедуваат услови за користење и за научно и стручно проучување на библиотечниот фонд; 4) издаваат стручни публикации, каталози, водичи и друг информативен материјал; 5) водат влезна евиденција, инвентарна книга, основен каталог и друг вид евиденција и документација; 6) одржуваат библиотечни картотеки, каталози и бази на податоци; 7) вршат стручна обработка и чување на родокрајниот библиотечен материјал од локално значење; 8) вршат библиографско-информациска и документациска дејност; ... 10) учествуваат во библиотечно-информацискиот систем и одржувањето на библиографската база на податоци; 11) вршат дигитализација на библиотечниот материјал; 12) учествуваат во одржувањето на националната заемна библиографска база на централните каталози и бази на податоци“. Извор: Закон за библиотеките, 66/2004; 89/2008; 116/2010; 51/2011; 88/2015; 152/2015; 39/2016; 122/2021; чл.16.

Од овој краток преглед е јасно дека родовата еднаквост и родовата перспектива не се утврдени ниту како цел, ниту како приоритет во најголем дел од законите врз коишто почива работата на клучните институции. Но, ова не значи и отсуство на законски обврски во врска со родовата еднаквост. Напротив. Законот за еднакви можности на жените и мажите, како *lex specialis*, се однесува и на овие дејности. Па, така, принципите и алатките утврдени во овој закон се од значење и за историјата во научната и образовната дејност, но и за архивската и библиотечната дејност.

Според Законот за еднакви можности на жените и мажите, којшто цели кон „воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот“ (Закон за еднакви можности на жените и мажите, чл.2(1)), сите погоре наведени институции имаат обврска истиот да го спроведуваат (Исто, чл. 3). Со тоа, тие треба да ги спроведуваат основните мерки предвидени со овој закон, во кои спаѓа и воведувањето „системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите на субјектите од јавниот и приватниот сектор.“ (Исто чл. 5 (3)). Основните мерки се и мерките за обезбедување еднакви можности на жените и мажите во образованието и стручното усовршување. Во врска со ова, законот утврдува дека: „Органите на државната управа надлежни за работите од областа на образованието и трудот, установите кои вршат едукација и професионална обука се должни да вршат редовна анализа на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите“ (Исто чл. 6 (4)). Покрај ова, законот предвидува и „отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на

еднаквите можности“ од програмите, учебниците и училишните помагала и педагошките и андрагошките методи (Исто чл. 6 (3)). Овие институции исто така се обврзани да преземаат и посебни мерки „со цел да се надмине постоечката неповолна општествена положба на жените и мажите, а која е резултат на систематска дискриминација или структурна родова нееднаквост произлезена од историски и социокултурни околности“ (Исто чл. 7), а кои вклучуваат и „програмски мерки“ како „мерки кои се насочени кон подигнување на свеста, организирање активности и изработка и спроведување на акциони планови за поттикнување и унапредување на еднакви можности“ (Исто чл.7). Дополнително, според Законот за спречување и заштита од дискриминација, „сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица ... имаат обврска да преземаат мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација“ (Закон за спречување и заштита од дискриминација, чл. 3 (2, 3)).

Од ова, јасно произлегува дека сите идентификувани институции со надлежности за адресирање на системскиот проблем со исклученоста и невидливоста на родот во историографијата имаат законска обврска да работат врз неговото решавање. Покрај ова, решавањето на овој проблем е дел и од стратешките приоритети на Владата кои, заедно со другите стратешки документи на Северна Македонија, се предмет на дискусија во следниот дел.

1.2.2. Родот во стратешките документи

Јавните политики од интерес за родовата еднаквост и историографијата се од областа образование и култура, како и националната стратегија за родова еднаквост. Северна Македонија нема стратегија за наука. Јавните политики од областа образование, усвоени (Стратегија за образованието за 2018 – 2025 година и акциски план, 2018) и во подготовка (Нацрт-концепција за основно образование, 2021), вклучуваат заложби за

искоренување на родовата нееднаквост и промовираат родово сензитивно образование. Овие документи даваат и повеќе од задоволителна основа за преземање понатамошни дејствија (Стратешки план 2021 – 2023, 2021). Но, голем проблем останува да биде отсуството на стратегија за наука. Со ова, клучниот дел од стратешките прашања што треба да се решат за родовата еднаквост и историографијата остануваат непокриени со тековен стратешки документ, што го прави тешко стратешкото планирање и финансирање на активностите [7].

За разлика од јавните политики во областа образование, јавните политики што се однесуваат на културата, а што треба да ја вклучуваат и библиотечната и архивската дејност, не го гледаат и не го поставуваат родот и родовата еднаквост како приоритет, ниту како конкретна цел или вредна призма низ која треба да се постави и да се планира развојот во земјава. Ваквото „родово слепило“ резултира со политики што целат да ги решат општите предизвици, што несомнено ги погодуваат и жените, но ги игнорираат целосно оние предизвици врзани со родот или кои произлегуваат од него. Па, вака, стратешките документи, иако ја декларираат еднаквоста како врвен принцип, тие или не ја споменуваат родовата еднаквост, или ја споменуваат само симболично и ја третираат многу површно и бегло[8]. Ваков е случајот и со националната стратегија за родова еднаквост кога станува збор за културата. Поради тоа, даваме краток преглед на стратегиите за култура и за родова еднаквост.

Главниот документ за јавна политика за културата – Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија во периодот 2018 – 2022 година – укажува на слабостите

7 Иако планирањето останува тековно покриено со програмите за научно-истражувачката дејност од кои последната е донесена за 2021 година, овие програми се генерални и не даваат никаква стратешка насока или визија, ниту поконкретни насоки за аспектите од значење за историографијата и родовата еднаквост. Види: Програма за научно-истражувачката дејност за 2021 година, Службен весник на Република Северна Македонија, бр.3/2021; 115/2021; 167/2021.

8 Ваков е третманот и на самите библиотечна и архивска дејност.

во културната политика, вклучително и нејзината реактивност, отсуство на политики креирани на докази, но и фокус врз т.н. „национален интерес“, што со право се наведува дека го „стеснува опсегот на дејствување и се запоставуваат сите програми и проекти што не го изразуваат националниот идентитет“. Ова е клучно и за вниманието, просторот и ресурсите што се алоцираат за родовата еднаквост, особено бидејќи на родовата еднаквост и на историјатот и правата на жените никогаш не се гледало и сè уште не се гледа како на нешто што е дел од „националниот идентитет“, ниту пак како на нешто што треба да биде приоритетно или, пак, воопшто поддржано. Поаѓајќи од ваквата фактичка состојба, стратегијата поставува две општи цели – „да се овозможат еднакви културни права за сите“ и „да се создадат услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и на културните идентитети“. Овозможувањето на културните права на жените општо и на жените од различните етнички, социјални, сексуални, политички и други групи специфично значи делување во насока на остварување на двете општи цели на стратегијата. Истото важи и за посебните цели „културни можности за секого“ (особено за „да се поттикнат уметничкото творештво, културниот развој, образованието и креативниот потенцијал“) и „културен капитал, разновидност, соработка“ (особено за „унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социо-културниот живот“ и „да се обезбеди заштита, управување и вреднување на културното наследство во согласност со современите европски практики“), но и за посебната цел „Реформи“ (особено за „да се воведат измени во законската рамка што директно или индиректно влијае врз културата заради отстранување на несоодветните административни ограничувања“) (Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија во периодот 2018 – 2022 година, 2018).

За реализирање на овие цели, стратегијата ги поставува за принципи на стратегискиот развој „еднаквост, пристап, учество и права“, втемелени во „правото на култура како неприкосновено човеково право“. Во рамките на стратегиската насока и приоритет „Од мултикултура кон интеркултура“, стратегијата предвидува дека приоритет треба да биде ставање мораториум на „субвенционирањето програми и проекти што поддржуваат национализам, ксенофобија, етничка, религиозна и полова дискриминација“, а во „Грижа за различностите“ става акцент врз плуралните културни идентитети, „односно врз групите со различни специфики базирани на различниот социјален или класен статус, род, сексуалност, посебни потреби, итн.“. Стратегијата тврди дека „не смее да ги премолчи потребите на сите маргинализирани групи во општеството“ и ги утврдува за долгорочни цели „уважување на потребите за натамошно интензивирање на културното изразување на овие заедници/групи преку продолжување на перманентното вклучување на програми/проекти во годишните програми на националните институции и на независната културна сцена“. Но, овие аспекти не се воопшто разработени, а отсуствува и интегрирање родова перспектива во целиот документ. Со ова, оваа стратегија воопшто не дава приоритет ниту солидна основа за адресирање на проблемот на родовата еднаквост во врска со архивската и библиотечната дејност. Дополнително, ниту стратешкиот план на Министерството за култура за 2021 – 2023 не предвидува никакви активности за родовата еднаквост освен „Изготвување Анализа која ќе претходи на изработка на Оперативен план за 2021 година за имплементација на Националниот план за акција за родова еднаквост 2019 – 2021 година“ (Стратешки план на Министерството за култура за 2021 – 2023, 2021).

Националната стратегија за родова еднаквост е насочена кон „унапредување на родовата еднаквост во општество во кое жените и мажите, девојчињата и момчињата имаат еднакви права, пристап до ресурси, можности и заштита во сите сфери

на животот за целокупен одржлив економски, демографски, социјален развој и напредок на земјата, односно општество во кое жените и мажите ќе ги имаат истите привилегии и одговорности, кои ќе ги остваруваат во вистинско заедничко пратнерство". Во делот „Стратешки документи важни за родовата еднаквост", оваа стратегија ја споменува Националната стратегија за развој на културата.

Националната стратегија за родова еднаквост бегло ја третира родовата еднаквост во образованието и во културата. Во делот во којшто се дава преглед на сегашната состојба, има многу кратка, површна и фрагментирана дискусија за родовата еднаквост во овие две области. За културата, се наведува дека 48 % од вработените 2.955 лица во 65-те национални установи од областа на културата се жени, но не се споменува на кои позиции се тие, ниту, пак, дали има родова сегрегација во некои од областите на културата и каде, или дали и како е приспособена или одговара инфраструктурата во културата на потребите на жените. Исто така, нема никаков опис на ситуацијата во врска со програмирањето и родовата еднаквост, евентуалните охрабрувачки мерки кои (не) се преземаат во врска со родовата еднаквост или, пак, мерки за зајакнување на родовата еднаквост помеѓу вработените во форма на тренинзи за родова сензитивност или за сензитивност кон различностите. Ваквиот фокус на вработените во институциите целосно ги занемарува жените кои работат во независниот културен сектор. Во стратегијата се споменува дека буџетот на Министерството за култура го вклучува родовиот аспект, но од аргументите понудени кон ова тврдење може да заклучиме само дека некои од издвоените средства завршиле кај жени, и тоа од 104 проекти, само на 9 се жени носителки како физички лица (8 %) и 8 се на правни лица (7 %). Во областа на издаваштвото, 29 % се изданија на авторки, а од електронското издаваштво 28 % се проекти што се управувани од жени или обработуваат родови теми (Национална стратегија за родова еднаквост (верзија усвоена од Владата на РСМ 2021,

18-19). За образованието, се споменува број на ученички/-ци и студентки/-и во сите степени на образованието и се споменува воведувањето сеопфатно сексуално образование.

Дополнително, за ниту еден од споменатите аспекти не се разгледуваат жените како хетерогена група, при што може да се јават различни потреби за различни групи жени. Така, на пример, жените со попреченост ќе имаат едни потреби, Ромките други, итн. Жените се есенцијализирани, претставени како еден хомоген ентитет строго гледан низ призмата на полот. Дополнително, во врска со образованието, се симплифицира комплекноста на проблемот на родово несензитивното образование и се сугерира дека „Целосно родово сензитивно и рамноправно образование ќе се постигне со задржување во образовниот процес на девојчињата од ранливите групи, поттикнување на девојчињата да се образоваат во полиња што се сметаат за „машки“, а кои како професии се повеќе платени и овозможуваат поголем избор на работни места, одосно се професии на иднината, како и овозможување услови за жените да напредуваат во високото образование и науката преку посебни мерки за стимулација и поддршка“. Покрај ова, наведени се само потребите за инфраструктурна адаптација за одржувањето менструална хигиена и сеопфатното сексуално образование.

Начинот на којшто е обработена сегашната состојба, па и приоритетите ги игнорира родовите аспекти во врска со образованието и културата, а се игнорираат и достапноста, пристапноста, прифатливоста, прилагодливоста и соодветноста во врска со нив. Поставената специфична цел 2.6. „Родово сензитивни образование и наука“ и специфичната цел 2.11. „Унапредување на родовата еднаквост во културата“ воопшто не се засноваат врз утврдената состојба и наративот за приоритетите. Сепак, тие се значително подобро формулирани, вклучително и преку зафаќањето со прашањето на видливоста на родовите прашања. Но и таму не се вклучени клучни прашања како што се, на пример, (1) за образованието – опфатот на родовата еднак-

вост во научната работа којшто оди подалеку од броењето на дипломирани студенти, завршени по научни степени, професори и носители на проекти и трудови по пол и треба да ги вклучи и темите на кои се работат проектите и трудовите, како и да ја следи и структурата внатре во рамки на самата група жени за жени од етничките заедници и жени со попреченост, а го нема ни воведувањето на видливоста на жените во традиционално машки предмети, како што е историјата, и (2) за културата – прашањата за достапност на инфраструктурата, елементите на правото на култура и продолжува третирањето на жената како хомоген ентитет.

Последно, и можеби најважно, што се однесува и до двете области – образованието и културата, низ целата стратегија – во дефинирањето на постојната ситуацијата, поставените приоритети и специфични цели – отсуствува третирање на проблемот на родовата нееднаквост како системски проблем. Со тоа, интервенциите што се планираат според стратегијата може да донесат само ограничени резултати, но не и долгорочни системски и структурни промени, какви што се потребни за искоренување на родовата нееднаквост.

Пред да преминеме на препораките, а со цел илустрација на погоре кажаното, го споделуваме искуството со истражувањето спроведено во рамките на проектот „Архиви на невидливите“, чијшто продукт е оваа публикација.

2. Од искуството на „Архиви на невидливите“

Првата фаза од истражувачкиот проект „Архиви на невидливите – Појавноста на жените во печатот што се објавувал и циркулирал на територија на Вардарска Македонија“ беше „комуникација и посета на релевантни институции за собирање истражувачки материјали, создавање истражувачки инвентар

и селекција“. Таа беше спроведена во периодот октомври 2020 – март 2021 година во НУБ – Скопје и во Одделението за ретка периодика, како и во дигиталниот простор на институцијата – dlib.mk. Бидејќи оваа фаза е од непосредна корист за предметот на овој осврт кон јавните политики, фокусот во овој дел е врз неа.

Авторката на овој осврт ги замоли проектните соработници[9] кои ја спроведоа оваа фаза за рефлексија на нивното искуство со прибирањето на материјалите, со фокус врз искуствата што придонесоа најмногу кон олеснување или отежнување на истражувачкиот процес[10]. Со еден исклучок[11], во рефлексијата на проектните соработнички превладуваат предизвици од коишто некои се општи, а некои се врзани со конкретната тема што се истражува. Од општите предизвици, проектните соработнички ги издвоија бавното одговарање на барања за пристап до материјали (види и: Хаџиевска 2020; Smilevska 2005, 7-8), климата на недобредојденост, отсуство на поддршка за истражувачките/-ите видлива преку отсуство на помош за време на работата во институциите, но и отсуство на онлајн или печатени каталози и/или библиографии за достапните фондови и материјали[12] и рудиментарната комуникација со персоналот. Проектните соработнички најдоа дека предизвиците врзани со конкретната тема се исто така големи. Според нив, „женските теми“ или се гледаат како нешто ново, нејасно, егзотично и сл., или им се пристапува низ принцип на анегдота, кој е прилично несериозен во смисла на професионално истражување“ (Хаџиевска, 2021), како и дека „главно доминатни се националните

9 Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска.

10 Основен користен материјал: Ивана Хаџиевска, „Искуства и предизвици на истражувачките при собирањето и работата со материјалите во првата фаза на истражувачкиот процес за проектот „Архиви на невидливите““, допис (25.08.2021).

11 Постоењето на dlib.mk беше издвоено како позитивно и покрај некои забелешки во врска со него наведени подолу во текстот.

12 „Истражувачот е целосно препуштен на сопствената досетливост, можности за пребарување, патување на различни локации и лични контакти, за да стигне, т.е. сам/-а да си направи помагало, регистар или содржина на фондовите/збирките/материјалите од интерес.“ (Хаџиевска 2021).

теми и големите „историски епизоди“, без разлика од кој аспект на политики на меморија се гледани (дали експлицитно патриотски или граѓански, или поинаков аспект и пристап)“ (Исто). Илустративен е примерот со тековната дигитализација во рамките на работата на Дигиталната библиотека при НУБ dlib.mk, за која отсуствува појаснување за приоретизирањето, фокусирањето и динамиката на дигитализацијата, вклучително и за изборот на конкретни теми врз кои таа ќе се фокусира (на пример, проектните соработнички укажуваат дека не е дигитализиран единствениот македонски женски печат „Македонка – Орган на АФЖ“).

Дел од причините што проектните соработнички сметаат дека можеби придонеле за формирањето на овие препреки се преоптеретеност на стручните лица со административни обврски, недостиг од финансиски ресурси и од човечки ресурси (Исто). Од изложените предизвици јасно е дека тука може да се вклучи и генерално отсуство на свесност за родовата еднаквост и за односите на моќ во овој контекст, што потоа се прелева во сите пори на работењето на овие институции, на пример во поставувањето на приоритетите за дигитализацијата.

Ова укажува на можно постоење потреба за зголемување на финансиските и човечките ресурси за архивите и библиотеките, вклучително и потреба за тренинзи за родово сензибилизирање. Со цел да се испита природата и обемот на препреките и да се дадат издржани препораки за нивно отстранување, потребно е спроведување длабинска студија на политики со која ќе се направи нивна анализа, како што е според препораките вклучени во следниот и последен дел од оваа анализа.

3. Заклучок и препораки

Од погоренаведеното, може да се заклучи дека законската рамка дава добра основа за планирање и спроведување политики преку коишто ќе се овозможи позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија. Утврдено е дека недостасуваат: (1) стратешки документи за наука и сериозен стратешки третман на библиотечната и архивската дејност, (2) интегрирање на родовата перспектива во стратешките документи за култура, (3) разработка на аспектите од значење за родовата еднаквост во врска со историографијата поблиску преку конкретни активности и мерки во овие стратешки документи. Поради рудиментарниот стадиум на којшто се наоѓа третманот на родовата еднаквост општо во науката и во библиотечната и архивската дејност, а со тоа и во историографијата, ги даваме следните неколку препораки како главни насоки за започнување на делувањето во насока на позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија:

- Спроведување на стратешките приоритети за родово сензитивно образование и во врска со историјата, вклучително и преку прочистување на учебниците по историја од доминантните хетеронормативни машки вредности. Поради главниот фокус на отстранување родови стереотипи и дискриминација од учебниците, отсуството и невидливоста на жените е аспект што е клучен начин на манифестација на родовите стереотипи во историјата, па треба да се третира како таков во тековните активности за отстранување на родовите стереотипи и дискриминацијата од учебниците.

- Донесување стратегија за развој на науката и на научно-истражувачката дејност која ќе ја вклучи и историографијата и во која ќе биде целосно интегрирана родовата перспектива, вклучително и со интерсекциски преглед.

- Ревидирање на постојните стратешки документи и на Стратегијата за родова еднаквост, која е во процес на усвојување, со цел третирање на проблемот на родовата нееднаквост како системски проблем и планирање на интервенции што ќе доведат до долгорочни системски и структурни промени, вклучително и во врска со историографијата, и пошироко – во науката и во научно-истражувачката дејност и во архивската и библиотечната дејност.

- Потребно е доследно спроведување на законот за еднакви можности и на законот за спречување и заштита од дискриминација со цел спроведување на обврските на сите правни и физички лица, вклучително и на тука идентификуваните клучни институции, за интегрирање на родовата перспектива во политиките.

- Изработка на целосна и длабинска студија на политики со која ќе се направи анализа за пречките и предизвиците за развој на историографијата и на дејностите тесно поврзани со неа, како што се библиотечната и архивската дејност. Оваа студија ќе треба да ги мапира прецизно и недостигот од материјали и човечки ресурси.



КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

ПРЕДГОВОР (НАДА БОШКОВСКА)

Boškovska, Nada. 2016. „Ich habe weder vor euch angst noch vor den türken! Frauen in der Makedonischen Revolutionären Organisation um 1900". In *Lebenskunst. Erkundungen zu biographie, lebenswelt und erinnerung*, edited by Konrad J. Kuhn, Katrin Sontag, Walter Leimgruber, 368-380. Köln; Weimar; Wien: Festschrift für Jacques Picard

Glas Pologa, 28 Januar 1939, 4

Kaser, Karl. 2008. "The Stem Family in Eastern Europe: Cross-cultural and Trans-temporal Perspectives". In *Social Behaviour and Family Strategies in the Balkans (16th – 20th Centuries),* edited by Irina Vainovski-Mihai, 251-272. Bucharest: New Europe College

Бошковска, Нада. 2019. *Вардарска Македонија (1918-1941)*. Скопје: Арс Студио

Ковилоски, Славчо. 2018. „Жените во македонското револуционерно движење во 19 и првите години на 20 век (книжевно-историски осврт)". Во *Современост* 1: 53-62

ВОВЕД (ИВАНА ХАЏИЕВСКА И ЈАНА КОЦЕВСКА)

Berger, Stefan. 2006. “National historiographies in transnational perspectives: Europe in the ninetieth and twentieth centuries”. *Storia della Storiografia* 50: 3–26

Мокров, Боро. 1980. Развојот на македонскиот печат и новинарство (од првите почетоци до 1945 година). Скопје: Здружение на новинарите на Македонија

Мокров, Боро. 1988. Арсени Јовков: журналистика. Скопје: Скопје: Студентски збор

Мокров, Боро и Томе Груевски. 1993. Преглед на македонскиот печат: (1885-1992). Скопје: Студентски збор

ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ (ЗДРАВКО СТОЈКОСКИ)

Boskovska, Nada. 2017. *Yugoslavia and Macedonia Before Tito. Between Repression and Integration*. London: I. B. Tauris 2017.

Godsi, Kristen R. 2021. „‘Crvene rodonačelnice’ međunarodnog pokreta žena; Feministkinje sa istoka i juga – zaboravljeni doprinos“, *Le Monde Diplomatique* 71 (jul): 14-15.

Haan, Francisca de. 2015. “Writing Women’s Lives: Auto/Biography, Life Narratives, Myths and Historiography”, *Aspasia* 9 (1): 188–190 doi:10.3167/asp.2015.090113.

Henig, Ruth. 1995. *Versailles and after 1919-1933*. New York; London: Routledge.

Heraclides, Alexis. 2021. *The Macedonian question and the Macedonia, A History*. New York; London: Routledge.

Hobsbawm Eric, 1994. *Age of Extremes; the Short Twentieth Century, 1914-1991*. London: Abacus.

Jančeva, Ljubica and Aleksandar Litovski. 2017. “Macedonia and Macedonians in Yugoslavia”, In *Yugoslavia from the Historical Perspective*. Edited by Latina Perović, 163-185. Belgrade: Helsinki Committee for Human Rights in Serbia.

Pelz, William A. 2016. *A People’s History of Modern Europe*. PlutoPress

Perović, Latinka (ed.). 2017. *Yugoslavia from the Historical Perspective*. Belgrade: Helsinki Committee for Human Rights in Serbia.

Petranović, Branko. 1988. *Istorija Jugoslavije 1918-1988. Kraljevina Jugoslavija 1918-1941, knjiga prva*. Beograd: Nolit.

Rossos, Andrew. 2008. *Macedonia and the Macedonians: A History*. Hoover Institution Press.

Sanders, Valerie. 2001. "First Wave Feminism". In *The Routledge Companion to Feminism and Postfeminism, edited by Sarah Gamble.* London: Routledge.

Treu, Rudolf. 1930. „Skopski filozofski fakultet i njegovi studenti". S*mena. Glasnik jugoslovenskih studenata* 1 (1): 7-11.

Wachtel, Andrew Baruch. 2008. *The Balkans in World History*. Oxford University Press.

Walters, Margaret. 2005. *Feminism. A Very Short Introduction*. Oxford University Press.

Willemsen, Heinz. 2005. „The Labour Movement and the National Question: The Communist Party ofYugoslavia in Macedonia in the Inter-War Period". In *Mitteilungsblatt des Instituts für soziale Bewegungen* 33: 99-121.

Беличански, Цветан. 1988. „Режимските друштва и организации во Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни (1918-1941) год.". Во *Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941,* кн. 1. Прилеп: Општински Одбор на СЗБНОВ, 237-259.

Београд: Институт за књижевсност и уметност.

Васкова, Костадинка. 1993. „Од фондот за Роса Плавева во Музејот на град Скопје", *Зборник на Музеј на Македонија* 1: 21-24.

Димески, Димитар. 1988. „Штрајкот на тутунските работници во Прилепскиот монопол во 1938 година", Во *Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941,* кн. 1. Прилеп: Општински Одбор на СЗБНОВ, 327-345.

Катарциев, Иван. 1977. *Време на зреење: македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1940)*. Скопје: Култура

Пољак, Јованка и Оливера Иванова. 2019. *Женски покрет (1920–1938): Библиографија*. Београд: Институт за књижевсност и уметност

Barać, Stanislava. 2015. *Feministička kontrajavnost: Žanr ženskog portreta u srpskoj periodici 1920–1941*. Beograd: Institut za književnost i umetnost

Berger, Stefan. 2006. "National historiographies in transnational perspectives: Europe in the ninetieth and twentieth centuries". *Storia della Storiografia* 50: 3–26

Boškovska, Nada. 2017. „Ich habe weder vor euch angst noch vor den türken! Frauen in der Makedonischen Revolutionären Organisation um 1900". In Lebenskunst. Erkundungen zu biographie, lebenswelt und erinnerung, edited by Konrad J. Kuhn, Katrin Sontag, Walter Leimgruber, 368-380. Köln; Weimar; Wien: Festschrift für Jacques Picard

Fricker, Miranda. 2007. *Epistemic Injustice: Power and the Ethics of Knowing*. Oxford University Press

Haan, Francisca de, Krassimira Daskalova and Anna Loutfi (eds.). 2006. *A Biographical Dictonary of Women's Movements and Feminisms. Central, Eastern, and South Eastern Europe ; 19th and 20th centuries*. Budapest, New York: Central European University Press

Hadjievska, Ivana. 2019. "National Reproduction with (Un) Disciplined Bodies: Women Moving to the Politically Possible in pre-Yugoslavian Societies (Examples from Serbia, Bosnia and Croatia)." In *AM Journal of Art and Media Studies* 18 (April): 17–31. Doi: 10.25038/am.v0i18.298

Hays, Meghan. 1996. "Valjane majke i Blage kćeri. Odgoj i izobrazba žena u nacionalnom duhu u Hrvatskoj 19. stoljeća." *Otivm* 4 (1–2): 85–95

Kolarić, Ana. 2019. "Gender Identities in Women's and Feminist Periodicals in Serbia". In *Aspasia* 13, 1 (March): 175–181. DOI: https://doi.org/10.3167/asp.2019.130116

Milevska, Suzana. 2014. "On History and Solidarity. Performative Reading of Woman's Book by Liljana Gjuzelova", in Carola Dertnig and Felicitas Thun-Hohenstein (eds.) P*erforming the Sentence. Research and Teaching in Performative Fine Arts*, 190-199. Berlin: Sternberg Press

Peković, Slobodanka. 2015. *Časopisi po meri dostojanstvenog ženskinja: Ženski časopisi na početku 20. Veka.* Novi Sad-Beograd: Matica srpska, Institut za književnost i umetnost

Perović, Latinka (ur.). 2006. *Žene i deca 4. Srbija u modernizacijskim procesima XIX i XX veka.* Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji

Prelenda, Sandra. 2005. "Žene i prvi organizirani oblici praktičnog socijalnog rada u Hrvatskoj." *Revija za socijalnu politiku* 3–4: 319–32

Slapšak, Svetlana. 2007. „Strategije zaborava i rod", *Danas* 21.02.2007. https://www.danas.rs/kultura/strategije-zaborava-i-rod/

Sokolov, Lazar. 1962. *Promene u strukturi i stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja.* Skopje: Ekonomski institut na NRM

Ustav Kraljevine Srba, Hrvata i Slovenaca – Vidovdanski ustav, "Službene novine Kraljevine SHS", od 28. juna 1921. godine

Yuval-Davis, Nira and Floya Anthias (eds.). 1989. *Woman-Nation-State.* Houndsmills, Basingstoke, Hampshire: The Macmillan Press

Yuval-Davis, Nira. 1997. *Gender and Nation.* Thousand Oaks: SAGE Publications

Апостолов, Александар. 1972-73. „Осврт врз ајдутството и арамиството во Злетовско". *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 24-25: 127-136

Апостолски, Михаило (редактор). 1969. *Историја на Македонскиот народ кн. 3: Периодот меѓу двете светски војни и народната револуција (1918-1945)*. Скопје: Институт за национална историја

Бадаревски, Боби и Марија Ивановска. 2012. *Водич во феминистичката и родовата терминологија, второ дополнето и проширено издание.* Скопје: Акција здуженска

Белчески, Рубин. 2016. „Жената во Крушево. Градот-избраник, градот-востаник, градот-музеј". Во *Музеј на женски приказни*, ур. Искра Гешоска и др., 61-73. Скопје: Локомотива

Весковиќ-Вангели, Вера. 1985. *Осми март и најредното движење на жените во Македонија (1939-1945)*, Скопје: Архив на Македонија

Весковиќ-Вангели, Вера. 1986. „Некои ставови на Никола Петров – Русински по женското прашање“. *Историја: списание на Сојузот на историските друштва на СР Македонија* 22 (2): 193-198.

Весковиќ-Вангели, Вера. 1987. „Жената во творештвото на Раздолов: еден историски аспект“. *Дело 74: списание за самоуправна теорија и пракса, општествено-политички прашања, уметност и култура* 14, (1-2): 71-74

Весковиќ-Вангели, Вера. 1990. *Жената во ослободителните борби на Македонија: (1893-1945)*. Скопје: Култура

Дамјановска, Јасмина. 2014. „Процесите на модернизација во Вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 година“ Докторска дисертација. Филозофски факултет во Скопје.

Јовановиќ, Марија. 1983. *Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија: (1918-1929)*. Скопје: Студентски збор, 1983

Ковилоски, Славчо. 2016. „Идентитетот кај балканските жени (авторки) во 19 век“. Во *Filološke studije* 14 (1): 14-32

Ковилоски, Славчо. 2017. „Книжевната и просветната дејност на Царевна Миладинова-Алексиева“. *Спектар* 69: 43-52

Ковилоски, Славчо. 2019. „Местото на македонската и хрватската жена во 19 век“, Во *Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze. Zbornik radova s Petoga međunarodnoga znanstvenoga skupa održana u Rijeci 6. i 7. listopada 2017*. Knj.V. 2019: 47-59.

Ковилоски, Славчо. 2018. „Жените во македонското револуционерно движење во 19 и првите години на 20 век (книжевно-историски осврт)“. Во *Современост* 1: 53-62

Ковилоски, Славчо. 2018а. „Правилниците за училиштата на Царевна Миладинова-Алексиева“. Во Гласник на Институтот за национална историја1-2: 65-70

Ковилоски, Славчо. 2018б. „Надминување на немоста: јавните настапи на македонските жени во 19 век“. Во *Филолошки студии* 16 (2): 29-40

Ковилоски, Славчо. 2018в. „Статии од македонски авторки од 19 век за учебното дело и за женското прашање“. *Спектар* 70, 15-32

Коларић, Ана. 2020. "Женска и феминистичка периодика у настави књижевности: теорија и пракса". У *Glasnik Etnografskog instituta SANU* 68, 2 (Септембар): 319-337. ДОИ: https://doi.org/10.2298/GEI2002319K

Крстевски-Кошка, Александар. 1993. *Сомени и биографии на Илиденци*. Битола: Архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола

Миновски, Никола. 2014. *Битолчанката мајка Шумљанска*, Битола: Македонско научно друштво

Мокров, Боро и Томе Груевски. 1993. *Преглед на македонскиот печат: (1885-1992)*. Скопје: Студентски збор

Мокров, Боро. 1980. *Развојот на македонскиот печат и новинарство : (од првите почетоци до 1945 година)*. Скопје: Здружение на новинарите на Македонија

Мокров, Боро. 1988. *Арсени Јовков: журналистика*. Скопје: Студентски збор

Назърска, Жоржета. 2015. „Великобритания и българските женски образовани елити (XIX – XX в.)", В *Съвременни измерения на европейското образователно и научно пространство* 3: 155-162

Назърска, Жоржета. 2015а. „Френските възпитанички в българския женски интелектуален елит (1878 – 1944)", В *Съвременни измерения на европейското образователно и научно пространство* 2: 232-237.

Назърска, Жоржета. 2016. „Женски роли, професионални дилеми и обществено служене: акушер-гинеколожки, педиатърки и учителки-лекари в България (края на XIX-средата на XX в.)", In *Balkanistic forum* 1-2:134-157

Пантелић, Ивана. 2011. „Неки аспекти положаја жена у Краљевини Југославији, Књиженство, теорија и историја књижевности на српском језику до 1915. Године". У *Књиженство Часопис за студије књижевности, културе и рода* (Online) 1 (1) http://www.knjizenstvo.rs/magazine.php?text=17#footnote1

Пољак, Јованка и Оливера Иванова (ур.). 2020. *Женски покрет (1920–1938): Библиографија*. Београд: Институт за књижевсност и уметност

Томић, Светлана. 2011. *Љиљана Станков: Катарина Миловук (1844 – 1913) и женски покрет у Србији*. Београд: Педагошки музеј

Хаџиевска, Ивана. 2018. „Нацијата и класата во женските движења од 19 век: Србија и Бугарија, компаративен преглед“. Во *Списание Историја* 53, (2): 5–21

Хаџиевска, Ивана. 2021. „Човечката состојба на индустриските работници во Вардарска Македонија“. Магистерска теза. Филозофски факултет во Скопје

Чалић, Мари-Жанин. 2013. *Историја Југославије у 20. Веку*. Београд: Клио

КНИЖЕВНО-КОМПАРАТИСТИЧКИ АСПЕКТИ (МАЊА ВЕЛИЧКОВСКА И ФРОСИНА КРУШКАРОВСКА)

Boškovska, Nada. 2017. *Yugoslavia and Macedonia before Tito: Between Repression and Integration*. London; New York: I.B. Tauris

Dojčinović, Biljana, i Ana Kolarić (ur.). 2018. *Feministički časopisi u Srbiji. Teorija, aktivizam i umetničke prakse u 1990-im i 2000-im*. Beograd: Filološki fakultet Univerziteta https://doi.org/10.18485/femjis.2018

Kolarić, Ана. 2017. *Rod, modernost i emancipacija: urednicke politike u casopisima 'Zena' (1911-1914) i 'The Freewoman' (1911-1912)*. Beograd: Fabrika Knjiga

Sklevicky, Lydia.1996. *Konji, žene, ratovi*. Zagreb: Druga

Барађ, Станислава. 2015. *Феминистичка контрајавност: жанр женског портрета у српској периодици 1920-1941*. Београд: Институт за књижевност и уметност

Кипровъ, Александъръ. 1930. „Бащиния заветъ“. Илюстрация Илиндень 3, 5 (Априль): 6

Матовић, Весна (ур.). 2010. Жанрови у српској периодици: зборник радова. Београд; Нови сад: Матица Српска

Милинковић, Јелена. 2012. „Књижевности између еманципације и националног”. У *Књиженство 2*. Достапно онлајн: http://www.knjizenstvo.rs/magazine.php?text=43

Милинковић, Јелена. 2013. „Рат као тема у српској периодици и књижевности почетком XX века“. У *Књиженство 3*. Достапно онлајн: http://www.knjizenstvo.rs/sr/casopisi/2013/zenska-knjizevnost-i-kultura/rat-kao-tema-u-srpskoj-periodici-i-knjizevnosti-pocetkom-xx-veka-zena-srpski-knjizevni-glasnik-i-ratna-proza-milice-jankovic-i-isidore-sekulic#gsc.tab=0

Пековић, Слободанка. 2015. *Часописи по мери достојанственог женскиња: женски часописи у Србију на почетку 20 века.* Београд; Нови Сад: Институт за књижевност и уметност

Пољак, Јована, и Оливера Иванова. 2019. *Женски покрет (1920–1938): Библиографија*. Београд: Институт за књижевност и уметност

Слапшак, Светлана. 2015. „Балканка“. Pescanik.net. Објавено на 27.11.2015. Достапно онлајн: https://pescanik.net/balkanka/

Тасић, Радмила Н. 2016. „Омладинска међуратна периодика: Студија и библиографија“. Докторска дисертација. Београд: Универзитет у Београду

Хаџиевска, Ивана. 2018. „Нацијата и класата во женските движења“. Во *Списание Историја* 53 (2): 5-20

ОСВРТ КОН ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ (БИЉАНА КОТЕВСКА)

Baeza Ruiz, Ana. 2018. “Museums, Archives and Gender” in *Museum History Journal* 11 (2): 174-187

Beard, Mary. 2017. *Women & Power: A Manifesto.* New York; London: Profile Books

Bonfiglioli, Chiara. 2008. “Belgrade, 1978 – Remembering the Conference “Drugarica Zena. Zensko Pitanje – Novi Pristup?”/ “Comrade Woman.The Women’s Question: A New Approach?” Thirty Years After”. MA Thesis, Utrecht University

Buss, Hellen M. 2001. “Introduction” in *Working in Women’s Archives – Researching Women’s Private Literature and Archival Documents,* by Helen M Buss and Marlene Kadar (eds). Wilfrid Laurier University Press

Delap, Lucy. 2016. “Feminist Bookshops, Reading Cultures and the Women’s Liberation Movement in Great Britain, c. 1974–2000”. In History Workshop Journal 81, 1 (Spring): 171-196

Hill, Kate. 2011. "Collecting Authenticity". In *Museum History Journal* 4 (2): 203-222

Jong, Sara de and Sanne Koevoets (eds). 2013. *Teaching Gender with Libraries and Archives – The Power of Information.* Central European University Press

Lerner, Gerda. 1979. *The Majority Finds Its Past – Placing Women in History.* Oxford: Oxford University Press

Lóránd, Zsófia. 2018. *The Feminist Challenge to the Socialist State in Yugoslavia.* Springer

Milevska, Suzana. 2005. "Gender Difference in the Balkans". PhD submitted to Goldsmith's College – University of London

Moseley, Rachel and Helen Wheatley, 2008. "Is Archiving a Feminist Issue? Historical Research and the Past, Present, and Future of Television Studies". In Cinema Journal 47, 3 (Spring): 152-158

Sklevicky, Lydia. 1996. *Konji, žene, ratovi.* Zagreb: Ženska infoteka

Бори се женски. 2014. „Женска Архива 2.0", tiiiitinc.com, https://tiiiitinc.com/nastani/prikaz/103/zhenska-arkhiva-20-bori-se-zhenski .

Влада на Република Северна Македонија. 2021. *Програма за научно-истражувачката дејност за 2021 година*, Службен весник на Република Северна Македонија, бр.3/2021; 115/2021; 167/2021

Закон за архивски материјал, Службен весник на Република Македонија, бр.95/2012; 41/2014; 72/2015; 148/2015; 169/2015; 53/2016; 11/2018.

Закон за библиотеките, Службен весник на Република Македонија, бр.66/2004; 89/2008; 116/2010; 51/2011; 88/2015; 152/2015; 39/2016; Службен весник на Република Северна Македонија, бр.122/2021.

Закон за еднакви можности на жените и мажите, Службен весник на Република Македонија, бр.6/2012; 30/2013; 166/2014; 150/2015; Службен весник на Република Северна Македонија, бр.53/2021.

Закон за научно – истражувачката дејност, Службен весник на Република Македонија, бр.46/2008; 103/2008; 24/2011; 80/2012; 24/2013; 147/2013; 41/2014; 145/2015; 154/2015; 30/2016; 53/2016; Службен весник на Република Северна Македонија, бр.257/2020; 163/2021.

Закон за организација и работа на органите на државната управа, Службен весник на Република Македонија, бр.58/2000; 44/2002; 13/2006; 82/2008; 167/2010; 36/2011; 51/2011; Службен весник на Република Северна Македонија, бр.96/2019; 110/2019; 154/2019.

Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Северна Македонија, бр.258/2020.

Котевска, Билјана. 2015. *Стереотипи, предрасуди и дискриминација во образованието: Фокус на учебниците за основно образование.* Скопје: ОБСЕ

Министерство за култура. 2020. „Стратешки план на министерството за култура за 2021-2023". Достапно онлајн: http://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2021/04/C.T.-2021-2023.doc

Министерство за образование и наука, „Нацрт концепција за основно образование". Достапно онлајн: https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20-%20makedonski%20jazik.pdf

Министерство за образование и наука, „Стратегија за образованието за 2018-2025 година и акциски план", https://mon.gov.mk/download/?f=strategija-za-obrazovanieto-2018-2025.docx

Министерство за образование и наука. 2021. „Стратешки план на министерството за образование и наука", https://mon.gov.mk/stored/document/Strateshki%20plan%202021-2023.pdf

Мирчевска, Катерина. 2019. „Еден орален запис – една лична сторија – еден историски извор – сеќавања на Викторија Залева". Во *Македонски архивист* 25-26: 49-51.

Младеновска, Ирена и Валентина Стаменковиќ. 2020. *Од Домаќинка До Државник.* Скопје: ФорумЗФД; АНИМ

MoMA. 2020. *Wikipedia Edit-a-thon: Art + Feminism* (2020). https://www.moma.org/calendar/events/6499

Национална стратегија за родова еднаквост (верзија усвоена од Владата на Република Северна Македонија, 21.07.2021).

Смилевска, Ивана. 2021. „„Сподели авторка": иницијатива за поголема достапност на женско писмо во јавните библиотеки". Радио МОФ. Објавено на 26 април 2021. Достапно онлајн: https://www.radiomof.mk/spodeli-avtorka-inicijativa-za-pogolema-dostapnost-na-zhensko-pismo-vo-javnite-biblioteki/

Собрание на Република Македонија, *Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија во периодот 2018-2022 година*, Службен весник на Република Македонија, бр.81/2018.

Сподели авторка. 2021. Официјална веб страна https://spodeliavtorka.mk/.

Хаџиевска, Ивана. 2020. „Жените Во Научно-Истражувачката Работа: Агонијата На Социјалниот Капитал". Фемоар на ТиииииИнк. Објавено на 24 мај 2020. Достапно онлајн: https://tiiiitinc.com/femoar/prikaz/69/zhenite-vo-nauchno-istrazhuvachkata-%0Arabota-agonijata-na-sotsijalniot-kapital1#_ftnref8.

Хаџиевска, Ивана. 2021. *„Искуства и предизвици на истражувачките при собирањето и работата со материјалите во првата фаза на истражувачкиот процес за проектот „Архиви на невидливите""*, допис од 25 август 2021

КОРИСТЕНИ ФОТОГРАФИИ

Користените фотографии се од „Илустрација Илинден“
http://www.dlib.mk/handle/68275/548 CC BY-NC-ND 3.0

1. Захарија Шумљанска како просветна работничка
   Год. 10, кн. 3 март 1938, стр. 9
2. Просветни работнички и везилки на востанички знамиња од Крушевско: „Фотинка Петрова, Аспасија Димева Јакимова, Анета Спирова, Сп. Олчева, Василка Стефанова п. Христова“.
   Год. 12, кн. 6 (116, јуни), 1940, стр. 3
3. Марија Поп Георгиева Чернодринска актерка во претставата „Македонска крвава свадба“ (во улога на Цвета), на плакат од 1903 година. Артистка-аматерка, сопруга на Војдан Поп Георгиев Чернодрински, автор на битовата драма. „Госпоѓа Н. М. Чернодринска“.
   Год. 8, кн./бр. 3-4 (73-74), стр. 9
4. „Донка Ставрова - комитката“
   Год. 9, кн./бр. 8 (88), 1937, стр. 11
5. Тана Василева Кировска
   Год. 9, кн./бр. 8 (88), 1937, стр. 11
6. „Мис Елена Стон“
   Год. 5, бр./кн. 9-10 (49-50), 1933, стр. 25
7. Магда Гонова
   „Гоно Бигинин, Кукушки војвода, со сопругата, четничката Магда Гонова“.
   Год. 6, бр./кн. 7 (57), 1934, стр. 15
8. „Баба Калија Т. Кукаровска од Крушево“
   Год. 5, бр./кн. 4 (54), 1933, стр. 5
9. Сребра Апостолова Ушлиновска од селото Лера, Битолско.
   Год. 9, кн./бр. 8 (88), 1937, стр. 11; Год. 14, кн. 2 (132, февруари), 1942, стр. 5
10. „Македонски жени на селска чешма“
    Год. 5, бр./кн. 5-6 (55-56), 1933, стр. 17
11. „Сцена од драмата „Македонска крвава свадба“ - грабењето на Цвета“ Чернодринска во улога на Цвета
    Год. 8, кн./бр. 3-4 (73-74), насловна страница



Биографии на автор(к)ите

Нада Бошковска Лајмгрубер е редовна професорка на Катедрата за источноевропска историја на Универзитетот во Цирих. Таа има истражувано и објавувано теми за Русија, пред ерата на Петар Велики, со особен осврт кон социјалните и родовите аспекти. Нејзината книга „Жената во Русија во 17 век“ (Die russische Frau im 17. Jahrhundert, Köln: Böhlau 1998) доби широко внимание. Во последните години, во центарот на нејзините истражувања се Балканот и особено, историјата на Југославија. Има работено истражувања за последните години на османлиската власт и објавено книга за Македонија во рамките на Југославија во периодот 1918 – 1941 (Das jugoslawische Makedonien 1918–1941. Eine Randregion zwischen Repression und Integration, Wien: Böhlau 2009). Авторка е и на неколку научни статии за периодот помеѓу двете светски војни и за транзициските периоди кои следеле.

Ивана Хаџиевска е историчарка и независна истражувачка. Се стекнала со научна титула магистер на историски науки на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ). Добитничка е на наградата „26 јули“ од Фондацијата Франк Харкорт Манинг од Велика Британија, која се доделува за студент на генерацијата (2018) и на Признанието за високи достигнувања во образованието (2019) кое го доделува Ректоратот на УКИМ. Нејзиниот истражувачки интерес е специјализиран во полињата социјална историја, историја на жените и политики на меморијата.

Јана Коцевска дипломирала на Институтот за етнологија и антропологија во Скопје. Работи во Здружението за промоција на женската активност „Тиииит! Инк“ и е една од основачките на феминистичкиот фестивал „Прво па женско“. Исто така, таа е една од основачите на ЦИНИК – Центарот за истражување на национализмот и културата. Соработничка е на скопскиот Викенд на гордоста и на КРИК – Фестивалот за критичка култура во Скопје, во организација на Контрапункт. Теми од интерес во нејзината работа се родовата еднаквост, културните политики и човековите права.

Здравко Стојкоски е дипломиран професор по историја. Има магистратура од областа на културолошките студии во книжевноста. Предавал Историја и Граѓанско образование во основно и во средно училиште. Моментално работи како кустос-историчар во Националната установа Музеј на Република Северна Македонија – Скопје. Учествувал во повеќе проекти, конференции, семинари и обуки во Македонија и во странство. Има објавено стручни трудови, книги, есеи и критики во научни и во литературни списанија.

Мања Величковска (р. 1995) е компаратистка, уредница и млада истражувачка. Дипломирана е на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, а сега го пишува својот магистерски труд од областа на естетиката, на Катедрата за филозофија на истиот универзитет. Работи во Коалиција МАРГИНИ како програмска асистентка. Волонтирала во издавачка дејност и соработувала во реализацијата на неколку домашни културни фестивали. Од 2018 година е активна членка на регионалната група на критичарки „Pobunjene čitateljke”, а од 2021 е потпретседателка ЈАДРО – Асоцијацијата на независната културна сцена.

Фросина Крушкаровска (1992) е книжевничка. Дипломирала на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Од 2019 е помлада уредничка во издавачката куќа Темплум и коуредничка и преведувачка на порталот за култура „Окно“. Коорганизаторка на скопскиот книжевен фестивал за мали фикции „Друга приказна“.

Марина Мијаковска е доктор на филолошки науки и работи како виш библиотекар. Пишува поезија, проза, есеистика, литературна критика и научни трудови. Дипломирала и магистрирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје. На истиот универзитет се стекнала со докторска титула. Мијаковска од 2013 година е членка на Друштво на писателите на Македонија. Учествувала на многу меѓународни книжевни манифестации во земјава и во странство. Добитничка е на неколку книжевни награди во земјава и во странство, меѓу кои и наградата „Даница Ручигај“ при Друштвото на писателите на Македонија (2019).

Билјана Котевска е координаторка на истражувања во Институтот за европски истражувања – Скопје. Во изминатите 15 години работела како истражувачка во областа на политиките, во организации на просторот на Југоисточна Европа, како експертка и консултантка во меѓународни организации (ЕУ, Совет на Европа и ОБСЕ); и во невладини организации за човекови права, вклучувајќи еднаквост и недискриминација; родова еднаквост; економски, културни и социјални права национални човекови права; малцински права, како и национални институции за човекови права. Д-р Котевска се стекнала со докторат по право на Школата за право на Универзитетот на Кралицата во Белфаст (Обединето Кралство), од областа на интерсекциските нееднаквости во постјугословенскиот простор. Има добиено индивидуални истражувачки грантови, помеѓу кои и стипендијата Чивенинг на Канцеларијата за странство и Комонвелтот на Обединетото Кралство.



„Пред вас е работата на мала група истражувач(к)и во својата рана кариера, кои за своја мисија во оваа книга си поставија да насочат светлина кон помалку видливите во историјата и со тоа да ги направат видливи. Постојат повеќе групи што остануваат невидливи или во сенка на историската светлина: тие групи биле маргинализирани во своите општества, не создале многу свои пишани дела и најчесто биле одминувани од оние коишто ги формирале официјалните дискурс и историографија. Може да стане збор, на пример, за маргинализирани општествени групи или за дискриминирани малцинства.

Во нашиот случај, оние кои се невидливи ни доаѓаат од сите општествени слоеви, и во никој случај не се малцинство: книгата е посветена на македонските жени кои живееле во периодот помеѓу двете светски војни... Проектот врз којшто е базирана оваа книга е еден од серијата слични проекти во регионот што се фокусираат врз историјата на жените. Неговата цел е да ги комуницира пронајдоците, не само со научната заедница туку и со пошироката заинтересирана публика. За жал, пандемијата предизвика промена на оригиналниот концепт.

Како што работата во архивите и библиотеките стана отежната и скоро невозможна, тимот реши да се фокусира врз материјали достапни во дигитална форма. Оттаму, се праќа и порака дека за истражувачите станува целосно посакувано периодичните извори и печатот што се издавал на територија на Вардарска Македонија во периодот 1918–1941 година да се истражува поинтензивно. Овие извори се делумно дигитализирани, но потребно е да се продолжи со процесите на дигитализација со цел тие да бидат подостапни за истражувачки цели. “

од предговорот
на Нада Бошковска

nevidliviarhivi.mk